**УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА :***

# ЕТИОЛОГИЈА НА ФОРМИТЕ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И НИВНАТА ПРЕВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МЕНТОР**,
ПРОФ. Д-Р.МИТКО КОТОВЧЕВСКИ

**ИЗРАБОТИЛ**,
НАЈДОВА СТАНКА

**СКОПЈЕ,** 2012 ГОДИНА

# С О Д Р Ж И Н А

*Вовед* ........................................................................ 5

***1.Поим на организиран криминал*** ........................................ *8*

*1.Различни пристапи кон дефинирањето на поимот организиран криминал*................................................................................................ *8*

*1.1. Службена дефиниција*.......................................................................... *13*

*1.2.Дефиницијата на организираниот криминал на Конвенцијата од Палермо*................................................................................................ *15*

*1.3.Дефинирањето на организираниот криминал врз основа на влијанието на глобализацијата на светскиот пазар*............................ *17*

***2.Поделба на организираниот криминал***.............................................. *20*

*1. Шематска разработеност на организираниот криминал*.................................................................................................. *20*

*1.1 Модели на организираниот криминал* .............................................. *25*

*1.1.1. Нивоа на организираниот криминал*................................................ *25*

*А. Криминална група* ............................................................................ *25*

*Б. Заштитници* ...................................................................................... *28*

*В. Специјализирани поддражувачи*...................................................... *28*

*Г. Подржувачи меѓу корисниците* ....................................................... *29*

*Д.Подржувачи во општеството*............................................................ *29*

*1.2. Традиционално организирана криминална структура* .................... *30*

***3. Етиологија на формите на организираниот криминал во Република Македонија и во светот***.............................................. *32*

*1. Форми на организиран кримнал................................................................ 32*

*1.1.Корупција и организиран криминал.......................................................... 37*

*1.1.1. Корупција во Република Македонија...................................................... 42*
*1.1.2. Фактори на корупција ........................................................................ 45*

*А. Политички фактор........................................................................ 45*

*Б. Економски фактор....................................................................... 46*

*В. Правен фактор............................................................................ 47*

*1.1.3. Меѓународен аспект на корупцијата ............................................... 49*

*2.1.Перење пари........................................................................................... 52*

*2.1.1. Тековни трендови во перењето пари................................................... 58*

*2.1.2. Процесот на перење пари.................................................................. 58*

*3.1. Трговија со луѓе.................................................................................. 60*

*3.1.1. Етиологија........................................................................................ 60*

*3.1.2. Етиолошко значење на синтагмата трговија со луѓе............................ 63*

*3.1.3.Трендови на трговија со луѓе............................................................. 64*

*3.1.4 Ефикаснатa стратегија за борбата против трговија со луѓе.................................................................................................... 67*

*4.1. Трговија со дрога.................................................................................. 70*

*4.1.1. Дрогата и насилниот криминал.......................................................... 73*

*(хоризонтален тероризам)*

*5.1. Шверц.................................................................................................. 75*

*6.1. Кражба и шверц на автомобили........................................................... 76*

*7.1. Трговија со човечки органи.................................................................. 77*

*8.1. Коцкање............................................................................................... 79*

*9.1. Фалсификување пари и знаци за вредност............................................ 80*

*10.1. Шверц на нелегални производи ........................................................ 81*

*11.1. Шверц на скапоцени камења и злато................................................... 82*

*12.1. Лихварство......................................................................................... 83*

*13.1. Недозволена трговија со оружје и муниција ....................................... 84*

*14.1. Кражба и шверц на предмети со историска и културна вредност.........................................................................................................88*

*15.1. Криминал на белите јаки..................................................................... 90*

*16.1. Организиран економски криминал........................................................ 92*

*17.1. Еколошки криминал* ... 93

*18.1. Компјутерски криминал* ... 94

**4. Превенција на организираниот криминал во РепубликаМакедонија** ... 102

*.1. Превенција на организираниот криминал* ... 102

*1.1. Модел на „ добра практика„* ... 105

*2.Национална стратегија за превенција на организиран криминал во Република Македонија* ... 108

*2.1. Специјални органи за откривање и гонење* ... 109

*2.2. Превенција на перење пари во Република Македонија* ... 112

*2.3. Превенција за борба против трговија со луѓе во Република Македонија* ... 115

*2.4. Превенција за борба против корупција во Република Македонија* ... 119

**5. *Опасноста од организираниот криминал за националната безбедност на државите во современиот свет*** ... 122

*1.1. Република Македонија и група на држави за борба против корупцијата - ГРЕКО* ... 128

*1.2.Препораките од ГРЕКО за Република Македонија* ... 129

*З а к л у ч о к* ... 131

*Прилози* ... 136

*Библиографија* ... 153

## *Преглед на кратенки*

**NCIS-** национална служба за криминално разузнавање
**ICG-** меѓународна кризна група
**FBI -** федерално истражно биро (federal burea of investigation)
**EU-** Европска унија
**SE-** Совет нс Европа
**IOM -** Меѓународна организација за миграција
**NPD -** Намалување на побарувачката на дрога
**NSD -** Намалувањето на снабдувањето со дрога
**RSOS-** Претседателска комисија за организиран криминал
**AML -** спречување на перење на пари
**НВО-** невладина организација
**МТСП-** Министерство за труд и социјална политика
**МВР-** Министерство за внатрешни работи
**МО-** Меѓународна организација
**ЕЛС-** единици на локалната самоуправа

# ВОВЕД

Темата на која е посветен овој труд е доста интересна, бидејќи за проучување на организираниот криминал и неговите форми кои се општествени штетни имаат високо ниво на адаптација жилавост и истрајност. За поцелосно и посуштинско следење на етиолошките карактеристики на организираниот криминал , логично е на почетокот да се изврши „ скенирање„ на општите етиолошки карактеристики на организираниот криминал со цел да се детектираат причините кои може да бидат пресудни за дејствувањето на организираниот криминал во државава. Проучувајќи ги различните пристапи кон дефинирањето на организираниот криминал, посебно онаа дефиниција од Конвенцијата во Палермо за организиран криминал на ООН од 2000 година која стапи во сила 2003 година. Конвенцијата се применува на следниве транс национални дела: корупција , перење на пари , опструкции на правдата и.т.н.

Понатаму ќе ја проучиме поделбата на организираниот криминал , неговите модели и неговата традиционална структура и.т.н.

Продлабочувајќи го научни истражувања ќе навлеземе во формите на организираниот криминал бидејќи тој претставува сериозна закана за општествениот , политичкиот , стопанскиот и социјалниот развој како и за безбедноста и стабилноста на земјата. Како форми ќе ги проучиме корупцијата, перењето пари, трговијата со луѓе, трговијата со дрога , шверцот, коцкање, трговија со човечки органи, фалсификување на пари и знаци, лихварство , криминал на белите јаки, еколошки криминал, недозволена трговија со оружје и муниција , организиран економски криминал, компјутерски криминал.

Карактеристично за организираниот криминал е и неговата висока специјализираност во поодделни области и новите форми на инвестирање на „ валканиот капитал „ легалните индустрии со што се создава еден нов индустриски комплекс т.н. „ криминална индустрија„ или „ индустрија на криминалот„.

Колкава е финансиската моќ на организираниот криминал денес во светот говори и податокот дека илегалната трговија со наркотици се смета за втора најголема индустрија во светот. Остварениот профит на организираниот криминал на определени криминални групи е поголем од националниот доход на голем број земји.

По сите горчливи повекегодишни искуства, темата на организираниот криминал на голема врата влегува во политичката и во публицистичката реторика . Нема политичка партија , политичар , институција, кои во својата програма не вклучуваат „ мерки за борба против организираниот криминал„ , тоа е постојана преокупација на медиумите и.т.н. Но, објективните оцени од страна ( НАТО, СЕ, ЕУ) се на линијата на несомнениот заклучок дека борбата против организираниот криминал и против корупцијата како негов придрзок ни оддалеку не ја надминала првата корисна , но не многу плодотворна реторичка фаза.

Како одделни законодавни потези во последниве неколку години се (усвојувањето на Законот за спречување на перењето пари од 2001 година и Законот за спречување на корупцијата од 2002 година), каде што е направен значаен чекор кон создавањето на потребната правна рамка , усогласена со современи законодавства и со меѓународните норми и стандарди за поефикасно спречување на организираниот криминал. Не постои ни едно сериозно научно истражување за феноменологијата и за етиологијата на организираниот криминал кај нас , ниту една издржана иницијатива во Собранието на Република Македонија за осмислување на национална стратегија и за преземање на ефикасни мерки на превенција и на репресија и.т.н. За нас не е ни најмалку утешно тоа дека не е многу подобра ситуацијата ни во другите европски држави (да не зборуваме за нашите соседи ). Заради споредба , Германија започна да се занимава со овој проблем дури во втората половина на деведесеттите години. Слична е состојбата и во другите европски држави во кои сознанието за ендемската природа на организираниот криминал и на корупцијата во последнава декада го потикна бранот на казнено-прани реформи во правец на инкриминирање на злосторничкото здружување , корупција , перење пари, прифаќање на обедначени дефиниции на тероризмот и.т.н. Потврда за

ваквото задоцнето отрезнување е несомнено , усвојувањето дури во 2000 година на најважниот меѓународен инструмент- Конвенцијата на ООН за спречување на транснационалниот организиран криминал ( Конвенција од Палермо) што е реакција на слабите и на не координираните активности на државите во конципирањето и во примената на конзистентна и превентивна и репресивна стратегија за борба против опасност од организираниот криминал за зачувување на националната безбедност .

На глобален план организираниот криминал претставува сериозна безбедносна закана со висок интензитет и огромна жестокост на дејствување . Организираниот криминал претставува сериозна опасност за развиените земји но, уште посериозно ги разорува државите во транзиција и постранзиционите држави. Организираниот криминал како понов општествен и безбедносен феномен , денес претставува една од најопасните безбедносни закани за економската , социјалната но, и за политичката стабилност и сигурност на државата на национално ниво , а на глобално ниво и за целокупната мегународна заедница.

На крајот на овој труд ќе ја разработеме превенцијата од формите на организираниот криминал , зошто таа е важен сегмент во криминалната политика на секоја држава . Главното подрачје преку кое организираниот криминал ги остварува своите непосредни и посредни цели е економското подрачје. Следното подрачје на превенција што е непосредно поврзано со самата природа на организираниот криминал ( моќта, покрај профитот) е подрачието на инволвирање во политичките односи или воопшто во сферата општественото влијание и политички или економскиот морал.

Во Република Македонија како превентивни мерки се преземени со донесување на Законот за перење пари , потоа Законот за спречување на корупција. Процеси кои се многу битни за намалување на криминалот и за успесшен развој на државата во правец на зголемување на финансиската дисциплина и намалување на сивата економија како значаен чекор кон приближување на законската регулативе кон барањата на Европската унија и меѓународните финансиски институции.

# ГЛАВА ПРВА

# ПОИМОТ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

## 1. РАЗЛИЧНИ ПРИСТАПИ КОН ДЕФИНИРАЊЕТО НА ПОИМОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

„Камен на сопнување „ на кој било пристап - криминолошки , казнено правен, мегународно правен и.т.н. кон организираниот криминал претставува неговото дефинирање, согласност за основните елементи што ја сочинуваат неговата структура.

Дефинирањето на поимот организиран криминал има денес особено значајна криминално-политичка функција: поставување на казненоправна рамка за прпопрционален одговор на се потешките и поорганизирани облици на криминал со подигање на ефикасноста на мерките на превенција на откривање и на гонење. Во таа смисла , организираното дело е честа и „ нормална „ форма на криминал. Тоа е едната крајност на поедноставување на поимот организиран криминал . Од друга страна , претставува , исто така , претерување во идентификување на овој поим исклучително со дејствувањето на посебно структурирани криминални организации од типот на „мафија„.

На Неаполската конференција за транснационалниот организиран криминал од 1994 година е прифатена всушност дефиницијата што го следи американскиот модел . САД имено во 1970 година имаат усвоено посебен закон за контрола на организираниот криминал во кој наместо единствена дефиниција се наброени казнени дела што го чинат овој поим (дескриптивна дефиниција). Сличен е пристапот на Калифорнискиот Закон за контрола на профитот од организираниот криминал од 2009 година ; под организиран криминал се подразбираат казнени дела извршени од страна на злосторничко здружение , како што се делата во врска со наркотични дроги , проституција и.т.н.

Сваќањата на американските криминолози се потпираат врз дефиницијата што ја постави *Т. Селим* со нејзина натамошна разработка. Според *него организираниот криминалитет треба да се доведе во врска со деловното претприемништво (бизнис) организиран со рационално поставени цели за прибавување на економска добивка (профит низ илегални активности).* )*1

Мошне е интересен пристапот на Ianni , според кого организираниот криминал е интегрален дел од американското општество што ги спојува потрошувачите на определени добра и услуги, дефинирани како илегални , и организациите на поедници што произведуваат или што нудат такви добра и услуги и ги корумпираат јавните службеници заради нивна заштита и заради остварување на профит. )*2

Во канадската литература *Porteous* го смета организираниот криминал за економски мотивирана незаконска активност преземена од група или од друга асоцијација што се состои од два или повеќе поединци независно дали формално или неформално организирани што има негативни последици врз економијата и врз другите општествени сфери.)*3

Слични се дефинициите и на авторите од другите географски подрачја . Така според бразилскиот автор *Zaluar*, под организиран криминал треба да се подразбере сет од активности на мрежа кој има компоненти на економско претпријатие , односно ги повторува своите активности и чијашто цел е остварување на профит со користење на различни методи својствени за односите во криминалното подземје.)*4

За германскиот автор *von Lampe* поимот на организираниот криминал е прашање на конвенција ( тоа е облик на криминал што ќе се договориме да го означиме како организиран) . Тоа значи јадро на овој поим е комплексната криминална организација што користи насилство и

)* 1 АРНАУДОВСКИ Љ., „ Репресијата во функцијата на превенцијата на организираниот транснационален криминалитет „ Темпус , Едиција организиран криминал , Проект на програмата -2 Темпус и Карде , Скопје, 2002 година

)*2 The Use of Models in the Studi of Organized Crime, http://people . freenet.de/kvlampe

)*3 organized Crime and the 21 st Century Seminar , Centre for Criminologu, The university of Hong kong 2007, http://www.crime.hku.hk

)*4 Definitions of organized Crime, http://www.organized-crime.de/ OCDEF

корупција заради воспоставување контрола над нелегални пазари и легални институции.)*5

Во грчката литература Courakis ја застапува следнава дефиниција : криминална активност извршувана системски тим од хиерарсиски структуиран тим од криминалци кој користи корупција или примена на насилство заради остварување на нивните илегални цели.)*6

Италијанските автори поаѓаат од различни дефиниции . Ruggiero смета дека организираниот криминал прилега на економско претпријатие со вертикална структура и поделба на планирањето и на извршувањето на задачите на членовите на организацијата.)*7

За една од најпопуларните дефиниции за организираниот криминалитет се смета онаа на Х. Абадински )*8 според која организираниот криминалитет може да се одреди како *неидеолошка дејност која вклучува голем број лица во тесна општествена интеграција организирани на хиерархиска основа со цел стекнување на профит и на моќ во водењето нелегални или законити активности кои што релативно со мал ризик обезбедуваат висок профит.*

Според положбата (хиерархиската структура ) , позициите се заземаат врз база на сродство или врз рационални критериуми во согласност со способностите што поединецот ги поседувал. Само така може да се опстане во активна интегрална целина и да се остварат високи профити како основна цел.

Според Scehelling)*9 , разликите помеѓу *обичните криминални активности*- кои можат да бидат високо организирани - и „ *организираниот криминал*„ е тоа што организираниот криминал настојува да оствари управување и контрола со целокупната економска структура на подземјето.

)*5 The Use of Models in the Studi of Organized Crime, http:/www./people . freenet.de/kvlampe

)*6 Hunt Thomas , is there A Mafija? (2002), http://www. onewal.com/maf

)*7 Славевски Т., Организираниот криминал и корупцијата . економски аспекти , научен проект на Правен факултет Скопје, 2005 година.

)*8 Derencinovic , D., Mit ( ( o) korupcija ) . NOCCI . Zagreb, 2001 godina

)*9 Славевски Т., Организираниот криминал и корупцијата , економски аспекти , научен проект на Правен факултет Скопје, 2005 година.

Според него , овој криминал почива на два постулате. Прво настојување за обезбедување на ексклузивитет односно монопол. Второ, воспоставување на правило кое бара организирана употреба на насилство , било преку закана или со преземање на конкретни акции а сето ова не само цел да се извлечат финансиски сретства од нелегалните претпријатија туку и да се наметне монопол на насилство во дадена област.

Varese истакнува дека под овој поим не се мисли на „криминал кој е организиран „ , така што ако тројца разбојници што заеднички го извршуваат делото не може да се квалификуваат како организирана криминална група . За организиран криминал може да се зборува тогаш кога таа група настојува да завладее со подземјето (како што смета Shelling), односно да има монопол над производството и дистрибуцијата на определени добра и услуги .)*10

Во полската литература Plywaczewski го застапува стојалиштето според кое под овој поим треба да се подразбере активност на криминална група организирана заради остварување на профит преку различни казнени дела со користење на насилство на уцена или на корупција и со цел за вклучување на криминални профити во легалната економија.)*11

Според *Бошковиќ* содржината на овој поим опфаќа организирано криминално дејствување со цел за стекнување противправна имотна корист и остварување профит, но под овој поим се подразбираат и оние облици на организирано криминално дејствување каде што криминалната организација успеала да воспостави определени врски со државата и со нејзините органи. Поаѓајќи од таквиот потесен поим овој автор го дефинира организираниот криминал како активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархиска, дисциплина, одговорност, лојалност, и поделба на задачите , чијашто цел е остварување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнатиот имот, благодарејќи на достигнатиот степен на општествен

)*10 Камбовски, В. „Организиран криминал„ , Скопје, 2005 година „ 2-ри Август „ Штип стр.37

)*11 The Use of Models In the Studi of Organized Crime, http://www.people . freenet.de/kvlampe

углед, било врз основа на пробив на структурите на власт или на воспоставените врски со органите на власта, државните органи , легалните деловни стопански субјекти и влијателни политички партии и странки.)*12

*Шкулич* прифаќа комплексна дефиниција : организираниот криминал, е појава што се состои во вршење на казнени дела од страна на организирано криминално здружение; основен поим што треба да се дефинира е организираното злосторничко здружение, односно криминалната организација, додека сите дела што се вршат во рамките на тоа криминално здружение претставуваат дела на организираниот криминал.)*13

Дефиницијата што ја дава ФБИ )*14 , за организиран криминал гласи : *организиран криминал е секоја група со некој облик на формализирана структура чија што главна задача е добивање пари и илегални активности.* Овие групи ја задражуваат својата позиција со употреба на сила и закана со насилство, корупција на јавните службеници, изнуда и имаат значително влијание врз луѓето на некое подрачје или на целата држава.

Во современото законодавство понови дефиниции на организиран криминал се среќаваат и во законите на полицијата како што е Законот за полицициските овластувања и одговорности на австралиската држава Квинсленд од 2010 година што инволвира определен број лица и заедничко планирање и организација. Во законот ,пак на оваа држава за комисијата за спречување на криминалот од 2011 година содржана е уште поподробна дефиниција : криминална активност што се состои од тешки дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку седум години , учество на две или повеќе лица односно планирање и организирање или систематска и континуирана активност , со цел за стекнување профит , моќ или влијание .

Индискиот закон за контрола на организираниот криминал од 2010

)*12 Бошковиќ, Миќо , Организовани криминалитет, Први део, Београд 2005 год. стр.57

)*13 Karanivic, M.Pojam terorizam, JRKK / 2007godina, Beograd

)*14 Славевски Т., Организираниот криминал и корупцијата , економски аспекти , научен проект на Правен факултет Скопје, 1996 година.

година ја содржи следнава дефиниција : организираниот криминал е секоја континуирана незаконска активност на поединец , поединечно или здружен со други или како член на организиран криминален синдикат или во корист на таков синдикат , со употреба на насилство или закана за насилство или со друго незаконско сретство со намера за стекнување на материјална корист или на друга незаслужена економска или друга погодност за него или за друг или со поттикнување бунт.

## 1.1. СЛУЖБЕНА ДЕФИНИЦИЈА

Независно од еволуцијата во дефинирањето на поимот криминална организација , останува и натаму фактот на непостоење на позитивноправна дефиниција на самиот поим , на „организиран криминал„ кој не може едноставно да се идентификува со криминалната активност на организираната група. Со оглед на неговата комплексност , тешко може да се пронајде и поблиско упориште за таква дефиниција во определен вид или група казнени дела или посебните својства на сторителите како што се на пример случајот со поимите „ насилнички„ криминал , „ професионален„ криминал и.т.н .

Остануваат две други рамништан а неговото одредување :теоретско и операционално.)*15 Потребата од развивање на теоретскиот поим на организираниот криминал ја наметнува сознанието дека се работи за феномен во кој постои „нешто„ што е идентично со другите облици на криминална активност но, е сепак различно од нив , според начинот на извршувањето , заедничкото дејствување на повеќе извршители , остварувањето на криминалниот резултат, прикривањето на самите криминални активности и.т.н.и дека тоа „нешто„ застрашува со својата

)*15 Камбовски. В. „Организиран криминал„ , „ 2-ри Август , Штип, 2005 година „ стр.26

експанзивна моќ. Треба , значи тоа „малигно ткиво„ јасно да се идентифкува и да се осмисли соодветен превентивен и репресивен модел за неговото елиминирање.

Второто, операционално ниво на дефиницијата е поврзано со претходното и претставува одговор на потребата од конкретни превентивни и репресивни активности насочени кон определени облици на казнено дело. Не постојат , се разбира чисто операционални дефиниции зошто секоја таква дефиниција поаѓа од определено начелно стојалиште , поточно кажано и од определено ниво теоретска елаборација. Нивна заедничка црта со претходните е мотивираноста со потребата од примена на посебна превентивно- репресивна стратегија и мерки за неговото отстранување .)*16

Блиски на позитивно-правните се службените дефиниции на овој поим формулирани од различни државни тела за превенција и за контрола на организираниот криминал. Тие се поправо помеѓу позитивно правните и чисто теоретските дефиниции во голем дел детерминирани со вториве, што се првенствено во функција на поефикасно откривање и гонење на организираната криминална активност. Дефиницијата на организираниот криминал во најтесна смисла го комбинира дескриптивниот метод и методот на „сретство и цел„.Така, на пример Schuler со овој поим ги опфаќа следниве дела: кражба, транспорт и недозволена трговија со моторни возила; уцена и изнуда, посебно орентирана кон ресторани, барови и сл.; меѓународна трговија со дрога; создавање лажни фирми и друштва, посебно заради перење пари; „ трговија со бело робје„ со цел за проституција поткуп и корупција; и илегална трговија со оружје. )*17

Пописот на дела не е затворен , зошто според вториот критериум на „сретство и цел„ наместо обликот на делото, кој останува спореден, треба да се појде од заедничката цел, а таа секогаш се состои во профит и моќ. Притоа , економската добивка не е единствената цел на организираниот криминал, туку моќта и влијанието што со инфилтрирање во социјалните и државните институции служи како пат за остварување на таква цел.

)*16 The Use of Models in the Studi of Organized Crime, http:/www./people . freenet.de/kvlampe

)*17 Hunt Thomas , is there A Mafija? (2009), http://www. onewal.com/maf

Тоа занчи дека како сретство за остварување на целта може да послужи и некое друго дело: убиство измами, фалсификување пари , даночно затајување и.т.н.

Организираниот криминал ги има според овој автор следниве три карактеристики: *ӣрво*, во основа тоа е економски криминал кој од класичниот економски криминал се разликува по криминалната намераи по инволвирањето на некриминални партиципиенти во економијата, каков што е примерот со големите банки кои свесно партиципираат во лукративните трансакции на перење пари („парата нема мирис,,).

*Вӣоро* , сретствата , условите и околностите што се користат за остварување на целите кај организираниот криминал се мошне, комплексни, променливи и однапред непредвидливи. *Треӣо* , користење на насилство е дел од арсеналот но, со модернизација на сретствата и методите на организираниот криминал насилството станува се понекорисно и им отстапува место на пософистицирани методи.)*18

## 1.2 ДЕФИНИЦИЈАТА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ НА КОНВЕНЦИЈАТА ОД ПАЛЕРМО

Изложените разлики во концептуалните пристапи и теоретски дефиниции се ублажени , иако не и отстранети со дефиницијата на Конвенцијата за транснационален организиран криминал на ООН од 2000 година ( Конвенцијата во Палермо) , која стапи во сила во 2003 година . Конвенцијата се применува на следниве транснационални дела: сериозни дела, корупција, перење пари и опструкција на правдата , извршени од организирана криминална група. )*19

Според член 2 на Конвенцијата , под „ организирана криминална група,, се подразбира структуирана група од три или повеќе лица , која постои за

)*18 Hunt Thomas , Is there A Mafija? (2009), http://www. onewal.com/maf

)*19 Камбовски, В. „Организиран криминал,, 2-ри Август „ Штип 2005 год. стр.42

определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела или дела определени со Конвенцијата заради остварување директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист. Како сериозни дела се третираат делата за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години. )*20

Како „ структурна група„ се смета групата што не е случајно формирана за моментално вршење криминал и што не мора да има формално дефинирани улоги на нејзините членови , континуитет во нејзиното членство или развиена структура.

Сепак со Конвенцијата е дадена една „ минимална дефиниција„ , што инаку вообичаено во меѓународните договори во кои се поаѓа од барањето за минимален консензус за прашања за кои постојат голем број разлики.

Таа е ограничена прво на транснационалните облици на организиран криминал што по дефиниција претпоставуваат присуство на странски, односно меѓународен елемент: извршување на делото во две или повеќе држави во кои се преземени различните дејства од страна на организираната група.)*21

Можеме да заклучиме дека Конвенцијата обврзува на прифаќање на обеднаечна дефиниција на организиран криминал , инкрминирање на определени негови облици и соработка во нивното спречување само во однос на транснационалните облици на организиран криминал.

)*20 Камбовски, В. „Организиран криминал„ 2-ри Август „ Штип 2005 год. стр.43

)*21 Камбовски, В. „Организиран криминал„ 2-ри Август „ Штип 2005 год. стр.44

# 1.3. ДЕФИНИРАЊЕТО НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВРЗ ОСНОВА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА СВЕТСКИОТ ПАЗАР

Примарната одговорност на Националната служба за криминално разузнавање (NCIS) во Велика Британија се однесува на анализа на разузнавачките податоци за организираниот криминал. Оваа служба (NCIS 2005) објаснува дека организираниот криминал има четири атрибути:

1. Организирана криминална група што се состои од најмалку тројца луѓе;

2. Криминалната активност на групата е постојана и во неопределено траење;

3. Групата е мотивирана со желба за стекнување профит или моќ; и

4. Групата врши сериозни криминални престапи;)*22

Ова е многу поинакво гледиште за организираниот криминал од она што традиционално го користат агенциите за спроведување на законот. Но, таквиот став ги одразува реалностите на променливиот незаконски пазар. Пред да ги испитаме елементите на оваа нова дефиниција на организираниот криминал , важно е да разбереме какво е влијанието на глобализацијата светските пазари врз организираниот криминал.

Глобализацијата е исклучително сложена тема . Но, кога го гледаме организираниот криминал можеме да забележеме две главни влијанија врз неговите активности и врз неговата структура. Најпрво , наместо дискретни локални пазари на производи и услуги , сега имаме еден единствен глобален пазар. Со помош на новите компјутерски и комуникациски технологии , проширените услуги за масовен воздушен транспорт и моменталните услуги на електронско банкарство, нелегалните производи и услуги можат да се понудат не секое место во светот. Нелегалното производство на овие производи и услуги може исто

)*22 Definitions of organized Crime, http://www.organized-crime.de/ OCDEF

така да се одвива насекаде во светот. Легалните пазари се добар пример за тоа.

Второ , важно да се разбере дека влијанието на глобализацијата не е исто на сите места во светот. Растот на глобализираната економија не е рамномерен. На пример, голем број земји кои денес зависат од извозот на земјоделски производи беа сериозно погодени од падот на цените во моментот кога нивните економии се глобализираат.

Слично на тоа и производството на суровини е многу поевтино во некои области во светот отколку во други . Според , тоа организираниот криминал и легитимните деловни активности можат многу поевтино да ги произведуваат своите производи и да ги даваат своите услуги ако имаат поширок меѓународен дострел. Во исто време економскиот раст не е стабилен ниту во индистријализираните земји. Внатрешните градови и региони кои се поврзани со постарите форми на индустриско производство беа сведоци на голема невработеност , растечка сиромаштија и економска изолација. Доброплатените работни места ја напуштија земјата и без заменети со работни места во нископлатените услужни дејности. Од друга страна приходите и богатствата енормно се множат во некои други делови од овие земји драстично ја зголемуваат побарувачката на нелегалните производи и услуги што ги обезбедува организираниот криминал , особено во индустриите што се поврзани со дрога и трговија со луѓе.

Приспособувајќи се на овие економски промени, организираниот криминал се поместува од традиционалните криминални активности, какви што се изнудувањето пари , кон понови форми и ја засилува својата улога во други активности. На пример, во глобализираниот свет се појавува голема побарувачка на луѓе и артикли. Жителите од областите во кои глобализацијата ја уништила економијата или некоја војна им го загрозува животот се селат во по надежните општествени клими во Европа и во САД.

Имигрантите се селат од Мексико во САД , од Северна Африка во Шпанија и во Франција и така натаму. Голем дел од оваа имиграција е нелегална. Организираниот кримнал заработува на разни начини. Тој им обезбедува шверцерски услуги на илегалните имигранти. Обезбедува

илегална работна сила за продавниците и фабриките. Ги користи имигрантите како шверцери и обезбедува жени и деца за нелегалната трговија со сексуални услуги. Жените се шверцуваат преку меѓународните граници за проституирањето , а честопати се користат и како пренесувачи на дрога при нивниот транзит. Туристите се шверцуваат преку меѓународните граници за сексуални односи со деца.

Нестабилниот политички свет што се создал во времето на подемот на глобализацијата создал и големи пазари за илегална трговија со оружје. Организираниот криминал обезбедува лесно и тешко вооружување за конфликтите во Источна Европа , на Блискиот Исток во Африка и во Азија , честопати ги снабдува и двете страни во конфликтите , а наградата понекогаш ја наплаќа во дрога. Самото шверцување на дрога станало лукарство со слабеењето на меѓународните граници и со поевтинувањето на транспортот. Организираниот криминал во новата глобализирана економија може поевтино да ги купува суровините (листови од кока , булки од опиум и.т.н.), а готовиот производ ( кокаин и хероин) да го продава на богатото население по повисока цена и во поголеми количества од кога и да било порано. Деловната активност во глобализираната економија е многу поволна за организираниот криминал . Се проценува дека нелегалната трговија изнесува приближно 10 % од целата меѓународна трговија . Но, за да ги искористи овие можности организираниот криминал мора да се структурира за да одговара на глобалниот пазар.

# ГЛАВА ВТОРА

# ПОДЕЛБА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

## 1. ШЕМАТСКА РАЗРАБОТКА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Карактеристично за организираниот криминал е и неговата висока специјализираност во подделни области и новите форми на инвестирање на „ валканиот криминал„ во легални индустрии со што се создава еден нов индустриски комплекс т.н. „ криминална индустрија„ или „ индустрија на криминалот„. Според ова , организираниот криминал можеме да го разгледаме во следнава шема.




Шематски приказ на поделбата на организираниот криминал )*23

)*23 Котовчевски М. , „Национална безбедност на Република Македонија „ 2 дел „ Македонска цивилизација „ - Скопје , 2000 година

Според неговата застапеност , можеме да го поделиме на :

-*локален* на ниво на локални организации кои ги контролираат поважните институции и органи на локално ниво (град , општина и сл.)

- *државен* на ниво на една држава кога делови од криминалната организација се инфилтрираат во државните институции и органи и работат за организацијата да оствари бесправен профит.

- *меѓународен* , кога активностите на криминалната организација не се задржуваат во една држава , туку преку вешто изградена , технички и човечки добро организирана остварува профит во глобални рамки.

Според криминалните дела кои се извршуваат , можеме да го поделимена :

- *илегален превоз на емигранти* - активност која е од меѓународен карактер , а ја изведуваат добро организирани понекогаш и вооружени групи но, најчесто жители од пограничните зони. Претставува особена опасност за внатрешната безбедност на државата во која се пренесуваат мигранти , заради честото пренесување на забранети сретства заедно со имигрантите. Ова е особено голем проблем за Република Македонја.

- *вооружени кражби* - активности кои најчесто ги изведуваат банди и помали вооружени групи со цел да дојдат до брза заработувачка.

- *подметнување пожар* - активност која ја изведуваат членови на некоја криминална организација , со цел заплашување на сопствениците на објектите заради уништување на конкуренција или заради „доброволно„ продавање на местото.

- *уцена* , побарување на разни услуги од високи државници со закана дека ќе соопштат на јавноста некој непријатен детал од нивниот живот.

- *поставување експолозивни направи* - најчесто ги изведуваат терористички групи кои сакаат да дојдат до „ донации„ за нивните илегални активности ослободување на нивни членови од затвор или пак промовирање на својата идеја за независност и слично.

Оваа активност беше применувана неколку пати во изминатите години во Република Македонија.

- *мито и корупција* - се јавува во форма на взаемна соработка изведување недозволена зделка под заштита на високи државници и заедничко

учество во поделба на пленот. Благодарните криминалци во таа смисла се јавуваат и како финансиери на одредени политички движења, а за возврат високо се рангирани во хиерархијата и имаат моќ да влијаат врз донесувањето на одлуки.

- *платено убиство* - го изведуваат поединци или мали групи за одредена материјална надомест , најчесто по нарачка на криминални организации , а со цел отстранување на опасен противник.

- *пиратство*- активност која на релативно лесен начин донесува голем профит , на сметка на непочитување на авторските права во издаваштвото ( книги, носачи на звук и особено компјутерски програми). Оваа активност е во постојан пораст во Република Македонија.

-*Производство и трговија со наркотични сретства*- претставува постоење на соодветна внатрешна организација на актерите со поделба на работите , тесна поврзаност со државните органи, особено со оние кои издаваат дозволи за увоз на стоки со црински органи и пограничн сили , поврзано со транспортните и шпедитерски организации како и развиена трговска мрежа за пласирање и растурање на шверцуваните дроги.

- *насилна исплата (рекет)*- нудење заштита под закана дека доколку ја одбие понудата чесниот бизнисмен ќе биде претепан убиен ќе му биде киднапирано детето , а имотот ќе му биде униште. Се врши од страна на добро организирани банди каде организаторот е стар и искусен криминалец познат по суровоста во криминалното подземје.

- *илегално коцкање* - забранета активност која се применува во илегални коцкарници каде се вртат големи , а не се плаќа данок на добивка.

- *инфилтрација на легитимен бизнис*- всушност претставува перење на пари, активност која ја користат сите организирани криминални групи со цел оправдување на нелегално стекнатите сретства.

- *измами со инвестиции* - претставува лажно декларирање за способноста на претпријатието вистинската вредност на акциите и сл.

- *лихварење* - претставува доста чест облик на криминал со кој се добиваат пари на заем со неприфатливи камати од законот. чест облик на нелегална заработувачка во Република Македонија.

- *перење на пари* - работење со пари на таков начин што се крие нивното потекло или вистинскиот извор.

- *убиства*- можат да бидат на членови од ривалска група , на сметки на внатрешна непослушност , случајни убиства и убиства на сметка на вршење на други криминални активности.

- *проституција* - претставува еден вид трговија со луѓе вршење сексуални услуги за одредена надомест. Во последно време оваа активност бележи пораст во Република Македонија.

- *неплаќање данок* - претставува активност која ја слабее државата на секаков начин. Токму затоа казните за оваа активност се едни од највисоките во правните системи на државите. Оваа активност кај нас е многу распространета, но законските регулативе сеуште не воспоставуваат дисциплина кај даночните обврзници особено од приватниот сектор.

- *криумчарење со оружје*- активност која носи извонредно голема заработувачка , особено после распадот на поранешниот СССР од каде може да се набави евтино оружје.

- *криминал на белите јаки* - претставува криминална активност на истакнат член на заедницата која се јавува како организатор но, никако и како извршител на одредени криминални активностикои кои носат профит.

Според начинот на изведувањето на криминалните акции:

- *вооружени* , претставуваат било какви криминални активности при кои се употребува оружје.

- *невооружени* , претставуваат било какви кримнални активности при кои не се употребува оружје.

- *комбиниран*, најчесто користени акции во кои доколку нема потреба оружјето не се користи но, тоа е секогаш при рака да се употреби.

# 1.1 МОДЕЛИ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Со текот на времето биле презентирани разни теории за организираниот криминал што би требало да им помогнат на научниците кои работат во општествените науки подобро да го разберат овој феномен. Секој од тие теории му пристапува на организираниот криминал на поинаков начин и нуди интересни согледувања за размислување и за изучување.

## 1.1.1. НИВОА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Во април 1986 година РСОС го дала својот конечен извештај во кој јасно ги објаснува нивоата на вклучување на членови и не членови во организираниот криминал. Во овие нивоа се вклучени криминалните групи , заштитниците , специјализираната поддршка подршка од страна на корисниците и општествената подршка.

### А. КРИМИНАЛНА ГРУПА

Кримналната група го претставува јадрото на единицата на организираниот криминал и е составена од лица кои користат криминални сретства и насилство и се подготвени да корумпираат други лица за стекнување на моќ и профит. Кримналната група се карактеризира со следниве карактеристики:

- *континуитет* - групата има одредена цел во текот на еден подолг временски период и се подразбира дека организацијата ќе продолжи да дејствува и по животниот век на поединечните членови. Оваа група прифаќа водството да може да се менува во текот на времето, дека нејзините членови работат во насока на обезбедување на континуитетот на групата и дека личните интереси на членовите им се потчинети на интересите на групата.

- *структура*- криминалната група е структурирана како хиерархиски уредени меѓузависни служби што се посветени на извршување на некоја специфична функција. Тоа значи дека групата може да биде или сложено структурирана како Ла Коза или исклучително флуидна, какви што се колумбиските наркокартели. Во секој случај , таа е организирана според рангови врз основа на моќта и авторитетот.

- *членство*- членството во криминалната група се темели врз некоја заедничка црта како на пример етничка припадност , раса, криминална историја или заеднички интереси. Потенцијалните членови на групата мораат да ја докажат својата лојалност кон групата. Во повеќето случаи членството наложува доживотна приврзаност. Меѓу правилата за членство се и тајноста , подготвеноста да се изврши некоја задача за групата и намера таа да се заштити. За возврат членовите имаат добивка од групата какви што се : заштита, престижот, можностите за економска добивка и што е најважно *чувство за припадност кон групата.*

- *крминалитет* - организираниот криминал како и секоја индустрија е во потрага по профит по должина на некои добро дефинирани линии. Криминалната група се потпира врз континуирана активност за генерирање на приходот. Некои активности како на пример обезбедување на нелегални производи и услуги директно создаваат приход; други активности на пример убиства и поткуп, се користат за обезбедување на способноста на групата да изнаоѓа пари и да стекнува моќ. Некои групи учествуваат во повеќе незаконски деловни активности, додека други своите напори ги ограничуваат на некоја конкретна криминална активност, како на пример шверцот на дрога. Голем број криминални групи учествуваат и во легитимни деловни активности кои им овозможуваат да ги филтрираат и да ги перат парите.

- *насилство*- насилството и заканата со насилство се интегрални сретства на криминалната група. И двете се користат како сретства за контрола и заштита на членовите и на не членовите кои се поврзани со заштита на интересите на организацијата. Од членовите се очекува да извршуваат да простуваат или да допуштаат извршување на насилни дејства . Кога интересите на организацијата се загрозени , обично се посегнува по

убиство. Насилството може да се искористии или за замолчување на потенцијалните сведоци или за казнување на некои луѓе како предупредување за други.

*- моќ и профит -* членовите на крминалната група се обединнети во работењето за моќта на групата која резултира со нејзин профити. Политчката моќ се постигнува со корупција на јавните службеници. Групата може да ја одржува својата моќ преку здружување со криминални заштитници.




*Извир :Претседателска комисија за организиран криминал (2009 година)*

## Б. ЗАШТИТНИЦИ

Меѓу заштитниците се вбројуваат јавните службеници , деловните луѓе , судите , адвокатите, финансиските советници и други кои поединечно (или колективно ) ги штитат интересите на криминалната група со тоа што ги злоупотребуваат своите овластувања. Како директен резултат на напорите на заштитниците , криминалната група е изолирана и од криминалните и од граѓанските , владини акции. Оваа компонента на организираниот криминал го претставува она што и полицијата и членовите на криминалната група го нарекуваат *раб* , упатувајќи на предноста што организираниот криминал ја има над легитимните деловни активности . Корупцијата , централната алатка на заштитниците , се потпира врз мрежа од корумпирани службеници кои ја штитат криминалната група од системот за гонење на прекршителите на законот.

Пример за ваква корупција е службеник задолжен за спроведување на законот кој им дава на шверцерите со дрога внатрешни информации за полициските истражувања. Друг пример е адвокат кој може да организира заплашување на сведоците што ги повикува државата за тие да ја сменат својата приказна. Сметководителите им помагаат на членовите на криминалната група така што го кријат нивниот приход во финансиските институции во коцкарниците и во деловни активности .

## В. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПОДДРАЖУВАЧИ

Криминалната група и заштитниците особено се потпираат врз вештите лица кои се познати како *специјализирана поддршка.* Овие лица на пример пилоти , хемичари , потпалувачи на пожари и киднапери обезбедуваат договорени услуги што ги олеснуваат активностите на организираниот кримнал. За разлика од членовите на криминалната група и на заштитниците , луѓето за специјализираната поддршка не

споделуваат некаква приврзаност кон целите на групата но, сепак се дел од организираниот криминал.

## Г. ПОДДРЖУВАЧИ МЕЃУ КОРИСНИЦИТЕ

Друга витална компонента во успехот на организираниот криминал е *поддршката од корисниците.* Оваа група е составена од лица кои ги купуваат нелегалните производи и услуги од организираниот криминал, како на пример корисници на дрога, патрони на обложувалници и прстени на проституција и луѓе кои свесно купуваат украдени предмети.

## Д. ПОДДРАЖУВАЧИ ВО ОПШТЕСТВОТО

Лица ( и организациите ) што и припаѓаат на групата за општествена подршка му придаваат моќ и перцепција на легитимност на организираниот криминал во целина и на конкретните членови на криминалната група. Како пример можат да се наведат политичарите кои измолуваат поддршка за припадниците на организираниот криминал , деловните субјекти кои деловно соработуваат со организираниот криминал , разни водачи во општеството и во зедницата кои ги канат припадниците на организираниот кримнал на разни општествени собири и луѓе кои организираниот криминал или неговите членови го претставуваат во поволна светлина.

Исто како што криминалната група е составена од членовите на криминалната организација така и лицата што и припаѓаат на секоја од овие категории треба да се сметаат членови и соработници на организираниот криминал. Без поддршка на сите наведени лица , организираниот криминал не би можел да просперира или да успее во општеството.

## 1.2. ТРАДИЦИОНАЛНО ОРГАНИЗИРАНА КРИМИНАЛНА СТРУКТУРА

Групите на организираниот криминал наликуваат на едноставна општествена организација или мрежа за социјална размена во заедницата. Моќта на организираниот криминал лежи во организационите квалитети на лабавото структурирање во флексибилноста и приспособливоста . Организираните криминалци имаат стратешки контакти со лица кои контролираат разни ресурси. Клучните фигури во организираниот криминал заземаат жаришни места во мрежите на општеството учеството што ги поврзуваат организациите во приватниот и во јавниот сектор и законските и незаконските активности.




(А) во центарот на секоја единица на организираниот криминал ( фамиглија ; семејство) е шефот (capo). нему му помага подшефот (sottocapo) и советник ( consigliere).
(Б) околу шефот се неговите клиенти , капетаните (caporegime)
(В) околу секој капетан орбитираат неговите клиенти најниските членови кои формално се иницирани во семејство ( солдати : ,, извршители,,)
- *членовиτе* дејствуваат како покровители на клиентите кои не се членови
- секоја *единица* е поврзана со другите семејства низ земјата преку главниот capo , шефот чиј суверенитет е признаен од другите шефови

# ГЛАВА ТРЕТА

# ЕТИОЛОГИЈА НА ФОРМИ НА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО СВЕТОТ

## 1. ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Организираниот криминал како понов општествен и безбедносен феномен , денес претставува една од најопасните безбедносни закани за економската , социјалната но, и за политичката стабилност и сигурност на државата на национално ниво , а на глобално ниво и за целокупната меѓународна заедница.)*24

За посебна етиологија на организираниот криминал тешко дека може воопшто да се зборува. Нема посебна етиологија за организираниот криминал затоа што тој е транцедентален поим, па оттука можеме да ја испитуваме етиологијата на посебните облици на криминал, кои што можат,но не морат да бидат организирани (крвни деликти, имотни деликти,финансиски криминал, комјутерски, корупција итн.) Посебна етиологија може да има смисла за сите видови и типови на криминал, чија што заедничка карактеристика произлегува од нивната комерцијална природа. Имено, иманентни карактеристики на организираниот криминал се стекнувањето на финансиска или друг вид материјална корист, како истекнување и/или одржување на веќе стеканата политичка и/или општествена моќ. Стекнувањето и/или одржувањето на политичка и/или општествена моќ не значи дека организираниот криминал има идеолошкипред знак, затоа што дури и тогаш сето тоа се прави со цел за создавање потпора, упориште во политиката за уште поголеми финансиски и друг вид материјални, противправно стекнати приноси, коишто преку политичката и/или општествената моќ ќе бидат

)*24 Котовчевски М., „ Етиолошки карактеристики на транснационалниот организиран криминал и корупцијата и нивното влијание врз националната и транснационалната безбедност „ . Скопје . 2009 година стр.403

заштитени од полициски и кривично-правен прогон. Ја наведовме исклучивата комерцијална природа на организираниот криминал, којашто овој поим целосно го дистинкцира од определени подвидови на класичниот криминал, како што се крвните деликти и сексуалните деликти, чиишто мотиви за извршување на кривични дела најчесто се од психопатски нагони, љубомора, завидливост, ниски побуди и други ирационални причини. Според тоа, условно кажано, посебната етиологија на организираниот криминал, ќе ја разгледуваме од аспект на неговата доминантна комерцијална природа, којашто е најслична со обичните облици на корупцијата, финансискиот криминал, целокупниот имотен и комјутерски криминал, трговијата со дрога, луѓе, оружје, перење пари, трговија со дрога, лихрарство , трговија со човечки органи, и сл.

Организираниот криминал не знае за граници. Криминалните организации настојуваат да се вградат во постојаниот систем. Тие влијаат преку свои луѓе во државните органи преку давање дозволи за крупни зделки.

Точни податоци за него тешко се прибираат но, очигледно е дека вакви појави има во сите земји па и во нашата ,а се користат разновидни сретства од она што се на граница на легалноста до отворени уцени, суровост, безобзирност , поткуп и сл. Поради интернационалниот карактер и лесната мобилност тие тешко се откриваат од органите на прогонот.

Форми на организиран криминал кој најчесто имаат таков карактер се: корупцијата, перење пари, трговија со опојни droги, трговија со луѓе, шверц со културни добра , злато, накит, цигари, алкохол, убиства по порачка, терористички агенции и.т.н.

Причини за оваа појава во Република Македонија се слични како и во другите земји во транзиција.

Трансформацијата на поранешниот систем доведе до ново социјално раслојување, зголемена невработеност вложени и несигурни услови за живеење и намерата одделни социјални групи да зафатат доминантни економски и политички позиции.

Тоа доведе до неадеквато реагирање на државните органи и институции , непочитување на законот губење на меѓусебна толеранција и појава на засилено поткупување и закани, како модел на однесување , кои во богатењето и профитот гледат доминантна реализација на модерните вредности.

Но, да видиме, зошто, воопшто постои,и од каде извираат причините за поврзаноста на организираниот криминал со корупцијата ?

Ексклузивниот одговор на ова прашање лежи во три нивоа на чинители од кои првото го сочинуваат **антрополошко-психолошките фундаменти на човековата природа и егзистенцијално-економските причини,** што може да се сведат на две објективно независни (од човековата волја) состојби. Овие две состојби, откога постои човекот и неговата историја (првите пишани историски записи датираат од пред околу 5000г.), имаат претрпено многу малку или речиси никакви промени до денес, наспроти енормниот и незапирлив техничко-технолошки напредок. Првата од нив се огледа во реткоста, којашто претставува централен економски проблем изразен како диспропорција меѓу ограничените природни ресурси и неограничените човекови желби. Психолошката манифестација на овој проблем е содржанаво познатата сентенција: **тој што нема сака да има, а тој што има сака уште повеќе од тоа што го има.**

Издигната на ниво на аксиом е максимата дека човекот колку што повеќе има пари толку повеќе му недостасуваат. Парите никогаш не биле доволни ниту за задолување на егзистенцијалните потреби кај огромното мнозинство на светското население, така што голем број луѓе се принудени на корумпирано однесување. Така, според основната економска законитост за понудата и побарувачката, цената секогаш пропорционално се зголемува колку што добрата повеќе се барани, а се поретко ги има. Оттука, произлегуваат и се надоврзуваат сите останати проблеми. Основната причина за ваквата состојба лежи во диспропорционалноста меѓу можностите за реално задоволување на човековите потреби и неограничените желби.

Втората состојба од којашто, всушност, делумно и произлегува првата, се "крие" во непроменливите карактеристики на човекот, како

специфично суштество, коишто се дел од универзалната корумпирана човекова природа (што не е еднакво кај сите изразена, а има и исклучоци кај кои и воопшто не е изразена). Овие карактеристики на човекот, покрај неговите карактеристики за хуманост, филантропија, алтруизам, солидарност и слично, се однесуваат на инстинктот за среброљубието, властољубието (желбата за доминација и моќ), раскошот, луксузот и сл.

Сето тоа има основа во егоизмот и алчноста (ненаситноста), на човекот, како неизоставен дел од неговата природа. Само со оваа состојба можат да се објаснат незапирливата и бесконечна жед за моќ и доминација на глобален план, буквално со сите средства, помеѓу кои поткупот е само најбезболното и "најневиното"средство за постигнување на безочните егоистички цели, на сите оние што неброено многу пати повеќе го имаат надминато поседувањето на економските средства потребни за нормална, па дури и луксузна егзистенција и тоа не само за нив и за нивните деца, туку и за десетици колена на напред од нивните потомци.

Второто ниво чинители на организираниот криминал и корупцијата спаѓаат во социо-културната сфера.

Овде само ќе напоменам дека овие фактори, иако се подложни на промени, истите кај нив се случуваат бавно и не можат да се очекуваат разултати на краток рок. Секако дека човекот како природно, но, и општествено суштество не е само заложник на својата психо-генетска предиспозиција, туку тој поседува и свесна волја да донесува одлуки за акција во "овој" или "оној" правец. Неговото поведение е истовремено детерминирано и од културната матрица на социо-економскиот амбиент во којшто живее, во зависност од што се стекнуваат различни навики, се прифаќаат разни обичаи, вредности, етички норми. Оттука, не мало значење имаат доминантната културна матрица, традицијата, менталитетот и религијата, а во современиот свет и влијанието на медиумите.

Добар пример за ова е современата цивилизација чии што културни вредности денеска се општо прифатени, универзални вредности во светот: материјално богатство(пари), моќ. Овие вредности директно влијаат врз порастот на организираниот криминал како во развиените така и во

неразвиените земји од светот, затоа што маргинализираните социјални групи најчесто не можат да дојдат до остварување на оваквите нивни легитимни цели преку легални начини. Меѓутоа, во стремежот за расветлување на етиологијата на криминалот, теоријата на културниот конфликт, теоријата на аномија, теоријата на социјална дезорганизација, теоријата на диференцијална асоцијација и нимблиските теории не можат да дадат целосен одговор на прашањето зошто криминал вршат и богатите слоеви со висок социјален и економски статус и зошто организираниот криминалитет не е по автоматска корелација секогаш присутен кај сите припадници на пониските, сиромашни слоеви. Етиологијата на организираниот криминал, како премногу комлексен, мултидимензионален феномен не може да се објасни со класичните пристапина традиционалната криминологија.

Во современите услови загрозеноста од овој изразито опасен криминалитет е на мошне високо ниво во сите сфери на општествениот живот и речиси нема земја која не е инфицирана од неговите разновидни појавни облици. Неговите учесници служејќи се со сите сретства : од оние кои што добиваат привид на легалност да се до отворени уцени , закани, поткуп, политички и други врски со особена свирепост , безобзирност со што вршат најразлични злосторства кои им нанесуваат огромни и непоправливи штети на конкретните општества и на меѓународната заедница воопшто. *Без сомнение се потврдува дека корените на кримналитетот лежат во карактерот на општествено- економската структура , во отуѓеноста на човекот во материјалните и духовните услови на живот и индивидуалната потреба и ориентација.* Потребите и проблемите да се задоволуваат и решаваат со недозволени сретства.

# 1.1 КОРУПЦИЈАТА И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Поимот корупција доаѓа од латинскиот збор corruptio (лат. corruptio - корупција, корупција на изопаченост, разврат, поткуп, мито). Корупцијата е штетна општествена појава која ги поткопува фундаменталните општествени вредности. Како предмет на правна, социолошка, политичка и филозофска дебата е присутна низ историјата. Тоа зафаќа многу форми со различни засегнати страни, животната средина, улогата, техники и разни форми на културна прифатливост.

Кратката дефиниција на поимот корупција гласи : *злоупотреба на јавна функција заради остварување на лична корист за себе или за друг.* )*25

"Корупцијата е злоупотреба на доверена енергија за приватни цели". (Transparency International) )*26

"Корупцијата е злоупотреба на јавна функција за приватни цели". (Светска банка))*27

"Корупцијата е девијантно однесување на вработени во администрацијата (избран или именуван) кој не е во согласност со своите мисии, по службена должност, а ќе се применува за стекнување на личното богатство или статус на поединецот, потесно семејство или се поврзани група на луѓе". (Џозеф Нај, 1967))*28

Корупцијата е една од најтешките и најраширените форми во современите општества и за жал некои форми на корупцијата станале секојдневна грижа во земјава. Корупцијата како кривичен акт , не може да се идентификува со организираниот криминал туку таа дејствува во тесно соодејство со него , како преку отворени договори , така и преку меѓусебните придобивки , а особено во организираната заштита на криминалното дејствување.

)*25 Камбовски В. , „ Организиран криминал „ 2-ри август , 2005 година ,стр. 416
)*26 http://www.antikorupcija.hr/Default.aspx?sec=16
)*27 http://www.antikorupcija.hr/Default.aspx?sec=16
)*28 http:// www.antikorupcija.hr/Default.aspx?sec=16

Корупцијата во најширока смисла било каква злоупотреба на власта од страна на јавниот службеник или лице кое врши јавна функција, која е насочена кон личен и / или материјална добивка.)*29

Нелегални активности на државните службеници кои немаат непосредна цел за финансиска добивка - како вонсудски ликвидација на политичките противници, полициска бруталност и воени злосторства - не се смета за дел од корупцијата. Тоа не се смета за злоупотреба дури и во приватниот, или не-државните институции, наместо да падне под поширок термин наречен јака криминал.)*30

Корупцијата се манифестира на различни начини во различни земји, култури и периоди, како што варира во зависност од самата дефиниција на корупцијата, или активности што се смета за дел од овој феномен. Корупцијата се јавува најчесто во форма на поткуп јавните службеници, но исто така и изнуди пари од граѓаните, а потоа како непотизам и проневера на јавните фондови. Во различни култури постои различен став кон корупцијата. Во некои земји е толку распространета се смета дека е сосема нормално, обични, а понекогаш и прифатлив начин на живот и бизнис.

Во некои земји, корупцијата е, сепак, е толку голема што може да се разбере како посебна форма на социјална ред познат како *kleptokracija*.)*31

Во светот постојат многу различни концепции на корупцијата, еден од најпознатите е дефиницијата на Советот на Европа ги дефинира корупцијата како "сите активности на лицата кои им е доверена одговорноста на јавниот или во приватниот сектор, кои се во согласност со своите обврски кои произлегуваат од статусот на јавните службеници, вработени во приватниот сектор, независни агенции, како и други односи од овој вид и е насочена кон добивање на било која незаработените бенефиции за себе и за другите. ")*32

Организираниот криминал и корупцијата се во средиштето на внимание на сите меѓународни организации и во нивните темелни документи.

Значително внимание се посветува на борбата против овој вид кримналитет. Организираниот криминал во однос на класичниот се

)*29 http://sl.wikipedia.org/wiki/Korupcija

)*30 http://sl.wikipedia.org/wiki/Korupcija

)*31 http://sl.wikipedia.org/wiki/Korupcija

)*32 http://sl.wikipedia.org/wiki/Korupcija

појавува како секундарен со зголемена општествена опасност во однос на основните кривични дела кои што влегуваат во комплексното дејство на извршување на организгираниот кримииналитет. На пример : насилство и убиство сторени од страна на една организирана криминална група му дава посебно обележје на овој криминал со зголемена општествена опасност. Секое основно кривично дело сторено од страна на организирана кримнална група како резултат на реализација на нејзиниот криминален плен само по себе зборува дека , станува збор за посебен опасен облик на криминалитет што би ја загрозил националната безбедност.

Корените на организираниот криминалитет лежат во еден интересен феномен. Овој облик настанува во услови на слаба влада т.е. во услови на една „ АБДИКАЦИЈА„ на државата и една општа недоверба во нејзините институции, во услови на нивна слаба развиеност или нефункционирање.)*33

Токму во етиологијата на организираниот криминалитет и корупцијата лежи и нивната сличност. За организираниот криминал обично се вели дека е производ на општествениот заеднички екосистем, за кој што е карактеристична употреба на насилство и корупција за остварување на програмски цели.

Корупцијата сама по себе е криминалитет но, истовремено таа е еден од формите - начините , односно дејство на извршување на организираниот криминалитет. Основен поттик на организираниот криминалитет е профит и воспоставување на паралелна власт . Исто така и кај корупцијата на посреден начин во основа лежи корист и тоа материјална, нематеријална корист односно привилегија. Во економска смисла на зборот корупција е цена која што се плаќа за извршена услуга.

Без сомнение во голем број случаи помеѓу организираниот кримналитет и корупцијата постои поврзаност. Корупцијата е метод со кој организираниот криминалитет ги остварува целите на своето дејствување меѓу кои особено се истакнува заземање на позиции во политиката и

)*33 Витларов Т. , „Репресија и превенција на корупцијата„ 2-ри август-С , Скопје , 2006 година ,стр.66

стопанството.

Корупцијата е еден од најсофистицираните облици на дејствување на организираниот криминалитет затоа што тој воглавно дејствува во уцени, заплашувања , насилство.

Корупцијата е феномен што добива планетарни димензии, зошто нема држава и економија што е имуна на различните облици на поткупување „ тргување со влијание и други облици на злоупотреба на посебната положба што ја имаат поединци, политички партии и јавни и приватни корпорации„. Корупциските афера не се симнуваат од листата на најактуелните настани што ги потресуваат државите особено од почетокот  на деведесетите години. Се покажува дека корупцијата е симптом на една тешка болест на општеството , чија што вистинска дијагноза упатува на малигни процеси што брзо се развиваат во правец на : концентрација на функциите, богатството и престижот, потиснување на демократијата и јакнеење на недемократските автократски режими тотална ерозија на начелото на законитоста и други основни постулате на правната држава.

Практииката покажува дека организираниот криминал - мафијата (подземјето), ја користат  корупцијата заради осигурување на нормално одвивање на криминалните операции. Посебна опасност од организираниот криминалитет е што организираните  криминални групи не се задоволуваат само со стекнување на профит.  Тие имаат максималистички цели, за воспоставување на паралелна власт, при што доаѓа до израз тезата наместо власта корумпира - власта бива корумпирана. Во овие модели на односи , корупцијата е многу изразена но, не повеќе како изразен модел на примање и давање на поткуп туку како сложена и тешко докажлива операција во која е измислена цела низа на различни сега веќе законски и незаконски интереси .)*34

Помеѓу скриеноста на организираниот криминалитет и „ *невидливосѿа на коруӣцијаѿа* „ може да се повлече паралела. Тоа особено се однесува

)*34 Derencinovic ,D., Mit ( (o) корупција ) , NOCCI, Загреб, 2001

не само на политички , правосудни и на јавни функции туку и за сите оние што се задолжени за спречување и откривање на организираниот криминалитет.

Американските криминолози сметаат дека организираниот криминал издвојува повеќе сретства за нејзино поткупување , отколку што државата издвојува за работата на полицијата. Од овие причини се вели дека организираниот криминалитет има три цели: *искористување, поткупување и уништување.* Кога не може непосредно да го искористи го поткупува , а ако не може да го поткупи го уништува.

Разликата помеѓу корупцијата и организираниот криминалитет е во фазата на предделикатно тактизирање. Припадникот на организираната криминална група длабоко верува дека нема да биде откриен затоа што , тој има превземано се на овој план , од насилство спрема сведоците до подмитување на припадниците на власта и казнениот прогон. Пасивниот поткупувач смета пак, дека нема да биде откриен не заради тоа што ги има превземено сите мерки на осигурување , туку затоа што смета дека во неговата околина сите го чинат тоа. По правило тоа се чини во четири очи и на заеднички интерес па ризикот за откривање е минимален.

## 1.1.1. КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во последната деценија , Република Македонија ја зафатија длабоки промени кои што во својата основа ја имаа трансформацијата на сопственичките односи , односно трансформацијата на т.н. општествена сопственост во приватна сопственост и други облици на сопственост (државна , јавна , акционерска, мешовита и.т.н.) .

Покрај причините кои се однесуваат за сите земји во светот, факторите и условите за организираниот криминал и корупцијата во транзиционите земји, , зборувајќи конкретно за Република Македонија од нејзиното осамостојување како независна држава до денес, може да се наведат следниве услови за појавата на организираниот криминал и корупцијата:

- **Неетаблираната етичка елита, којашто е conditio sine qua non на политичката елита** во демократско-правната држава, е основната причина од којашто произлегуваат сите други причини за организираниот криминал и корупцијата во Македонија.

- **Неконзистентното изведеното начело на поделба на власта во нееднинствениот систем на државната власт во Македонија**, при што отсуствува систем на правни механизми и процедури за заемна контрола и рамнотежа меѓу надлежните институции за спроведување на законот. Последиците се невладеењето на правото манифестирано преку неспрове-дување или селективно спроведување на законите, нефункционирање на институциите на правната држава, политички неодговорна и со ништо не ограничена влада и парламент. Овие последици се трансформираат во своевидни посебно крупни причини за организираниот криминал и корупцијата со практикувањето на јавните функции како партиска и лична сопственост.

-**Непостоење на оптимално независни институции** (независни од владата, но не и од широкиот спектар механизми на општествена контрола)

надлежни за откривање, докажување, гонење и судење на кривични дела од областа на корупцијата и организираниот криминал , особено за највисоките носителина државно-политички функции во Република Македонија.

**- Неквалитетната правна рамка, особено изразена во непостоењето на еден сеопфатен, кохерентен и комплементарен правен систем против организираниот криминал и корупцијата.**)*35

Нетранспарентните и неконзистентни системи на: процесот на приватизацијата; јавните набавки, владините концесии; финансиското управување и контрола врз буџетот и јавните фондови; финансирањето на политичките партии; несинхронизираните процеси на заштита на домашното призводство со процесите на либерализација и дерегулација, при што сеуште се присутни дискреционите овластувања на бирократските фактори за издавање разни дозволи за увоз на контингенти на определени стоки и сл.

**-Преголемиот број на законски и подзаконски прописи** (преку 600 прописи) коишто неконзистентно и контрадикторно ја уредуваат управно-правната материја, овозможуваат премногу дискрециони овластувања при одлучувањето на државните службеници.

На тој начин се придонесува за создавање можност - и луѓе чесни по природа да дојдат во искушение за корупција.

)*35 Сведоци сме катадневно како нашите научницив и политичари ги мешаат последицитесо причините за корупцијата и организираниот криминал и вкупно за негативните состојбиво земјата. Иако изгледа едноставно, воопшто не е едноставно да се согледаат вистинските причини за тоа што ни се случува и на таа основа да се проектираат вистинските решенија заизлез од кризата. Едно време, бевме сведоци на изјавите во медиумите на официјалните претставници на власта во 2002 година и тогашниот и сеуште актуелен претседател на делегацијата на Македонија во ГРЕКО при Советот на Европа, кои мошне синхронизирано изјавија дека Македонија отишла прилично далеку во нормативната регулатива противкорупцијата, демек ние сме имале квалитетна правна рамка, ама друга работа било што спроведувањето на законите кај нас е проблем. Старо-новиот претседател на ГРЕКО за Македонија, истото го повторува до денес, само сега во спрега со новите властодршци. Иако,за изминативе три години се променија мошне голем број закони и се донесоа многу нови, хипернормативизмот не може да биде вистинска замена за малубројните, но квалитетни закони, што сеуште ги нема во Македонија. Имено, не само високи претставници од власта,туку и најголем дел од стручната и научна јавност во Македонија се заробеници на многу погрешната и опасна теза дека наводно сме имале квалитетни закони, ама немало волја тие да се спроведат.

**-Слабо платените државни службеници и незаштитените овластени службени лица надлежни за откривање и докажување на високата корупцијаи организиран криминал,** под притисок на непрофесионалните стандарди занеоснованото стрмоглаво деградирање и отпуштање од државната управа, наметнати од цикличните удари на партократијата, државната служба, особено во нејзиното централно државно јадро, ја претворија во место коешто не е сигурно и секој гледа само да грабне колку што може повеќе. Спороста на реформите и долгото не излегување од ваквата состојба на транзиција , предизвикаа длабоки економски, политички и безбедносни кризи. За граѓаните на Република Македонија ваквата состојба не значи ништо друго , туку живеење во услови на социјална беда , разочарување и песимизам што пак, имаат директно влијаније врз низа девијантни појави во општеството, а особено врз криминалитетот како еден од нив. Граѓаните се помалку имаат доверба во институциите на системот. Постои убедување дека пред сите парламентарни избори работите ќе тргнат на подобро но, за жал не е така. Промените одат многу тешко. Егзистенцијалните прашања , како што се вработување, здравство, образование, преспектива на младите недопуштено споро се решава. Врз ваквото негативно општество „милје„ , особено влијание имаа се побројните корупциски афери на високо државни функционери.

Изминаа 20 години од осамостојувањето на независна Република Македонија, а објективниот правен вакум што настана во транзициониот период, можеше релативно брзо да се надимне, дури сега скромно се надминува и тоа не како внатрешно изразена потреба, туку повеќе под притисок на т.н. меѓународна заедница за приклучување кон Евро-атланските интеграциони процеси. Аргумент во прилог на ваквото тврдење е фактот што дури сега, во последните година-две се донесоа некои од клучните закони што требаше да се донесат уште на почетокот на девеесетите години.

# 1.1.2. ФАКТОРИ НА КОРУПЦИЈАТА

Факторите на корупцијата кај нас можеме да ги групираме во три основни групи : политички , економски, правен.

## А. ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ

Политичките фактори се концетрирани на неограничена и неконтролирана извршна власт. Главната локација на корупцијата во Македонија)*36 е политичката партија. Повеќепартиските меѓуетнички коалиции се редовна карактеристика на македонскиот политички живот по стекнувањето на независноста но, тие коалиции би се рекло дека , пред се се коалиции од интерес , а потоа коалиции на заложба. Партиите се стремат да дојдат на власт не заради грандиозни политички начела туку заради патронажата и материјалните добивки , што доаѓаат со министерските места. Ова потсетува на класична комбинација од „ *политички шефови* „ , „ *машини*„ и „ *дел од колачот*„ , присутна скоро во сите земји во развој , карактерстична за многу градови во Америка во минатиот век. Може да се превземаат три главни шеми на однесување на политичките партии. Едниот период е партијата да „ превземе„ конкретна државна институција откако одреден припадник од таа партија ќе биде поставен за нејзин директор. Ова значи дека сите клучни позиции во институцијата ќе бидат пополнети со партиски членови. Таа е рутинска појава кога станува збор за претпријатија во државна сопственост.

Втората тенденција е партиски контролираните државни претпријатија да се користат како лична сопственост на партиски членови. Во ваков случај партијата се нафрла на ресурси и на сретствата на претпријатието и тоа заради сопствена добивка и уживање.

)*36 Камбовски В. , , Правна рамка за превенција на корупција , OPSE , Транспарентноста Македонија форум CSID , Потреба од утврдување на национална анти- корупциска стратегија во Република Македоија Скопје , 2001 година ,стр. 26

Во ваков случај партијата се нафрла на ресурси и на сретствата на претпријатието и тоа заради сопствена добивка и уживање.)*37

## Б. ЕКОНОМСКИ ФАКТОР

Економскиот фактор го илустрира своето дејство во процесот на приватизацијата . Досегашните постапки и процесот на приватизацијата на општествените претпријатија беа и се од силно влијание односно пресија на политичкиот фактор. Процесите на приватизацијата не донесоа ништо друго освен внатрешни кавги меѓу политичките партии раководствата на претпријатија и работната сила ( работниците во тие претпријатија ). Онаму каде што имаше приватизација „единствена цел„ на структурите однатре беше да станат сопственици на претпријатието без да имаат било каква визија за неговата иднина . Во ваквиот контекст на односи и состојби , политиката надвладува над економијата. Царува корупцијата, кружеа гласини за „ господин 10%„ но, бидејќи работите се завршуваат на двостран интерес не дојде (барем досега ) релевантни докази за поткренување на постапка , за кривични дела на корупција во овој доста експолоатиран во јавноста , случај на корупција. Состојбите со приватизацијата не беа со ништо подобри и во претходниот период на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал, каде што тогашните директори , преку различни „машини„ начини на откуп на акциите од вработените станувааt доминантни сопственици на претпријатијата.

)*37 Д-р. Витларов Т., „ Репресија и превенција на корупцијата „ 2-ри август-С , Скопје , 2005 година, стр. 77

# В. ПРАВЕН ФАКТОР

Од факторите што ја допираат сферата на правниот систем посебно се издвојуваат нефункционирањето на правната држава , ерозија на полето на законитоста и селективноста во примената на законот.

Во Република Македонија внимание заслужува примената на правото во сферата на поголема ефикасност во откривањето на казнивите дела како и неефикасноста и спороста на казнената постапка , која од своја страна според наша оценка , имаат најдиредтно влијание на процесот на социјалната дезорганизација. Искуството од работата на различните испекциски органи па и полицијата , укажува дека предмет на контрола и интересирање секогаш во прв ред биле, економските субјекти чиј што раководен тим не бил близок до владеачката политичка гарнитура.

Помеѓу сите овие три фактори за појава на корупција во Република Македонија постои взаемно условување и поврзано дејствување.

Влошувањето на материјалната основа на општеството е еден од лимитирачките фактори за развој на демократското општество но, од друга страна , најстимулативен фактор во трката за распределба на ограничениот капитал и што поголема политичка моќ. Преминот од диригирана во пазарна економија предизвика дисфункционирање на системот и ги турна субјектите на пазарот кон „ снаоѓање по секоја цена„.Во борбата за опстанок во ваквите нерегулирани услови, водечката идеја беше и остана користење на сите легални и илегални сретства за опстанок и профит, особено шверц на определени стоки, даночни затајувања , готовински платен промет.

Во Република Македонија , се чини , постои и се шири една треат хибридна форма : целосна државна контрола во комбинација со административна принуда. Бизнисите не само што се плен на побарувачката , туку тие , исто така се и предмет на активна одмазда и притисок, ако не го дадат бараното.

Досегашната практика од спроведувањето на изборите ( на сите нивоа , како и на претседателските) покажаа дека и тие , на некој начин се извор на корупција. Политичките партии не добиваат затоа што фирмите

веруваат во нивните политички платформи и програми или пак затоа што политичарите се симпатични на бизнис клиентите. )*38

Нашите бизнисмени или финансиери го сфаќаат тоа како една добра инвестиција која што треба да им се врати со профит, а некогаш со екстра профит. Единствен начин финансиерите да ги вратат вложените милиони евра во предизборната кампањае политичарите и политичките партии да ги стават во поповолна ситуација при плаќање на обврските спрема државата, данокот царини или пак да ги стави во привилигирана позиција во процесот на приватизација или јавните набавки. Во Македонија постои и т.н. индиректна корумпираност која е лоцирана во луѓето што ќе бидат на местата каде што се одлучуваат за враќање на парите. Тие за една секунда сфаќаат дека тоа го прават партијата, можат да го направат и за себе. Овде се создава еден негативен, магичен круг кој вовлекува уште повеќе во корупција. Попрецизно кажано , во предизборието има различни партиски активности , кои многу ги задолжуваат партите. Тие им бркаат работа на теренот ангажираат луѓе, лобираат кај повеќе гласачи. Финансирите на политичките партии веднаш можат да се препознаат по изборите. Ако политичката партија на која условно кажано „ се коцкал,, бизнисменот победи на изборите и дојде на власт, тогаш тој јасно се гледа на списокот за доаѓање на функција.

Во Република Маекедонија во 2002 година (по долга процедура на подготовка , која траеше пет години ) е усвоен Законот за спречување на корупцијата со кој се предвидени превентивни механизми од типот на забрани при судир на интереси и други превентивни мерки ( пријавување на имотна состојба и.т.н. законот е дополнет 2004 година). Превентивните мерки содржани во овој закон се комплементарни со мерките содржани во други закони ( за даноците , за државните службеници и.т.н.) како со казненото законодавство кое ги содржи инкриминациите на поткупување противзаконито спроведување и другите дела на злоупотреба на службената должност за лични користољубиви цели. Но, очевидна е потребата од постојано унапредување на превентивните механизми

)*38 Д-р. Витларов Т., „ Репресија и превенција на корупцијата „ 2-ри август-С , Скопје , 2005 година

содржани и во овој закон и нивно приближување кон европските стандарди (СЕ и ЕУ) во превенцијата и корупцијата.

# 1.1.3. МЕЃУНАРОДНИОТ АСПЕКТ НА КОРУПЦИЈАТА

Во голем број земји постојат истражувања и оценки за корупцијата и нејзините негативни ефекти. )*39

Просто кажано корупцијата е злоупотреба на доверената моќ за материјална придобивка. Не сме далеку од времето кога самиот овој збор беше исцело табу тема во еден политички и професионален амбиент. Овој збор многу ретко не наоѓаше во весниците но, и многу ретко се споменуваше од економистите иако политичките научници пројавија академски интереси за него.)*40

Во меѓународните документи и спогодби се среќаваат разни формулации кои понекогаш се придружуваат на тесното сфаќање на корупцијата особено тие пред 1990 година каде што понекогаш се третираат во поширок аспект . Во последно време се забележуваат напори за доближување на формулациите кон точно и правно- унифицирана одредница. Асамблеата на ООН на Меѓурегионалниот семинар во

)*39 Др. Камбовски В. - Др. Петар Наумов , Корупција - најголемо општествено зло и закана за правната држава , Скопје , 2002 . Од страна на TI (,, Transparency International,,) , невладина организација со седиште во Берлин , мрежа која што е проширена и во други земји вклучувајќи ја и Република Македонија е предвиден Индекс за корупција ( Internet Corruption Perception Index ) со кои се мери рејтингот на некои држави врз основа на ставовите на бизнисмените кои работат со нив и можат на објективен начин да ја следат оваа појава. Индексот во однос на корупцијата се повторува од година на година , врз основа на нивните резултати од (0 - 10) , каде што највисоката оцеан значи дека не постои корупција додека најмалата оценка покажува дека постои тотална корупција. Во континуитет индексот покажува дека најниска скала на корупција имаат државите : Нов Зеланд, Данска , Шветска , Финска, додека највисока стапка на корупција имаат државите : Нигерија , Пакистан ,Кенија, Бангладеш , Кина, Камерун и Полска. Република Македонија , според Индексот 3.3 се наоѓа на 63 место.

)*40 Ц. Попе. Соочување со корупцијата , Тирана , 2002 година Колку е стара корупцијата . Во декември 1997 година беше известено дека една археолошка екипа од Германија пронашла во месноста Ракка во Сирија околу 150 пораки во кои било запишано дека земјата контролираше еден административен центар на Асирската цивилизација од 13-от век пред нашата ера. Беше пронајден посебен архив , можеби како модерен еквивалент , ,,Министерство и Внатрешност,, со податоци за вработените кои примаат мито влкучувајќи ги и имињата на високи службеници и името на еден Асирски принц.

Хрватска со тематика против корупцијата , одржан во 1990 година , корупцијата ја опиша како , „ злоупотреба на задача заради лични придобивки како и придобивки на државните службеници како последица на нивната службена позиција што тие ја имаат„ . Од оваа одредница се евидентира фактот дека станува збор само за материјални придобивки кои се карактеристични за кривични дела на подмитување. Во документот на Осмата сесија на ООН одржана , исто така во 1990 година повторно корупцијата се третира во потесен смисол како продолжение на горespоменатите ограничувања но, посебноста на овој меѓународен документ се однесува на издвојувањето на неговите разлчни карактеристични елементи и разликата што постои во концептуирањето помеѓу феноменот на корупцијата и кримналните активности на државните службеници. Во него исто така се евидентираат и уточуваат аспектите за независноста на коруптивните активности како и формите што се појавуваат кај државните службеници. )*41

Првата целосна формулација во меѓународните документи за поимот и одредувањето на корупцијата што истовремено е и најприфатливо е таа од страна на Меѓудисциплинската група на Советот на Европа што се состана во Стразбур во 1990 година која формулираше една поинаква формулација за корупцијата , наречувајќи ја *официјална корупција* , како и секое друго дејствување на лица со одговорност во општествениот или приватниот сектор кои ги кршат обврските што произлегуваат од статусот „ официјално лице „ ( во општествениот сектор), во приватниот сектор и во сите односи од ваква природа кои се стремат да се здобијат со привилегии за себе но, и за другите. )*42

Голем број автори нагласуваат дека не постои општество во кое не е присутна корупцијата и заради тоа оваа криминална појава предизвикува голем интерес. Се разликуваат различни форми на корупција односно може да биде политичка корупција, која се однесува на добивање функции

)*41 Hunt , Thomas, Is There A Mafija? (2002) , http:onewal.com/maf
)*42 Славевски Т., Организираниот криминал и корупцијата , економски аспекти , научен проект на Правен факултет Скопје, 1996 година.

во политичката власт или здобивање одредени политички привилегии притоа давајќи мито и.т.н.)*43

Потоа зборуваме за административна корупција која се однесува на државната администрација , потоа судска корупција која се однесува на добивање и примање мито на вработените во судовите за да се попречи кривична процедура, со цел да се донесе поволна судска пресуда. )* 44

Се поставува прашањето - кои се факторите кои влијаат во зголемувањето на оваа многу загрижувачка појава за општеството во кое живееме или што треба да направиме за намалување на корупцијата. Како фактори кои овозможуваат и влијаат врз појавувањето на корупцијата најчести се:

- недостаток на силна законска основа ;
- неприменување на постоечки закони;
- недостаток на искуство и професионална способност за борба против корупцијата;
- реформи во администрацијата ;

За распространетоста на корупцијата во земјата неколкупати се искажа Меѓународната кризна група (ICG). Во нејзините извештаи како најкорумпирани институции во земјата беа потенцирани царината , даночна служба, здравство, администрација.

)*43 Халили Р. , Криминологија „ Селектор„ Приштина , 2002 година ,стр. 193
)*44 Халили Р. , Криминологија „Селектор„ , Приштина , 2002 година ,стр. 193

## 2.1. ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Од постоењето на светот до денес , човекот се стреми да ги подобри својот живот и животот на неговото семејство со обезбедување на подобри услови за живот. Мотивот за стекнување на богатство е мошне силен кај човекот без поставување на горна граница на богатство. Во остварување на своите мотиви, човекот , понекогаш ги применува границите на легалното стекнување богатство и навлегува во границите на илегалното, забранетото со убедување дека нема да биде откриен и санкциониран.

Најлесен начин да се стекне богатство е криминалниот начин на заработувачка што се покажа реалност и во Република Македонија во годините на транзиција кога мал број од граѓаните искористувајќи ги своите позиции на кои се затекнаа во општествено- економскиот, стопанскиот и правниот систем во државата во моментот на нејзиното осамостојување и промената на целокупниот општествено- политички и стопански систем, се стекнаа со огромни богатства, кои на легален начин , сепак , не би можеле да ги спечалат.

Криминалната структура ја искористија неподготвеноста на државата , несоодветните законски прописи , непостоењето на соодветните државни институции или нивната некординираност и соработка за да своите криминални пари без проблем ги интегрираат во финансискиот систем на државата. Поради не доволната или воопшто непостоечката контрола од страна на финансиските институции за потеклото на парите , во изминативе години се купуваат големи стопански капацитети , акции , удели, се градеа огромни вили се купуваа богатства , а никој не се прашуваше од каде се парите? Дали парите се легално заработени, наследени или потекнуваат од извршување на сериозни кривични дела каде што како жртва се јавува Државата или како колективитет на жртви „ граѓаните„.

Во светот каде што владеат законите во финансиското работење , секое внесување пари на банкарска или сметка во друга финансиска институција е под будното око на институциите на системот. Се водат финансиски

анализи преку специјализирани институции за истражување на потеклото и текот на парите и другиот имот како на физичките , така и на правните субјекти.

Поимот перење пари се поврзува за периодот на прохибиција во САД , триесеттите години од минатиот век кога организираните криминални групи готовите пари заработени од криумчарење ги прикажувале како профит од ланецот на пералници за облека. Првите перачи на криминалните пари , готовите пари собрани од уличните дилери на дрога ги прикажувале како стекнат профит од перење алишта во регистрираните правни субјекти- пералници за алишта како дневен промет и како такви ги внесувале на нивните банкарски сметки. При тоа воделе сметка да не се надмине дневниот лимит на контролираните уплати. Меѓународната заедница кон крајот на осумдесеттите години од минатиот век го препознава перењето пари како закана за демократијата , човековите права и владеењето на правото кои се основни вредности на современите демократски држави. Како заканувачки феномен перењето пари ги проширува своите димензии користејќи ги интензивните процеси на глобализација, технолошка трансформација и европска интеграција. Перењето пари покрај криминал во национални рамки добива и меѓународни димензии од причина што перачите на пари бараат секакви можности за „засолнување„ на криминалните - „валканите пари„ за да потоа се бараат соодветни начини за интегрирање на тие пари во легалните економско- финансиски системи.

Перење пари е процес со кој криминалците се обидуваат да го скријат вистинското потекло и сопственоста на приходите од криминални активности. )*45

Друга група на странски автори сметаат дека преку перењето пари со илегалната продажба на оружје, шверц, и активностите на организираниот криминал, вклучувајќи, на пример, трговијата со дрога и проституција, може да генерира огромни суми.)*46 Проневера, инсајдерски тргување, мито и компјутерска измама шеми исто така може да произведе големи профити и да се

)*45 www.law. cornell.edu/ wex/ money-launderring

)*46 www.law. cornell.edu/ wex/ money-launderring

создаде поттик за "озаконување" на бесправно стекнатите средства преку перење на пари. Кога криминална активност генерира значителен профит, на поединец или група кои се вклучени мора да најде начин за контрола на средства без привлекување на внимание на основните дејност или лица кои се вклучени. Според група на американски автори , криминалците го прават ова преку прикривање на извори, промена на форма, или поместување на средства за место каде што тие се со помала веројатност да го привлечат вниманието.)*47

Перењето пари се однесува на финансиската трансакциска шема која има за цел да се прикрие идентитетот, извор, и дестинација на незаконски добиени-пари. )*48

Перењето на пари генерално се дефинира како процес на приносите од криминал, а на вистинските сопственици на овие приноси, се менуваат, така што приносите се чини дека доаѓаат од легитимен извор. Според Роса,)*49 дефиницијата е поширока и посуптилна. Перењето пари можат да произлезат од мал профит и заштеди од релативно мали злосторства, како прекршоци, мали даночно затајување или измама корист.

Што е перење пари и кои се последиците? Постојат неколку причини зошто луѓето перат пари. Тие вклучуваат:
• **крие богатство**: криминалци можат да го сокријат нелегално стекнато богатство за да се избегне неговото одземање од страна на властите
• **избегнување на обвинителството**: за да можат да се избегне гонење од страна на обвластените органи;
• **избегнување даноци:** криминалци можат да ги одбегнувате даноците што ќе им се изречат на приходите од средствата;
• **зголемување на профитот**: криминалците можат да го зголеми профитот од реинвестирањето на нелегални средства во бизниси;
• **да стане легитимен**: криминалците можат да ги користат перат средства за изградба на бизнис и да се обезбеди легитимитет на овој бизнис; Постојат сериозни економски и социјални последици на перење пари. Тие вклучуваат:

)*47 Rankin, H. (2008) The Golden Age of Piracy. New York : Holt, Rinehart&Winston

)*48 Ryan, P (2009). Organized Crime. Santa Barbara, CA :ABC-CLIO

)*49 Ryan, P (2010). Organized Crime. Santa Barbara, CA :ABC-CLIO

- поткопување на финансиските системи: перењето пари ја проширува црната економија, го поткопува финансискиот систем и го покренува прашањето на кредибилитет и транспарентност; )*50

Процесот на глобализација што започана кон средината на столетието (со трговијата и транспори) особено се забрза со развојот на комуникациите и на информатичката револуција, овозможи меѓународната заедница да прерасне во глобално комуникациско село, во чии рамки функционираат соодветно транснационални субјекти од економско- финансиска политичка и правна природа. Експанзијата на активностите на транснационалните криминални групи се повеќе придонесуваат за нараснување на потребата од заштита на легалните економии од навлегување на нелегалните криминални приноси. )*51

Организираниот криминал претставува постојана закана за светскиот мир и стабилност , загрозувајќи ги основите на владеењето на законите и функционирањето на правниот систем. Посебна погодност за развој на организираниот криминал и неговите појавни облици претставуваат државите кои преминуваат од еден систем во друг систем каде што реформите длабоко и коренито влегуваат во сите сегменти на општествениот , економскиот и политичкиот живот и каде постојат реални предуслови создадените материјално финансиски сретства да бидат пласирани преку нелегални трансакции. Организираното криминално дејствување го користи транзициониот период и недоволно изградената регулативи , разорувајќи ги здравите ткива и поткопувајќи ја економската основа на тие држави.

Поимот перење пари потекнува од англискиот израз „ money laundering„ што значи перење пари , легаризирање на парите стекнати на криминален начин , односно финансиски трансакции заради прикривање на вистинското потекло на парите и другите облици на капиталот на пазарот. Феноменот перење на пари најчесто се опишува како прикриена , софистицирана и профитабилна криминална активност, а сторителите се исклучително интелигентни лица и секогаш чекор напред пред

)*50 www.austrac.gov.au/elearning/pdf/intro_amlctf_money_laundering.pdf

)*51 Тасева С., „Перење пари ... Дата Понс, Скопје , 2003 година, стр. 13

оперативните работници на државните органи и институции во чија надлежност е истражувањето на економско- финансискиот криминал со елементи на перење пари. Перењето на пари претставува еден од најсложените и најтешки за откривање криминални дејства.

„Перачи на пари „ секојдневно изнаоѓаат нови методи како валканите пари да ги вклучат во легалните финансиски процеси и притоа да го сокријат нивното криминално потекло. Перењето на пари влкучува серија на финансиски операции (депозит, нивно повлекување, трансфет и.т.н.) кои на крајот резултираат со тоа што валканите пари од криминалот стануваат чисти пари кои можат да се користат за легитимни деловни активности.

Перењето на пари покренува значајни прашања кои се однесуваат на спречувањето , откривањето и на гонењето. Методите што се користат за да се исперат валканите пари уште повеќе го усложнуваат одговорот на овие прашања. Во ваквите нелегални активности можат да бидат инволвирани повеќе различни типови на финансиски институции како и други ентитети, како што се финансиски советници т.н. shell koropracii , обезбедувачи на услуги на посредништво и.т.н.

Перењето пари и финансирањето на тероризмот често пати вклучуваат слични трансакции, чија цел првенствено е прикривањето. Инволвираните во перење пари пуштаат во оптек нелегални сретства преку легалните канали со цел да го прикријат нивното легално потекло, додека оние кои го финансираат тероризмот вршат трансфери на сретства од легално и од нелегално потекло со цел да ја прикријат нивната намена- помагање на тероризмот.

Спречување на перење пари (АМЛ) софтвер е еден вид на компјутерска програма се користи од страна на финансиските институции да ги анализираат податоците за клиентите и откривање на сомнителните трансакции.)*52

Имајќи ја во предвид геостратегиската положба на Република Македонија на Балканот , улогата на транзитен коридор и процесот на транзиција во која се наоѓа во последните десет години слободно може да

)*52 Searchfinancialsecurity.techtarget.com/definition/anti-money-laundering-software-AML.

се каже дека се создадени услови за различни видови криминални дејствувања. „Перење пари„ како дел од финансискиот криминал постои и во нашата држава, главни извори на недозволени активности се: трговија со луѓе, оружје и муниција, криумчарење на цигари, алкохол и кафе, затајување данок, трговија со украдени возила, банкарски и финансиски измами , корупција и др.

Заради успешна борба против финансискиот криминал и перењето пари , потребно е секоја држава да изгради и развие соодветна законска регулатива почитувајќи ги меѓународните стандарди и препораки. При тоа треба да се истакне дека целта на законската регулатива не е само оневозможување на перењето пари , туку да се спречат и кривичните дела од кои потекнуваат нелегално стекнатите пари бидејќи со спречувањето да се исперат валканите пари се спречуваат и понатамошните криминални активности. Настојувањето на Република Македонија да се вклучи во борбата против финансискиот криминал , а оттука и перењето пари како и со цел да се прилагоди нашето законодавство со меѓународните прописи резултираше со потпишување на следниве конвенции:

- КОНВЕНЦИЈА НА ООН ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО НАРКОТИЧНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ ОД 1988 ГОДИНА ( ВИЕНСКА КОНВЕНЦИЈА);
- КОНВЕНЦИЈА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ , ОТКРИВАЊЕ СМРЗНУВАЊЕ И КОНФИСКУВАЊЕ НА ПРИНОСИ ОД КРИМИНАЛ ОД 1990 ГОДИНА ( СТРАЗБУРШКА КОНВЕНЦИЈА):
- КОНВЕНЦИЈА НА ООН ПРОТИВ ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ОД 2000 ГОДИНА ( КОНВЕНЦИЈА ОД ПАЛЕРМО)
- КОНВЕНЦИЈА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ , ОТКРИВАЊЕ ЗАПЛЕНА, КОНФИСКАЦИЈА НА ПРИНОСИ ОД КАЗНЕНО ДЕЛО И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ - ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТРАЗБУРШКАТА КОНВЕНЦИЈА 2005 ГОДИНА. )*53

)*53 Годишен извештај за активностите на дирекцијата за спречување на перење пари од почетокот на примената на законот за спречување на перење пари (1 март 2002 година ) 4. 03. 2003 година , Скопје

Ратификувањето на овие конвенции од страна на Република Македонија значи прифаќање на обврска за сообразување на домашното казнено законодавство , материјално и процесно со одредбите на конвенциите , заради отстранување на внатрешната контрола на правните норми.

## 2.1.1. ТЕКОВНИ ТРЕНДОВИ ВО ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

Шверцот на дрога користат разни методи за перење на своите профити како во државава така и надвор од неа . Меѓу најчестите методи на перење пари сега е РАЗМЕНА НА ПЕЗОСИ НА ЦРНИОТ ПАЗАР, шверцување на готовина (преку курири или пратки на големо), купување злато , структурирани депозити или повлекување од банкарски сметки , купување на монетарни инструменти ( обични чекови , парични налози , патнички чекови и.т.н.) електронски трансфери на пари и користење на некои форми на тајно банкарство и др.)*54

## 2.1.2. ПРОЦЕСОТ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Според меѓународните документи научната и стручна литература , постапката или процесот на перење пари се одвива во три фази:

1. ПРВА ФАЗА ( imersion - полагање;placement stage- фаза на пласман)
2. ВТОРА ФАЗА ( layering strage- фаза на перење)
3. ТРЕТА ФАЗА (spin dry- сушење) или интеграција (репатријација))*55

Незаконските добивки влегуваат во комерцијалните финансиски системи во ФАЗАТА НА ВЛОЖУВАЊЕ . Во методите на вложување

)*54 Лајман Д. Мајкал „ Организиран криминал„ четврто издание, Магор , Скопје , 2009 година, стр.211
)*55 Лајман Д. Мајкал „ Организиран криминал„ четврто издание, Магор , Скопје , 2009 година ,стр.213

влегуваат шверцот на готовина (со курири или преку пратки); структурирање на банкови депозити или повлекување на пари; телеграфски трансфери кон банките и компаниите; купување на обични чекови , платни налози, патнички чекови и хартиии од вредност; казни; чекови за трета страна (обично се користат заедно со размена за странски валути на црниот пазар); и електронски трансфери. Методот што ќе се избере за вложување зависи од потребите на шверцот. Во оваа фаза операцијата на перење пари е најранлива за детектирање и за запленување од страна на службите задолжени за спроведување на законите.

Втората фаза или фаза на СЛОЕВИТОСТ , опфаќа редица секундарни трансакции што ги пренесуваат сретствата од едно место на друго за да се затскрие нивната трага. Во фазата на ИНТЕГРИРАЊЕ , сретствата одново се воведуваат или се интегрираат во економијата како легитимно заработени пари што шверцот може легитимно да ги користи. Во многу земји - извори на дрога - шверцерот на дрога ги користи испраните пари за да им плати на вработените за услугите и да купи имот и други деловни објекти. Парите потоа придонесуваат за економскиот раст и за микроекономската стабилност на овие земји, иако само привремено.

# 3.1. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 3.1.1. ЕТИОЛОГИЈА

Ропството како статус на сопственост врз човекот од страна на друг човек или од страна на државата е прогласено за меѓународно злосторство со Конвенцијата за ропство 1926 година со кој државите се обврзуваат да го забранат заснована ето на ропски односи и да пропишат остри казни за повредата на таа забрана. Со Конвенцијата е финализиран еден долг процесс на укинување на ропство, започнат со Парискиот договор од 1814 година со Виенскиот конгрес од 1815 година за првпат ропството се забранува и се прогласува за казниво дело со Лондонскиот договор од 1841 година . Со дополнителната конвенција за отстранување на ропство , трговија со робје и институциите и постапките слични на ропството од 1956 година поимот на ова меѓународно злосторство е проширен и врз некои нови , современи форми на доведување на луѓето во состојба на неслобода и лична завист и искористување на таквата состојба, како што е на пример „ трговија со бело робје„. Забрана на ропството ја содржат и Универзалната декларација за правата на човекот и Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, како конвенциите на Меѓународната организација на трудот од 1930 година и од 1957 година за забрана на присилната работа.

Во етиологијата на организираниот криминал денес не се повеќе појави на класично ропство ( „ од типот на црно робје„) . Но, затоа се посериозни размери добива појавата на трговијата со луѓе што ја наметна потребата од постоење на меѓународни инструменти за нејзиното отстранување. Кај овој облик на криминал активност во преден план е ставена повредата на основните слободи и права на луѓето што се предмет на трговија заради експлоатација од кој било вид ( проституција , експлоатација на работа и.т.н.). Присуството на таквата цел, најчесто изразен како експлоатација заради проституција , го разликува овој облик на криминал од криумчарењето на имигранти или трговја со делови од

човековото тело. Според нејзината природа трговијата со луѓе е секогаш организирана зошто вклучува најмалку три страни :„продавачот„ , „ транспортерот„ и „ купувачот„. Од друга страна се работи за комплексна криминална активност којашто се состои во примена на насилство или закана со насилство , измама , поткупување и примена на други нелегални сретства со кои лицето се става во подредна положба заради експлозијата.

Трговијата со луѓе е растечки транснационален криминален феномен и опасен предизвик за националната безбедност. Иако не е нов феномен е прошири во нови региони од светот и претставува значителен дел од нелегалната глобална економија. Трговијата со луѓе се разгледува примарно како национална и меѓународна безбедносна закана. Одговорите на безбедносните закани во овој поглед треба да ги вклучуват државните нституции и цивилното општество.

Безбедноста не е прашање само на надворешни закани за националниот суверенитет ; безбедноста исто така подразбира општество кое ефикасно функционира. Затоа , нема двоумење дека трговијата со луѓе е навистина прашање на регионалната безбедност.

Трговијата со луѓе е призната како најдолга форма на ропство на модерното време и е осудена како акт кој сериозно ги нарушува универзалните човечки права.

Огромните профити создадоа глобална мрежа организирана од транснационални криминални банди кои тргуваат со луѓе на ист начин како со оружјето, дрогата или парите. Иако најголемиот дел од земјите во светот го елиминираат ропството уште одамна, трговијата со луѓе стана една од активностите на организираните криминални групи кои се докажаа како високо ефективни во навлегувањето во земјите и регионите кои се осиромашени од војните , вооружените конфликти или лошо управуваните транзиции.

„ Штом организираната трговија со луѓе„ ќе наиде на погодно тло во рамките на некоја држава или регион таа расте брзо и поставува стратегиски ризици за стабилноста и иднината на државата . Кога еднаш веќе ќе се воспостави , мрежата за недозволената трговија се поврзува со другите постојни кримнални организации коишто ги држат другите сфери

на влијание во криминалмиот пазар , како што се: *шероризмош, дрогаша , шрговијаша со оружје.*)*56

Миграцијата и законската и незаконската влијае на сите народи во светот . Во незаконската миграција спаѓаат шверцот и трговијата со луѓе.

Овој светски проблем стана толку сериозен- експертите од владините агенции и од меѓународните невладини организации тврдат дека на меѓународно ниво се продаваат од 700.000 до 4 милиони жени и деца на годишно ниво ( state department, 2002 година) - така што на многу земји им требаат закон за трговија со луѓе.

Првиот најважен чекор што треба да се направи е да се постигне согласност за дефиницијата за овој проблем Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН и двата Протокола, Портокол за спречување , задушување и казнување на трговија со луѓе , особено на жена и деца и Портокол против шверцување мигранти по копнен , поморски и воздушен пат беа усвоени од Генералното собрание на милинеумската седница во ноември 2000 година.

Трговијата со луѓе подразбира регрутирање , транспорт, пренос засолнување или прием на лица, преку користење на закони или сила или други форми на принуда, грабнување, измама трикови, злоупотреба на моќ или на ранливост или давање пари или служење за да се задоволи личноста која што контролира друга личност со цел експлоатацијата. Експлоатацијата ќе подразбира експлоатација на проституција или другите форми на сексуална , придружба работа или услуги , ропство или практики слични на ропство угнетување на органи.

Дефиницијата за трговија со луѓе има три одделни елементи:

А.КРВИЧНИ ДЕЛА ( регрутирање, транспорт, пренос, засолнување или прием на лица) ;

Б.СРЕТСТВА ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ДА СЕ ИЗВРШАТ ОВИЕ ДЕЛА ( закон или злоупотреба на сила , принуда, грабнување, измама , трикови, злоупотреба на моќ или на ранливост или давање пари или служење на лицето коешто ја контролира жртвата).

)*56 Stability Pact for South Eastern Europe Development of Anti- Trafficking training module for Judges and Procecuturos, International Center for Migration Police Development, April 2003 godina

В. ЦЕЛ ( експлоатација или во корист на експлоатација што вклучува експлоатација на проституирање на други лица , други форми на сексуална експлоатација принудна работа или услуги , робување или слични практики и отстранување органи.))*57

## 3.1.2. ЕТИОЛОШКО ЗНАЧЕЊЕ НА СИНТАГМАТА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Оваа појава - трговија со луѓе на просторот на нашата земја во значење и обем кој денес го има е причина за непостоење не само на систематизирано , научно знаење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизноста на негов единствен назив. Имено во научната и стручната литература нема единствен назив за оваа појава. Така , може да се воочи употребата на терминот *бело робје* , трговја со луѓе , трговија со човечко суштества, криумчарење на луѓе , криумчарење на жени и деца, и сл. Во медиумите употребата на термините е уште полоша. Оваа состојба резултира со конфузија во терминолошкото одбележување на овие безбедносни појави и нивните елементи кои се карактеризираат со одбележување на истите појави со различни термини, одбележување на различни појави со исти термини создавање непотребни синоними и хомоними т.е користење на ненаучен поимово - категоријален апарат. Затоа е неопходно да се разграничи значењето на терминате кои можат да се сретнат во теоријата и праксата, а кои директно или индиректно се однесуваат на трговијата со луѓе. )* 58

Трговија претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба. Сите облици на трговија се регулирани со правни прописи,

)*57 Мајкал Д. Лајман, Гари В. Потер „Организиран кримнал „четврто издание, Магор Скопје, 2009 година

)* 58 Mijalkovic, S., „ Poimovno razgranicenje trgovine ljudima i drugih slicnih pojava i terminoloskih koncepata „ Bezbednost . br.1, Beograd , 2003 god. str.52-53

а нивните повреди ( зависно од тежината ) повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Најтешки облици на деликти на недозволена трговија се трговија со бело робје, трговија со оружје и опојни дроги. )* 59

Во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа безбедносна појава. Имено доклоку се занемари ненаучната терминологија за одбележување на овој феномен подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Правилно е да се користат двете синтагми но , поправилно е да се каже трговија со човечки суштества затоа што терминот „ трговија со човечки суштества„ е општоприфатен термин во светската научна стручна јавност. Терминот „TRAFICKING IN HUMAN BEINGS„ стандардно се употребува речиси во сите меѓународни документи кои се однесуваат на оваа проблематика.

Меѓутоа во секојдневната комуникација е поприкладно и вообичаено да се користи терминот трговија со луѓе.

## 3.1.3 ТРЕНДОВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе некогаш примарно концентрирана во определен регион од светот , а денес под притисок на глобализацијата , поврзува многу далечни региони. Во таа смисла евидентно е дека трговијата со луѓе стана предмет на загриженост како кај националните така и кај меѓународните системи на контрола. )* 60

Иако дефиницијата за трговија со луѓе продолжува да биде тема за дебати, овој труд ја применува дефиницијата за трговија со човечки суштества

)* 59 Бошкович,М . „ Криминолошки лексикон„ ,Матица српска, , Нови сад, 1999 год. стр. 359-360

)* 60 ALBRECHT, H . „ TRAFFICKING IN HUMANS – THEORY, PHENOMENOM AND CRIMINAL LAW BASED RESPONSES„ , MAX PLANCK INSTITUTE FOR FOREING AND INTERNATIONAL CRIMINAL LAW, FREIBURG достапно на : www.umn.edu./

формулирана во Протоколот за превенција , сузбивање и казнување на трговија со луѓе особено жени и деца, коишто ја дополнува Конвенцијата на ООН против меѓународниот организиран криминал. Протоколот ја дефинира трговијата како регрутирање, транспортирање, префрлање, добивање прибежиште или примање луѓе, по пат на закана и користење на сила или други форми на присила , грабнување или измама на злоупотреба на позицијата на моќ на загрозеност или на давање или примање пари или бенифиции за да се постигне согласност од лицето коешто има контрола над друго лице, со цел за експлоатација. )*61

Меѓу другото Протоколот ги инкорпорира трите главни цели:

1. Да се спречи да се води борба против трговија со луѓе ;
2. Да се заштитат и да им се помогне на жртвите на таквата трговија со целосно почитување на нивните човекови права ;
3. Да се промовира соработката помеѓу државите за да се постигнат тие цели ; )* 62

Профитите од трговијата со луѓе имаат негативно влијание врз безбедност на државата преку поттикнување на перење пари, измами , даночен криминал, фалсификување на документи, трговија со наркотици, оружје и украдени возила, продажба на човечки органи и други криминални активности. Со поткупување на легалните пазари за работна сила во нестабилните региони и попречување на владите во економската и политичката транзиција или постконфликтната реконструкција, трговија со луѓе , придонесува кон одржување на нестабилна и крефка политичка средина. Фактот дека таквите сериозни нарушувања на човековите права на милиони жртви поминува, главно неказнето , ја иницира главната ерозија на сите напори да се засили заштитата на човековите права како водечки принцип на правата и законот.

)* 61 KELLY,L., „YOUCAN FIND ANYTHING YOU WANT„: A CRITICAL REFLECTION ON TRAFFICKING IN PERSONS WITHIN AND INTO EUROPE„ IN DATA END RESEACH ON HUMAN TRAFFICKING: A GLOBAL SURVEY ( 237-28)

)* 62 STABILITY PACT FOR SOUTH ESTERN EUROPE, DEVELOPMENT OF ANTI-TRAFFICKING TRAINING MODULE FOR JUDGES AND PROSECUTORS, INTERNATIONAL CENTER FOR MIGRATION POLICE DEVELOPMENT, APRIL, 2003 god.

Важно да се спомене дека петте најчести земји на потекло во информациската база на МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНЗАЦИЈА ЗА МИГРАЦИЈА - ИОМ во овој регион се : Молдавија, Украина, Романија, Белорусија и Бугарија. Исто така, четирите најважни дестинации каде оваа организација нуди помош на жртвите се: Македонија, Б и Х, Косово и Албанија. )* 63

Патиштата на трговијата со луѓе одат од Молдавија, Украина и други поранешни Советски републики, преку Романија и Бугарија до Србија и Црна Гора, Б и Х, Македонија , Косово ( под управа на ООН ) и потоа кон Италија, Грција и на крајот до ЗАПАДНА ЕВРОПА.

Секоја година U.S DEPERTMENT of STATE испитува околу 140 земји ( каде што податоците за обемот , големината и контра мерките во поглед на трговијата со луѓе се достапни ) со цел да се процени прогресот кој бил направен во постигнувањето на минимални стандарди на државна интервенција според Актот за заштита од трговија со луѓе од 2000 година (U.S TRAFFICKING PROTECTION ACT). Во извештајот од 2005 год. дваесет и седум земји биле означени како земји кои имаат потреба од специјално внимание, бидејки нивните напори биле видени како неуспешни )*64

Други четиринаесет земји биле спомenети како земји чии влади не се способни или не се подготвени да ги почитуваат минималните стандард за борба против трговија со луѓе )* 65

Обете листи обезбедуваат опширни и обемни докази за географското поле и разновидноста на трговија со луѓе )* 66

)* 63 IOM, WORLD MIGRATION 2005, SECTION 3, INTERNATIONAL DATA AND STATISTICS, 418 ;

)* 64, Мексико, Словачка, Азербејџан, Гамбија, Никарагва, Јужноафриканска република, Бахриен, Грција , Нигерија, Суриname, Делисе,Гвинеа, Филипини, Украина, Бенин, Хаити, Русија, Усбекистан, Камерун, Индија, Руанда, Зимбабве, Кина, Маврициус и Сиера Леоне.

)* 65 Боливија, Еквадор, Катар, ОАЕ, Мајанмар(поранешна Бурма), Јамајка, Саудиска Арабија, Венецуела, Камбоџа, Кувајт, Судан, Куба, Северна Кореа и Того.

)* 66 U.S DEPARTMENT OF STATE , ,, TRAFFICKING IN PERSONS REPORT 2005 ,, . достапно на www.state.gov/g/tip/rlstiprpt/2005/46610.htm

# .ЕФИКАСНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Различни земји од светот превземаат различна динамика на активности против трговија со луѓе како форма на организираниот криминал.

Националните влади имаат клучна улога во процесот на создавање на правилна и цврста стратегија за борба против трговијата со луѓе преку соодветна правна легислатива, хармонизација на различните закони во земјите од регионот и ефикасно спроведување на постојаните закони. Во исто време, регионалната и меѓународната соработка играат важна улога во координирањето на напорите и ресурсите кои ќе ги зацврстат националните мерки. Стратегијата за борба против трговијата со луѓе треба да се темели на *две нивоа* .

*Првото ниво* ќе се состои од неутрализирање на групите на организиран криминал во рамки на земјата , а потоа преку соработка со други земји со истиот проблем ќе се неутрализираат мрежите на организираниот криминал ( мултилатерална соработка ). Оттаму за реализација на *второто*, од суштествена важност е да се создаде централна база на податоци за трговија со луѓе. )* 67

Советот на Европа изработи нацрт на регионална конвенција која би требало да ги одреди легалните норми на тргуваните жртви и да го подобри процесот на набљудување на феноменот низ Европа.

Сегашната легална рамка примарно е претставена од Палермо Протоколот за трговија ( PALERMO PROTOKOL ON TRAFFICKING), опцискиот протокол кон Конвенцијата на правата на децата ( OPTIONAL PROTOCOL TO THE CONVENTION ON THE RIGHTS OF TXE CHILD),

)* 67 LACZKO,F. GRAMEGNA,M. ,,DEVELOPING BETTER INDIKATORS OF HUMAN TRAFFICKING,, , ,, IOM GENEVE, VOLUME X, ISSUE 1, SUMMER/FALL , 2003

Конвенциите против незаконската работна сила( ILO CONVENTIONS No 92, 182), актот за заштита на тргуваните жртви (U.S TRAFFICKING Victims protection act) и Брисалските декларации за трговија со човечки суштества на Европската унија ( EU BRUSSELS DECLARATIONS ON TRAFFICKING IN HUMAN BEINGS).)*68

Република Македонија го потпиеша Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговја со луѓе особено жени и деца на ООН со коишто се доделува Конвенцијата против меѓународниот организиран Криминал, 14 декември 2000 година. Во таа насока Владата почна да превзема практични мерки како што се формирањето на Комисијата за спречување на трговија со луѓе на 27 февруари 2001 година. )* 69

Основната правна рамка на трговијата со луѓе во Република Македонија ја сочинуваат членовите 418-а, б, в од Кривичниок законик и Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал од 2000 година со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден и воздушен пат кои Република Македонија ги ратификува на 28 Септември 2004 година)*70

На почетокот на 2002 година ја донесе Националната програма за борба против трговија со луѓе, а во март 2006 година формално го усвои националниот план за акција и Стратегија за борба против трговија со луѓе.

Сакајки да придонесе за развојот на билатералните односи, Владата на Република Македонија потпиешан и ратификувано *договори за соработка во борба против* тероризмот, организираниот криминал нелегалната трговија со наркотици, психотропни супстанци и прекурзори,

)* 68 LACZKO,F. GRAMEGNA,M. „DEVELOPING BETTER INDIKATORS OF HUMAN TRAFFICKING,, , „ IOM GENEVE, VOLUME X, ISSUE 1, SUMMER/FALL , 2003

)*69 Службен весник на Република Македонија ,решение на Влада број: 23-1022/2. февруари, 2001 година

)*70 Практикум „ за борба против трговија со луѓе нелегална миграција„ ИОМ, Скопје 2005 година

нелегалната миграција и други криминални дела со: Албанија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Романија ,Словенија, Франција, Украина, Швајцарија и Кралството Норвешка . Целта на овие договори е да се зајакне соработката за превенција и борба против организираниот кримнал.

# 4.1. ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Иако проблемот со дрогата во Република Македонија е присутен веќе неколку децении, опсегот и размерот на проблемот се уште не се доволно проучен и опишан. Врз основа на извоштајот ЕСПАД 2006 година .)*71 статистичките и епидемиолошките податоци од Министерството за внатрешни работи, Министерството за Правда, Министерството за здравство , Министерството за труд и социјална политика и исто така и според податоците од непроверени и неофицијални извори , може да се проникне во состојбата со droги во Република Македонија.

Првите регистрирани корисници на дрога во Република Македонја беа регистрирани од МВР во 1969 година. Помеѓу 1990- 2004 година бројот на регистрирани корисници на дрога)*72 се зголемил од 314 на 6583, а во 2005 година , беа регистрирани 549 нови корисници на дрога. Најголемиот број случаи во оваа евиденција се жители на урбани области, најмногу оние од градот Скопје(51% од вкупниот број на регистрирани).

Република Македонија е земја која се наоѓа на патот на дрогата (транзитна земја), но, истовремено земја која произведува и конзумира дроги. Во изминативе години има значително зголемување на трговија со канабис преку територија на РМ. Главните правци на трасата на канабис и неговите деривати е од Албанија преку северозападниот до југоисточниот дел во насока на Грција и Бугарија .

Хероинот доаѓа главно од Турција, Бугарија или Грција во правец на Албанија или Србија , кокаинот преку воздушна пат преку скопскиот аеродром или преку пристаништата во Албанија и Бугарија , додека синтетичките дроги најчесто доаѓаат од насока на Бугарија и Србија.

Последните две декади на дрогата и трговијата со дрога доживуваат еден тренд на „ ГЛОБАЛНО ШИРЕЊЕ „ односно масовно распространување на глобално ниво. Според анализите на Светскиот извештај за дрога

)*71 Оичев, С.ет.ал.(1999) . ЕСПАД извештај за Македонија 1999 година, Скопје,

)*72 Министерство за внатрешни работи го регистрира секој оној кој дошол во контакт со полицијата во врска со употреба на дрога или со кривично дело поврзано со дрога. Регистерот не прави разлика помеѓу кои користат канабис за прв пат или корисници зависно од хероин

од 2000 година можеме да констатираме дека трговијата со дрога несомнено прераснува во „ ВИСТИНСКИ ГЛОБАЛЕН ПРОБЛЕМ„. Исто така, трговијата со дрога претставува најраспространета и основна дејност на организираниот криминал . Економскиот ефект од „ нарко-бизнисот„ опфаќа 4/5 од вкупната добивка на криминалните организации. Оваа значајна и моќне доходовна дејност на организираниот криминал секојдневно ескалира со што се зголемува и степенот на општествената опасност и загрозеност.

Опасноста од ова современо зло се манифестира и преку негативните импликации во економската, социјалната, индивидуалната и националната безбедност , дури и во политичката ( стабилност на власт) и другите сфери на животот.

Исто така несомнена е и констатацијата дека обемот и растот на незаконското производство , побарувачка и промет со опојни droги и психотропни супстанции , кои претставуваат сериозна опасност за здравјето и благосостојбата на луѓето , имаат негативно влијание на стопанските, културните и политичките темели на општеството. Во овој контекст, непроценлива опасност претставува се поголемо продирање на дрогата во разните социјални групи како и фактот дека децата во многу делови на светот се злоупотребуваат и користат како незаконски потрошувачи на дроги но, и за незаконско вклучување во производство , дистрибуцијата и трговијата со опојни дроги и психотропни супстанции.

Од аспект на националната безбедност , значајно е да се потенцира и постоењето на поврзаност помеѓу незаконската трговија и другите криминални организирани активности кои во голема мера ја поткопуваат економијата ( првенствено во државите со разорен економски систем) и ја загрозуваат стабилноста , безбедноста и суверенитетот на државата. Исто така незаконската трговија со дрога и психотропни супстанци на „ нарко-актерите„ им обезбедува огромна финансиска добивка и богатство, што им овозможува на определени претставници на структурите на организираниот криминал да влегуваат во највисоките институции на власт, во легитимниот деловен и финансиски свет и општеството на сите нивоа и да ги корумпираат. Во „симбиоза„ со претходно потенцираните „

нарко- проблеми„ значајно место заземаат и активностите поврзани на перењето на пари со мирисот на дрога, кои кога ќе добијат легална форма уште повеќе ќе ја мултиплицираат нивната финансиска моќ како нивните амбиции за стекнување уште поголема општествена моќ на национално ниво.

Трговијата со дрога претставува дејност која вклучува внесување или изнесување (во една или друга страна) на наркотични сретства или суровини на територијата на определени држави. Постојат два вида на трговија со дрога - внатрешни и надворешни. За разлика од легалните видови трговија овој вид трговија се спроведува на определени пазари со примена на мерки на строга конспирација.

Во практика, патот на дрогата од производителите до крајните корисници е долг и ризичен. Во него се вклучени пет инстанце - *производители , откупувачи на суровината , преработувачи, посредници- трговци на разни нивоа, заклучно со нарко- дилерите или „агентите за* распространување„ на дрогата до крајните уживатели.

Меѓународната трговија со дрога најчесто се извршува преку нелегални канали. Во зависност од степенот на ризикот на откривање на стоката, секогаш се користат и резервни канали. Во суштина за транспорт на дрогата се користат сите можни начини и достапни сретства , а досетливоста и дрскоста на „куририте „ во тие „игри без граници„ најчесто немаат граници.

Наркоиндустријата е потчинета на строга организација со посебен облик на добро организирано „нарко- разузнавање„ кое треба да им обезбеди прввовремени и точни информации заради нивната севкупна безбедност но, и за успешно попречување на развојот на конкуренцијата. Најчесто во или околу подрачијата за производство , се наоѓаат и лабараториите во кои се преработува дрогата.

Наркобизнисот обично е во длабока спрега и со другите незаконски дејности како што се трговија со оружје, хазардот, проституцијата и другите понови форми на организиран криминал.

Во најново време производство , трговија и употребата на наркотични сретства добиваат глобално значење и стануваат основа за

функционирањето на т.н. стратегиски криминалитет.

Профитот на меѓународниот организиран криминал од наркотиците се колосални и се мерат со повеќе стотици милијарди долари годишно, што овозможува и финансирање на многу терористички организациии , бунтовнички движења и водење серија помали вооружени конфликти насекаде низ светот- првенствено во нивните „зони на влијанија„.

Со право, денес се смета дека трговијата со наркотици претставува најзначаен феномен од област на криминалитетот од овој век. Но, како што потенциравме претходно, проблемите поврзани со наркотиците се и политички, социјални, морални, економски, биолошки, хемиски, еколошки и правни - со што се мултиплицираат и законите врз поединците и државите од ова најопасно современо зло кое секојдневно го наплатува својот огромен данок во човечки животи.

Покрај ефектите на дрогата врз внатрешната безбедност и стабилност на земјите - ресурсни бази за дрогата, ефектите се мошне разорни и во сферата на надворешните односи. Поврзаноста со наркотици на кое било рамниште може сериозно да го оцрни имиџот на земјата- нарко ресурсна основа на меѓународна сцена.

## 4.1.1. ДРОГАТА И НАСИЛНИОТ КРИМИНАЛ

Зависноста од дрога и шверцот на неколку начини се тесно поврзани со насилство. На пример некои наркомани извршуваат насилни криминални дела за да дојдат до пари за купување на дрога. Психолошките функции на наркоманот, неговата когнитивна способност и чувствата можат да бидат под влијание и на легални и на нелегални дроги. Иако не постојат докази за постоењето на врска меѓу насилството и употребата на droги голем број експерти заклучуваат дека некаква комбинација на директни и индиректни фактори може да доведе до насилно однесување. Тука се вклучени видови на дрогата карактеристиките на личноста на корисникот и влијанијата од околината и од културата.

**Каква е врската меѓу дрогите и криминалот?**

| *Врската меѓу дрогите и криминалот* | *Дефниција* | *Примери* |
|---|---|---|
| Престапни дефинирани со дрога | Нарушување на закони со кои се забранува поседувањето, употребата, одгледувањето дистрибуцијата или производството на нелегални дроги | Поседување или употреба на марихуана, метамфетамин, кокаин, хероин или продажба на марихуана |
| Престапни поврзани со дрога | Престапи што се извршени под влијание на дрога, мотивирани од потребата на корисникот да ја овозможи употребата, а се поврзани со самата дистрибуција на дрогата | Насилно однесување што произлегува од ефектите на дрогата |
| Крадење за да се дојде до пари | Насилство против соперички дилери на дрога | |
| Интерфракционерска | Употребата на дрога и криминалот се вообичаени аспекти на девијантниот животен стил; веројатноста и зачестеноста на инволвирањето во нелегални активности се зголемуваат затоа што престапниците се изложуваат на ситуации кои го поттикнуваат криминалот | ЖИвотна ориентација во која се нагласуваат краткорочни цели поддржани од нелегални активности; можности за извршување престап како резултат на контакти со престапници и со нелегални пазари; криминални вештини научени од други престапници |

*Извор: Bureau of Justice Statistics (1992).*

)*73

*Врскаѿа ӣомеѓу дроѓаѿа и криминалоѿ*

*Извор* : **Bureau of Justice Statistics** *(2005 ) ѓодина*

)*73 Лајман Д. Мајкал „ Организиран криминал„ четврто издание, Магор , Скопје , 2009 година стр.25

## 6.1. ШВЕРЦ

Терминот шверц ( контрабанда ) има италијанско потекло - во суштина означува незаконско префрлување на стоки преку граница. Во последните години овој термин се почесто се заменува со англискиот термин - незаконски трансфер, што означува транзитирање на стоки на нелегален начин - термин што повеќе се одомакинува и во нашиот јазик.

Шверцот претставува дејност насочена кон пренасочување на пари, стоки или други вредности преку државната граница со нарушување на процедурите и редот воспоставен од компетентните државни органи. Шверцот секогаш е противзаконска дејност што ги зесегнува интересите на повеќе од една страна и во целост е насочен против економскиот поредок на конкретните држави. Шверцот во принцип претставува и средство, механизам за реализирање на останатите дејности на организираниот криминал (нелегална трговија со дрога, со луѓе, културни вредности, украдени незаконски материјални или превозни средства). Целта на шверцот , односно шверцувањето претставува остварување на големи добивки на брз и лесен начин. За таа цел актерите на овие нелегални активности првенствено се фокусирани на стоките кои се барани и атрактивни, вредни и кои овозможуваат остварување на големи профити.

За таа цел , шверцот има сериозни негативни импликации врз економијата на државата, додека на подолги патеки води и кон загрозување на нејзината национална безбедност и нарушување на суверенитетот на една или повеќе држави. Шверцот , од ден на ден има тенденција на континуирано нараснување , како и интернационализирање и глобализирање. На оваа релација можеме да потенцираме и една нова закономерност: „ Колку повеќе се развива шверцот на глобален план, толку повеќе се нарушуваат принципите на слободната конкуренција„ .

Со тоа се нарушува една од најзначајните вредности за слободата и целосно заштитена трговска размена, односно можноста за непречено остварување на светските економски и трговски текови.

Шверцот се извршува од лица кои имаат огромно меѓународно искуство и познавање на технологијата на шверцување. Овие професионалци секогаш дејствуваат во „симбиоза„ со , нивните претставници„ инкорпорирани и најзначајните државни институции. По правило , секогаш кога е отежнато ( честопати се прави и вештачки) снабдувањето со витални стоки од најголема важност за населението и државата, шверцот добива масовни размери.

Патот на шверцуваните стоки секогаш поминува по добро разработени и обезбедени легални и нелегални канали. Овие канали функционираат и со активна поддршка од страна на определени функционер и извршители во структурите на царината и граничната полиција, како и со поддршка на определени партиско-политички структури во земјите во т.н „ бесконечна транзиција„ .

## 7.1. КРАЖБА И ШВЕРЦ НА АВТОМОБИЛИ

Кражбата и шверцот со скапи автомобили, според најновите статистики, бележи висока стапка на пораст во сите држави но, највеќе во државите во кои има огромен број скапи и луксузни автомобили и либерален граничен режим. Кражбата и шверцот со автомобили се промовираше како уште една нова гранка- форма на дејствување на меѓународниот организиран криминал. Големите профити на овој „ нов бизнис„ неминовно водат кон негова трансформација од локалното и националното ниво на меѓународно. Овој вид криминален бизнис носи големи профити со релативно минимален ризик . Водечка улога во остварувањето на овој вид транснационален кримнал имаат руските, бугарските и албанските криминални групи кои оперираат на просторот на цела Европа.)*74

)*74 Забелешка: Во „ балканскиот златен триаголник на дрогата„ се пренесуваат од 200 000 до 250 000 украдени коли од Европа . Со право можеме да користиме дека овој регион претставува и „ балкански златен триаголник на украдени луксузни автомобили„

И покрај сериозниот факт на овој криминал, сепак, не претставува некоја посериозна закана за безбедност на конкретните држави но, импликациите на економски план од ден на ден стануваат повидливи и подраматични првенствено за оштетените граѓани и осигурителни компании.

## 8.1. ТРГОВИЈА СО ЧОВЕЧКИ ОРГАНИ

Трговијата со човечки органи за релативно краток временски интервал се трансформира во многу доходовна гранка на организираниот крминал. Мошне занчаен фактор за брзиот развој на овој грозоморен криминален вид претставува и високиот степен на корумпираност во медицинските средини , кои , исто така се вклучуваат во овој криминален бизнис.

Во изминатите две децении се појави ,, нова стока,, со многу висока цена - човечки органи наменети за трансплатација на оние кои имаат доволно пари да ги платат. Најчесто ,, трансферот,, на човечките органи претставува предмет на организираното шверцување првенствено од сиромашните земји со екстремно низок животен стандард и со општа социјална и севкупна нестабилност. Човечки органи- предмет на нелегална трговија се насочени првенствено кон економско развиени и богати држави во кои незаконското донаторство се плаќа многу скапо. Последиците се катастрофални - денес во определени сиромашни држави има региони во кои најголем број од населението ,, функционираат,, само со еден бубрег или се останати без некој од своите органи.

Трговијата со човечки органи претставува значаен ,, сектор,, во рамките на илегалната трговија со луѓе. Оваа појава ,, бизнис - гранка ,, во последно време поприма форми на транснационален организиран криминал. Човечките органи преку организирани канали се транспортираат до определени дестинации, односно до крајните корисници кои се подготвени солидно да ги платат овие услуги. Богатите

клиенти во нивната потрага за потребните човечки органи не бираат средства само да ја остварат својата цел- продолжување, подмладување или олеснување на нивниот живот. Трговијата со човечки органи претставува појава во која доаѓа до најбезобзирно кршење на сите морални норми, деградација на човечкиот живот преку нај нечовечното и најнехуманото однесување дури и во целокупната историја на криминалитет и криминалното однесување на најзакоравените криминалци. Во суштина , овие најгрозоморни акти претставуваат кулминација во распадот на основните морални норми и тотално кршење и негирање на Хипократовата заклетва и најцрната дамка на современата цивилизација.

Во овој „бизнис „ активно се вклучуваат и приватните болници првенствено во државите со слаба контрола на здравствениот како и на другите сектори на сите нивоа. Во определени држави криминалните организации го финансираат создавањето на болници од таков вид, преку кои го спроведуваат „ стручниот дел„ од нивните валкани активности на овој план.

При набавката на бараните органи тие се подготвени на извршување и на најтешки кривични дела - убиства, киднапирање, сакатење на противниците, посебно измами на мигрантите кои завршуваат како „донатори „ на определени човечки органи. За целосно остварување на овие мошне профитабилни активности структурите на меѓународниот организиран криминал имаат изградено добро организирана мрежа на глобално ниво. За таа цел , структурите на меѓународниот организиран криминал настојуваат да отворат што е можно поголем број приватни болници во голем број држави со цел уште повеќе да го зголемат профитот , односно нивната финансиска добивка.

Со оглед на огромната опасност и штетност, односно високиот степен на општествена опасност , како и високиот степен на опасност на глобален план, се повеќе се наметнува потребата за воведување на соодветна инкриминација во националните законодавства, но и пошироко во меѓународните конвенции документи и протоколи за транснационалниот организиран криминал.

# 8.1. КОЦКАЊЕ

Игрите на среќа отсекогаш ги привлекувале луѓето од различните социјални слоеви и со различна имотна состојба. Со оглед на фактот дека големите влогови обезбедуваат големи печалби, игрите на среќа се поврзуваат со измама преку различни форми. Во САД , традиционално , уште од пред минатиот век, најстар извор на приходи на организираниот криминал беше коцката, која им обезбедуваше релативно високи суми финансиски средства.

Кон средината на осумдесетите години на минатиот век, Претседателската комисија за организиран криминал на САД , оцени дека заработката од овие активности значително пораснала и изнесува помеѓу 29 - 32 милијарди долари, со тенденција на нивно понатамошно зголемување.)* 75

Со сигурност можеме да констатираме дека не само во САД туку и пошироко организираните игри од овој вид отсекогаш биле под контрола на организираниот криминал, и тие се создадена, осмислена, високоорганизирана, хиерархиски зависна структура која во понатамошниот процес претставува значајна алка неопходна за „ перење на валканите пари„ на структурите на организираниот криминал.

Денес , генерално егзистираат два основни вида нелегално коцкање - „ бројки„ ( вид лотарија, во која играчот избира 3 броеви 000 и 999) и кладење кое се однесува на трки и натпревари со други животни, и посебно на спортски натпревари.

Целиот систем е изграден врз конфиденцијалност и активно неутрализирање на финансиските, даночни и други контролни органи, полицијата и обвинителствата. Денес , низ казината поминуваат огромни суми пари со право можеме да констатираме дека тие се едни од најголемите перачи на „валкани пари„ , средиште на нарко-босовите и елитните макроа.

)* 75 President,s Commission on Organized Crime-The Impact: Organized Crime Today, Washington, 1986

# 9.1.ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ПАРИ И ЗНАЦИ ЗА ВРЕДНОСТ

Интересот за заштита на парите е тесно поврзан со потребата од развивање на меѓународните економски и финансиски односи и на меѓународниот пазар , во кој националните валути може да ја остваруваат својата функција на средство за плаќање само ако ефикасно се попречува циркулацијата на лажни пари. Покрај растројството на меѓународните финансиски и економски текови, „ емитирањето„ лажни пари може да дејствува погубно и за националната економија на државата. Од друга страна, практично е невозможно фалсификувањето на парите да се задржи во националните граници и да не произведе ефекти и во односите со друг држави.

Историјата бележи голем број случаи на фалсификување , некогаш практикувано од страна на државата со цел да се разниша економијата на друга држава, (како фалсификувањето огромно количини англиски фунти од страна на Хитлер во Втората светска војна). Една позната афера од дваесетите години на фабрикување во Унгарија голем број обврзници на Француската банка беше непосреден повод за усвојување на Конвенцијата за казнување на фалсификувањето пари, пуштањето во оптек , примањето и другите постапки напуштање во оптек од страна на оној што знае дека парите се лажни, обидот и соучесништвото, како и правењето, давањето на друг и примањето средства за фалсификување.

Покрај прифаќањето на универзалниот принцип одделни казнени законодавства засилената заштита на домашната валута ја обезбедуваат и со примена на реалниот принцип.

Современите казнени законодавства ја прошируваат заштитата и врз знаците и хартиите од вредност ( така во македонскиот КЗ , покрај фалсификувањето пари , фалсификувањето хартии од вредност и знаци за вредност). Отвореноста на маѓународниот Пазар на капитал на кој се повеќе и повеќе циркулираат таквите средства ( обврзници, чекови, акции, записи на банки итн. ), ја наметнува потребата од подигање на казнено -

правната заштита и на меѓународно рамниште. Меѓународната основа за казнувањето на фалсификувањето поштенски марки и други знаци од вредност претставува Универзалната поштенска конвенција од 1964 година.

## 10.1. ШВЕРЦ НА НЕЛЕГАЛНИ ПРОИЗВОДИ

Шверцот на нелегални производи е привлечна криминална активност затоа што обично повлекува многу полесни казни во споредба со шверцот на дрога, шверцувањето настојува да обезбеди високи нивоа на незаконски профит преку одбегнување на разни даноци, тарифи и царински давачки на одредени предмети, за помасовна потрошувачка. Логистиката на шверцот на нелегални производи станала значително полесна со големото зголемување на меѓународната трговија кон крајот на дваесетиот век.

Земјите како САД кои имаат голема комерцијална трговска размена со други земји , нудат совршено засолниште за организираните криминални групи кои се занимаваат со шверц. Големиот обем на трговска размена значително го олеснува сокривањето на шверцуваните производи, ги минимизира шансите службите задолжени за спроведување на законите да го откријат шверцот, а бидејќи најчесто станува збор за големи увозни давачки на тие производи се зголемува профитот од него. Релативно лесните казни и големите профити го претвориле шверцот во главна криминална активност на организираните криминални групи во Азија , бившиот Советски Сојуз , Блискиот Исток, и во Централна и Јужна Америка. Царинските тарифи и трошарините го потикнуваат пазарот со нелегални производи , бидејќи овие давачи се високи речиси во целиот свет , кога станува збор за тутунот, алкохолните пијалоци и за луксузните автомобили овие производи го зазеле централното место на пазарот. Организираните шверцерски групи им се обраќаат директно на потрошувачите кои сакаат да дојдат до луксузни предмети , а притоа да го одбегнат вишокот давачки кој обично е поголем од 25% од вредноста на

производот . Според тоа , пазарот за вакви нелегални производи одзема значајни суми што би требало да бидат наменети за даноци. Бидејќи Русија, Кина, и земјите што ја сочинуваат бивша Југославија ( Босна , Србија , Хрватска ,Црна Гора) имаат највисоки тарифи на луксузни производи од увоз во светот тие се најчеста мета на групите на меѓународниот организиран криминал.

Освен шверцот на производи наменети за широка потрошувачка , нелегално пренесување на опасен отпад и опасни хемикалии може да и наштети на околината, а со тоа и на здравјето на населението.

## 11.1. ШВЕРЦ НА СКАПОЦЕНИ КАМЕЊА И ЗЛАТО

Меѓународниот пазар на дијаманти и други скапоцени камења и злато е особено доходовен. Овој пазар и достапноста на украдени скапоцени камења и злато создале нови криминални можности за групите на организираниот криминал, особено за оние кои соработуваат со господарите на регионалните конфликти во областите од Африка што се богати со дијаманти. Легитимната индустрија со дијананти никогаш не била премногу заинтересирана за потеклото на необработените дијаманти што се купуваат.

Во пазарите со нелегални скапоцени камења и злато се вклучени најразлични организирани криминални групи , пред се со потекло од Русија Кина, Италија и секако од Африка. Организираните криминални групи од Русија успешно навлегле и во легитмната индустрија со дијаманти и злато во Русија. Овие групи користат бројни легитимни компании како закрила за криење на својата улога во набавката на скапоцени камења и на златото со што буквално се оневозможува откривањето на нелегалните пратки што се скриени во легалните. Редовните исплати на корумпираните службеници им овозможува на овие лажни компании на организираниот криминал да го одбегнат плаќањето на даноците и на царински давачки , со што значително си го зголемуваат профитот кога

скапоцените камења и златото ќе бидат продадени по пазарна вредност на индустријата. Една од најголемите индустрии со нелегално стекнати скапоцени камења во Русија го опфаќа и нелегалното ископување во рудниците и извозот на килибар чијашто вредност , како резултат на криминална активност достигнува милијарда долари годишно.

## 12.1. ЛИХВАРСТВО

Индустријата на заеми , односно лихварство е на второ место , веднаш по коцкањето на списокот на најпрофитабилни активности на традиционалниот организиран криминал и е еден од неговите најнасилни потфати. Парите им се даваат со голема камата на луѓе кои поради различни причини , немаат друг избор освен, во потрага по финансиска поддршка , да посегнат по такви извори. Лихварството има репутаџја на наплата на претерани камати заеми и на физичко малтретирање на оние кои доцнат или никогаш не ги отплаќаат своите долгови. Во современото општество голем број индивидуи и деловни активности имаат бројни причини да посегнат по добивање капитал на нелегален начин. На пример деловната активност може да го потроши целиот свој капитал и да не може да добие пари од банка или од друг легитимен извор што е доста честа појава во некои индустрии , особено во производство на облека и во трговија со крзно.

# 13.1. НЕЗАКОНСКА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

Врз основа на определбите презентирани во Протоколот против недозволеното производство и трговија со огнено оружје негови делови и компоненти и муниција како дополнение на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал , „ недозволено производство„ ќе значи производство или склопување на огнено оружје , - негови делови и компоненти или муниција:

1. делови и компоненти кои се предмет на недозволена трговија;

2. без дозвола и овластување од надлежната власт на државата- членка каде што се одвива производството или склопувањето ; или

3. без ознаки на огнено оружје при производство во согласност со член 8 од овој Протокол .)*76

За попрецизно расветлување на овој сегмент на организираниот криминал ќе го презентираме и детерминирањето на поимот недозволена трговија со оружје, негови делови и компоненти и муниција елабориран со Протокол.

Според неговите одредби „ недозволена трговија ќе значи увоз , извоз, набавка, продажба , испорака, пренос или трансфер на огнено оружје , негови делови и компоненти и муниција од или преку територијата на една држава членка на територија на друга држава членка доколку една од набавка, продажба , испорака, пренос или трансфер на огнено оружје , негови делови и компоненти и муниција од или преку територијата на една држава членка на територија на друга држава членка доколку една од засегнатите држави - членки не го овластила истото во согласност со условите од овој Протокол или доколку огненото оружје не е означено во согласност со член 8 од овој Протокол.)*77

)*76 Генерално собрание на ООН педесетипето заседание , Резолуција усвоена од Генералното собрание ( 8 јуни 2001 година ) 55/225. Протокол против недозволеното производство и трговија со огнено оружје , негови делови и компоненти и муниција како дополнение на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал.

)*77 Генерално собрание на ООН педесетипето заседание , Резолуција усвоена од Генералното собрание ( 8 јуни 2001 година ) 55/225. Протокол против недозволеното производство и трговија со огнено оружје , негови делови и компоненти и муниција како дополнение на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал.

Незаконската трговија со оружје претставува еден од најсложените и најопасни проблеми на современиот свет. Криумчарењето и нелегалната трговија со оружје и муниција претставува една од значајните дејности на организираниот криминал, кој исто така остварува огромен профит. Покрај финансискиот мотив , овие валкани активности , честопати ги следат и мотивите од политичка и воена природа во функција на остварување на определени цели на воените стратегии и геополитички комбинаторики.

Незаконската трговија со оружје и муниција станува реална закана за националната безбедност и мирот во определени држави и региони. Црниот Пазар на оружје го карактеризираат три основни белези : *нелегалност, таен карактер на зделките и перење на пари со „мирис на барут„.*

Предмет на овие бизнис - зделки претставуваат конвенционалните и не конвенционалните оружја и технологии кои манифестираат силно влијание врз сите видови воени конфликти и тероризмот, првенствено во актуелните конфликтни зони но,и пошироко на глобален план.

Шверцот со оружје во овој контекст можеме да го разгледуваме и како силен акцелатор ( дури и пресуден) за поттикнување на насилство од страна на разни екстремистички и терористички групи и бунтовнички движења.

Зачестените воени конфликти , реактивирањето на старите и активирањето на нови воени жаришта , барања за енормно вооружување на голем број држави, герилските движења , глобалните терористички мрежи , меѓународните судири на голем број криминални и други групации врз основа на различни барања ослабнатата или загрозена безбедност на определени држави или региони , нестабилната индивидуална безбедност и нарушена доверба во надлежните државни органи постојаниот став од се поагресивното и подрско загрозување на личната и имотната сигурност, претставува само еден значителен дел од „топ- листата„ на значајни варијабли за анализа на овој феномен . Овие фактори се неопходни за непречено продуцирање на значајни предуслови , односно погодно тло и

неопходни околности за развој и брзо интензивирање на нелегалната , како и на легалната трговија со оружје и муниција насекаде во светот.

Разорните ефект од овој „ бизнис „ се мултиплицираат со паралелното дејствување на серија „ нови „ криминогени фактори кои се продукт на распадот на земјите на реосоцијализмот , создавање на нови слаби држави, недоволна контрола на огромните количества наследено оружје, опрема и муниција, долготрајната економска и политичка криза на значителен број држави во транзиција и големиот налет на корупцијата и коруптивно однесување во овие држави, новоформираните структури на организираниот криминал и серија на нови „ транзициско-криминални„ придобивки. Новите криминогени фактори со претходно презентираната група фактори ја сочинуваат целината - основата на етиолошките детерминанти неизбежно поврзани со криумчарење и нелегалната трговија со оружје и муниција која обично е контролирана од структурите на организираниот криминал. Во последните години , се позабележително е меѓусебното поврзување на активностите на незаконската трговија со оружје и незаконската трговија со опојни droги и психотропни супстанци.

Денес , определени организации на организираниот криминал почнуваат илегално да произведуваат некои типови лесно рачно оружје , кои веднаш го пласираат на црниот пазар. Оружјето лесно го набавуваат и од фирмите за производство на оружје на слабите и корумпирани држави кои не се во состојба да обезбедат соодветна контрола. Исто така, до оружјето патот води и преку воените магацини на поранешните советски републики и источно - европски држави , како и од големиот број западни мултинационални компании. Во последно време се приметува зајакнато дејствување на организиран криминал во илегална трговија со оружје и муниција на просторот на Јапонија.

Исто така порозните меѓународни граници, непрофесионализмот на структурите на интегрираното гранично обезбедување ги отвараат „ портите„ за влез или непречен трансфер на оружјето во сите региони во светот , посебно во кризните региони и постконфликтните држави во кои покрај „ комунистичкото„ оружје се поприсутно е и оружјето произведено и во некои земји - членки на НАТО.

Во Република Македонија незаконската трговија со оружје и муниција според статистички анализи во периодот од 2006-2010 година значително опаѓа , заради спремноста и обученоста на органите за вршење на своите функции. Тоа табеларно би изгледало вака:

Табела бр.1

| | 2001 | | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. |
| ИЗРАБОТУВАЊЕ И НАБАВУВАЊЕ ОРУЖЈЕ И СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ЧЛ.395 | - | - | - | - | - | - | - | - | 7 | 7 |
| НЕДОЗВОЛЕНО ИЗРАБОТУВАЊЕ,ДРЖЕЊЕ И ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ ИЛИ РАСПРСКУВАЧКИ МАТЕРИИ ЧЛ.396 | 138 | 172 | 153 | 215 | 213 | 238 | 214 | 235 | 355 | 395 |
| ВКУПНО | 138 | 172 | 153 | 215 | 213 | 238 | 214 | 235 | 362 | 402 |
| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
| | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. | РЕГ. КР. Д. | ПРИЈ. Стор. |
| ИЗРАБОТУВАЊЕ И НАБАВУВАЊЕ ОРУЖЈЕ И СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ЧЛ.395 | 2 | 2 | - | - | 2 | 2 | 1 | 1 | - | - |
| НЕДОЗВОЛЕНО ИЗРАБОТУВАЊЕ,ДРЖЕЊЕ И ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ ИЛИ РАСПРСКУВАЧКИ МАТЕРИИ ЧЛ.396 | 250 | 279 | 240 | 286 | 248 | 288 | 237 | 270 | 199 | 233 |
| ВКУПНО | 138 | 281 | 240 | 286 | 250 | 290 | 238 | 271 | 199 | 223 |

)*78

*Недозволена трговија со оружје во Република Македонија период (2001-2010) година*

*Извор : Министерство за внатрешни работи на Р. М.(2010)*

Анализирајќи го овој период од десет години ќе забелезиме дека на почетокот недозволената трговија со оружје и муниција нема некој енормен раст што значи дека тоа се забележува во 2005, 2006 година. Подоцна веќе повторно доаѓа до пад на оваа недозволена трговија.

)*78 www.mvr.gov.mk

# 14.1. КРАЖБА И ШВЕРЦ НА ПРЕДМЕТИ СО ИСТОРИСКА И КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ

Историските и културни вредности во текот на разните цивилизации претставувале посебен предмет на интереси и на криминална дејност која често пати била поттикнувана , поддржувана и финансирана од определени држави. Кражбите на овие вредносни дела имале за цел да ги задоволат локалните колекционери, но денес се почесто се вклучени во добро организирани шверцерски мрежи кои обезбедуваат нивно пренесување преку граница и наоѓање пазари на кои ќе го пласираат ова непроценливо богатство со посебна историска и културна вредност во секоја држава во светот. и овој вносен бизнис се почесто ги „ напушта „ националните граници и добива форма на организиран криминал највеќе мотивиран од остварувањето на значителен економски интерес.

Шверцот и трговијата со предмети со висока историска и културна вредност се поддржуваат од моќни организации на трагачи и истражувачи кои ги поттикнуваат и локалните „ колекционери „ и „ истражувачи „ да работат по порачка и под нивно менторство.

Државите со богато историско и културно минато претставуваат најчест објект на напад посебно ако културното наследство кое има огромна материјална , културна , историска и уметничка вредност е недоволно и несоодветно заштитено.

Основната дејност на организираниот криминал е насочено кон извршување на активностите поврзани со криумчарење и недозволена трговија со вредни експонати од областа на културните добра.

Овие културни вредности стануваат предмет на илегална трговија во странство , при што „ главните актери „ во овој бизнис остваруваат огромна противправна имотна корист. Културните добра најчесто се криумчарат во западните земји каде што ги купуваат колекционерите, приватните институции и богатите поединци заради престиж и „ углед „ .

Но, кога станува збор за културното богатство на нашата држава, вредно е да потенцираме една постара практика кој ја практикуваат нашите соседи, кои без исклучок, имаат негаторски став кон нашата историја ,

култура и традиција - кон нашите корени, нашиот идентитет и кон нашето севкупно постоење. Тие во континуитет подолг временски период немилосрдно го ограбуваат нашето културно наследство со цел да ги уништат сите историски и културни материјални докази за нашето постоење. Тоа е во функција на непречено остварување на нивните вековни ,историски стремежи за освојување на овие простори и асимилација и обид за уништување на Македонската нација, но и потврдување на тезата дека тие ( Грците) се единствените наследници на Античките Македонци и на нивната историја и култура.

Нивните активности не само што не се намалуваат туку напротив, уште повеќе се интензивираат во последно време, посебно од страна на Р.Грција, која во битката за името небира сили и средства.

„*Купувањето*„ на вредните археолошки експонати кои се поврзани со периодот на Античките Македонци , се рангирани на врвот на атрактивните културни вредности за кои државата е подготвена да плати и енормно високи суми финансиски средства. Би можело да се каже дека Република Македонија , односно просторот каде што живее македонскиот народ е на прво место ( во однос на Балканот и во однос на Европа) по културното богатство. Во таа смисла, има процени дека најголемо богатство на овој простор претставуваат културните вредности. Вредноста на ова богатство тешко е да се процени со класични мерила (пари, злато и др.) , а и секој таков обид би бил необјективен. Тоа значи дека станува збор за богатство од непроценлива вредност. „ Тоа е извор на сознанието за себе како народ , за сопствените развојни патишта и гаранција (потпора) за опстојување на нашата самобитност„.)*79

Со „чистењето„ и „ ослободувањето„ на нашата држава од ова највредно наследство , спротивната страна смета дека ќе ги зголеми шансите за наше целосно замолчување пред светот. Обратно, ние со нашето неразбирливо однесување сигурно ризикуваме да ги изгубиме и да ги жртвуваме сите вредни аргументи во борбата за потврдување , презентирање афирмација на нашата историска вистина во Европа и во светот.

)*79 Аслимоски, П.,„Општествена заштита на културното наследство„ Југореклам- Скопје , 2007 година

Оваа „ современа Балканска практика„ во голема мера ја збогатува и теоријата на организираниот криминал. Во овој случај определени држави преку нивните „ претставници„ во мрежите на организираниот криминал се вклучуваат во овие деликатни активности не за остварување на профит туку уште повеќе, остварување на определени вредни политички државни и национални цели и интерес. Оваа е еден од ретките преседани во историјата на организираниот криминал на глобален план , појава пред која нашата држава во ниту еден момент несмее да ги „ затвори очите„ бидејќи се доведуваат во прашање нашите витални национални и државни интереси и цели.

## 15.1. КРИМИНАЛ НА БЕЛИТЕ ЈАКИ

Поимот на „ криминалот на белите јаки „(White Collar Crime)„ го исфрли американската криминологија (поточно американскиот криминолог Edwin Sutherland 1939 година. Како антипод на криминалот „на сините јаки„ што го означува општиот криминал на посиромашните слоеви население, овој поим е синоним за криминалот на богатите, привилегирани социјални слоеви во кои влегуваат економска, финансиска и политичка олигархија. Се работи за форми на економски, финансиски криминал, корупција и злоупотреба на власта како се: поткупување, масовни грабежи на купувачите, лажни банкортства, составување на лажни биланси, даночно затајување и.т.н. што се врши со искористување посебната позиција, углед и влијание и на кои им се дава привид на легални финансиски политички активности.

Како и во однос на другите „ неконвенционални„ форми на криминал, постојат низа тешкотии во дефинирањето на поимот на криминал „ на белите јаки„. Овој криминал го користат припадници на повисоките слоеви . Но, се истакнува дека со користењето на новите технологии и масовните комуникаци се повеќе припадниците и на пониските слоеви

добиваат шанса да се вклучат во „криминалот на белите јаки„ , така што наспроти социјалниот елемент - припадноста кон повисоките социјални класи, клучен станува методот што се користи за извршување на криминал кој претставува опасност по безбедноста на самата држава. Така дефинираниот поим на „ with-collor- crime„ опфаќа широк спектар главно од економско - финансиска природа од кои некои се мошне блиски до легалните активности. Типичен примери се : затајување на данок, поткупување, проневера, различни облици на измама , нелојална конкуренција и создавање монополистичка положба, еколошки криминал, производство на штетни производи, компјутерски криминал и др.

Посебна карактеристика на овој облик на криминал е и неговата тешка препознатливост, идентификација. Високото ниво на „ скриен криминал„ (или „темна бројка„ на криминалот) се должи на неговата поврзаност со економски и со други општествени активности прикривање зад легални трансакции користење на празнините во законите и движењето по работ на легално - нелегални зделки.

Криминалците „ во белите јаки„ по правило не се сметаат за криминалци, туку за деловни луѓе кои ги користат дадените можности и „се снаоѓаат„ за да се одржат на пазарот , а судирајќи се со изречените законски забрани оправдувањето го наоѓаат во тоа дека законите се конзервативни и не одговараат на бизнис- климата на новото време, на специфичноста и на потребите на пазарот и на условите за профитабилното работење. За разлика од обичниот криминал, кај овој облик на криминал припадноста на сторителот кон определена социјална класа е негов инхерентен конститутивен елемент. Криминалецот во „ белите јаки„ не е ниту политички деликвент ниту бунтовник , туку поединец што ги користи слабостите на општеството заради остварување на што поголем профит и општествено влијание.

# 16.1 ОРГАНИЗИРАН ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Во развојот на концептот на економскиот криминал може да се разликуваат три фази: разликување на „ криминалот во бели јаки „ издвојувањето на „ професионален криминал„ и конечно појавата на поимот на „ корпоративен криминал„ , при што секогаш диференцирањето на овој поим било детерминирано со процесуални и со криминалистичко тактички причини.

Економскиот криминал на Комитетот на министрите на СЕ од 1981 година која содржи листа на 16 дела што се сметаат за економски криминал: дела на картелите, измамнички и други дејствија на злоупотреба на економската ситуација од мултинационални компании, измамнички јавни набавки или злоупотреба на државни и меѓународни грантови, компјутерски криминал, лажни фирми, лажни биланси и сметковотствени евиденции , измама во однос на капиталот компаниите повреди од компаниите на стандардите за сигурност и здравствена заштита на вработените, измама на доверителите ( лажно банкарство, индустриската сопственост и.т. н.). Појдовна основа за вкупниот пристап е стојалиштето дека економскиот криминал се однесува на дела кои подготвуваат или повеќе или неопределен број жртви или општеството во целина , го загрозуваат функционирањето на националната или на меѓународната економоја и предизвикуваат недоверба во економскиот систем.

Посебен облик претставува организираниот економски криминал , со кој се нападнати сите подрачја на глобалната економија. Еден мал сегмент на широките економските трансакции на отворениот пазар но, истовремено присутен облик високиот профитен организиран криминал во нашето секојдневие е шверцот со цигари , со алкохол, со нафтени деривати, и со други акцизни стоки со избегнување на царинската контрола и плаќање на царински и други давачки. Нелегалниот пазар на вакви стоки се создава со разликите во цените , во акцизите и во другите

давачки што постојат во одделни држави, кои создаваат можност за исклучително високи криминални профити. Посебно атрактивен е европскиот пазар ( околу 50 % од глобалниот увоз опаѓа на државите членки на СЕ). Се проценува дека околу 25% од вкупното производство на цигари одат на „ црниот пазар„ )*80 Загубите од неплатени акцизи и давачки се проценуваат годишно на над 16 милијарди евра годишно.

Главните патишта на шверцот со цигари се: источната, азиска рута , од Кина или Турција до Велика Британија, Белгија и Германија ; балтичката - извоз од Велика Британија , Холандија и Германија преку источна Европа и криумчарење повторно во Западна Европа;источноевропска - од Русија , Молдавија и Романија до Полска и Германија; и југоисточна рута - од Грција преку Италија до западноевропските држави. Неколку од овие правци се испресекуват и преку територијата на Република Македонија . Развиени и се прилично усовршени техники на криумчарење , преку користење на слободни царински зони , фалсификувани брендови измена на извозно- увозните документи фалсификување на документи за потеклото на стоките и.т.н.

## 17.1. ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

Соочувањето со се посериозните облици на организираниот криминал ја присилуваат меѓународната заедница и сите нејзини членки да пристапат кон итно дефинирање на заедничка глобална стратегијана запирање на натамошната девастација на екосистемот и поправање на веќе предизвиканите штетни последици.

Глобалниот план за акција опфаќе широк дијапазон на мерки и на активности од превентивна природа , од кои поголемиот дел имаат прецизна правна основа ја чинат содржината на еколошкото право.

Заштитата на екосистемот е од посебен интерес и влегува во заедничките политики на ЕУ во подрачјето на правда и на внатрешни

)*80 Organised crime situation report 2007 god.

работи . Промените во политичката во економската и во социјалната структура на ЕУ и нејзиното проширување имаат непосреден одраз врз екосистемот , загрозен со процесите на урбанизација , на имиграција, на развивање на трговијата , транспортот и.т.н. На негативните последици е алармирано по неколкуте еколошки катастрофи (како , пример излевањето на танкерот „ Престиж„ неговиот бродолом на бреговите на Галиција во 2002 година). Во фазата на развивање на европско еколошко право , заштитата на екосистемот е инкорпорирана во првиот столб на ЕУ , прописите во оваа област се усвојуваат со квалификувано мнозинство ( донесени се голем број регулативи и директиви за забрана на увоз на опасни материи заштита на природните ресурси и.т.н) .

## 18.1. КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Современото пост индустриско, информатичко општество, повеќето економски активности, особено преку компјутеризацијата на производните процеси , различните трансакции, како што е електронското тргување , но и социјални комуникации се остваруваат со помош на компјутерите, компјутерските системи и мрежи. Низа социјални државни функции- од банкарството и од финансиите до безбедноста и одбраната , стануваат зависни од ефикасноста и од сигурноста на таквите системи на мрежи. Компјутерите и компјутерските мрежи се насушна потреба на современиот стил на живот, општеството е нивен „ зависник „ , но истовремено нивното користење создава можност за различн злоупотреби во криминални цели.

Ранливоста на информатичките системи е нивна инхерентна, конституционална маана, поврзана со брзиот развиток на информатичката технологија: заштита и сигурност на системите е резултат на технолошките иновации, но истиот тој технолошки развиток исфрла нови начини на нивна повреда. Оттука сознанието дека не постои во технолошка смисла апсолутно заштитен, сигурен и ефикасен систем,

особено ако тој со користењето на телекомуникациските средства е достапен за поголем број корисници. Основниот проблем во заштитата на компјутерските системи се состои токму во можноста за пристап не само на субјектите помеѓу кои се воспоставени ( системот на една банка ги опфаќа и сите физички и правни лица, клиенти на банката , системот на безбедност- сите полициски и други безбедносни структури, или пак, според определен внатрешен режим на користење , само определени од нив итн.). Но , и таквите „ затворени„ системи се од технолошки и комуникациски аспект побројни и отворени за секого што може да го провали системот на заштита ( кодовите на корисниците).

Компјутерските системи и мрежи може да се злоупотребат за различни криминалн цели. Најатрактивно е , се разбира, остварувањето на криминални профити. Електронското тргување, користење на електронскиот потписи, употреба на електронските платежни картички- се некои од економските трансакции што веќе денеска се објект на масовна злоупотреба ( некои случаи на злоупотреба на платежни картички се откриени во 2004 година и во нашата држава ). Не помалку атрактивни се можните злоупотреби со кои се елиминира конкуренцијата ( на пример со упад во компјутерскиот систем на конкурентската компанија и предизвикување проблеми во производството, во сметководството итн.). Различните форми на „ инсајдерство„ односно прибавување и искористување на доверливи информации за работењето и за состојбите на компанијата заради купување или за продажбан на нејзините акции и остварување со тоа на енормни профити се состојат во упаѓање на компјутерските бази на податоци. Но, не е исклучена и злоупотребата на персонални податоци,(уцени, изнуди). Можностите за злоупотребата на компјутерските системи се , според тоа практично безгранични. Така на пример не е исклучено и извршувањето на убиство , ако во некој ургентен случај со упад во лабораториските компјутерски податоци за здравствената состојба на некое лице бидат внесени погрешни податоци врз основа на кои може да биде определена фатална дијагноза и терапија. Компјутерскиот криминал , дефиниран како злоупотреба на компјутерските системи и мрежи за остварување на криминални цели, се

надвиснува како тешка закана над современото општество , во мерата во која рапидно се зголемува бројот на субјектите што се вклучени или може да пристапат кон таквите системи на мрежи. Како илустрација може да послужат следниве бројки: од 300 милиони корисници на Интернет во 1999 година , нивниот број во 2002 година е дуплиран и изнесува 600 милиони, а денес се претпоставува дека е околу 1 милијарда ; е-трговија во САД во 2004 изнесува над 200 милијарди долари „ on line„. , )* 81

Од феноменолошки аспект се разликуваат повеќе облици на компјутерски криминал. Такви се, прво, делата против тајноста и интегритетот на компјутерските податоци системи ( таканаречени ЦИА-делицти) , што се состојат од нелегален пристап со „ хакирање„ , провалување на пасворди, компјутерска шпионажа ( уфрлување на , „тројански коњ„ и слично) , компјутерска саботажа и уништување ( со помош на вируси). Во втората категорија влегуваат класичните дела извршени со користење на компјутери, како што се измами , берзански трансакции, манипулации со системи на контрола на летање итн. Третата категорија ја чинат делата на злоупотреба на компјутерите на ширење на определена инкриминирана содржина , како што е детската порнографија, пропаѓање на расизам и на ксенофобија, поттикнување на извршување казнени дела преку интернет итн. Во четвртата категорија влегуваат делата што се состојат во повреда на авторските и на сродните права како што е неовластената репродукција и користење на компјутерски програми аудио или видео продукцијата итн. Петата ја сочинуваат делата на повреда на приватноста и, низ неовластен пристап кон персонални податоци и, прибирање и дистрибуирање на лични податоци итн.

Во последниве години злоупотребите на компјутерите добиваат во глобални рамки загрижувачки замав. Според анкетите на приватни компании и на институции во Австралија и во САД на пример , во 2004 година повеќето од нив ( 71% во првата и 64% во втората држава ) регистрирале различни инциденти поврзани со вируси „ тројански коњ„ и кражбан а информации : 20 % од 494 анкетирани компании биле објект на компјутерска саботажа и уништување на податоци; веб- страниците на кои

)*81 Organised crime situation report, 169

се пропагира расизам насилство и омрза од 2000 до 2004 пораснале за 300% ( повеќе од нив се отворени во САД); користењето на пиратски софтвери во некои европски држави е речиси правило ( Бугарија71%, Романија 73%, Русија 87%; и Украина 91%); детска порнографија преку интернет е најатрактивниот пазар и прераснува во глобален бизнис што инкасира околу 20 милијарди долари ( од дистрибуираните материјали 55% потекнуваат од САД , а 23% од Русија).)*82

Делата на упад во компјутерскиот систем „ хакирање„ внесување вируси итн најчесто се вршат од поединци обично млади „ ентузијасти„ кои ја проверуваат својата способност ( и често успеваат) да ги совладаат мерките на заштита. Но, од друга страна економскиот компјутерски криминал се повеќе станува подрачје на организирано дејствување на коорпорации и на криминални структури , честопати формално декларирани како компании за различни компјутерски услуги. Десперсонализираните контакти овозможуваат вклучување во вакви злоупотреби на широка , понекогаш и неограничена мрежа на учесници од различни краишта на светот. Типичен пример за организирана криминална активност претставува детската порнографија , во која се вклучени мрежи на педофили , трговци со деца , провајдери на интернет услиги и други организирани структури.

Во последниве години евидентна е појавата и на нов облик на организиран компјутерски криминал , наречен „ компјутерски тероризам„ (cuberterrorism). Се работи за посебен облик на напад врз компјутерските мрежи и врз базите на податоци со намера за примена на сила или закана кон владата на една држава за нејзино подредување на определена политика или донесување определени одлуки. Предмет на напад можат да бидат разни инфраструктури постројки (водовод, гасовод, електродистрибутивн објекти и др. ) , или од таквиот напад врз системите може да резултира насилство кон лица, оштетување на имот или создавање на чувство на несигурност и страв кај неопределен круг лица ( тоа што е по дефиниција тероризам). Така, на пример ако терористичката организација се закани дека со упад во компјутерскиот систем на една

)*82 Камбовски . В. „ Организиран криминал „ 2-ри август-С, Скопје 2005 година стр. 306

атомска централа ќе предизвика нејзна хаварија со големи човечки и материјални жртви , или дека со исклучување на системот за пречистување ќе предизвика контаминација на водата за пиење или дека со углед во компјутерскиот систем на контрола за летање ќе предизвика авионска несреќа , или дека ќе предизвика активирање на нуклеарни бомби и сл. Терористите честопати го користат интернет за пропагирање на нивните цели што се состојат , најчесто во ширење на омраза, насилство и расизам( така случаите на декапитација во Ирак од страна на бунтовниците меѓу кои и на тројцата погубени македонци во 2004 година). Цубер- тероризмот се појавува и во облик на рекетарство , што се состои во изнуда на поголеми компании и финансиски институции на огромни износи со закана дека сторителите ќе го уништат нивниот компјутерски систем.

Феноменолошката слика на организираниот компјутерски криминал опфаќа два основни облици : дела што ги имаат за свој објект компјутерите и дела кај кои компјутерите се сретство за извршување на други дела. Првиот облик ги покрива дејствијата на оштетување на механичката основа ( hardware) со цел компјутерот да се онеспособи за работа да се предизвика прекин на врски, функционирање на системот итн., или на програмската основа ( software) како што е менување или бришење на програмата , зараза со „ вируси„ , упад („хакирање„), кражбан на програмата („софтверска пиратерија„ ) , кражбан а податоци итн. Вториот облик се однесува на различни манипулации како што се: шпионажа, измама, користење на услуги на туѓ компјутер ( „ кражба на време„), или манипулации со банкарски системи.

Денешната фаза на меѓународната активност за хармонизација на националните инструменти во борбата против компјутерскиот криминалитет е означен со усвојување од СЕ на Конвенвенцијата за компјутерски криминал од 2001 година. Конвенцијата стапи во сила 2004 година , а во 2002 година е комплетирана со Дополнителен протокол за криминализација на актите на расизам и ксенофобија извршени преку

компјутерските системи.)*83

Во Република Македонија во областа на *економскиот криминал*, најзастапено е кривичното дело "злоупотреба на службената положба и овластување", кое во најголем број е регистрирано во 2003 година. За одбележување е и дека од 2008 година се зголемува бројот на откриени дела од *компјутерски криминал* и измамите при добивање кредит.)*84

)*83 Оперативна документација од архивите на МВР на Република Македонија 2009 година

)*84 www.mvr.gov.mk

Табела бр.2

| | 2001 | | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЧЛ.353 | 168 | 200 | 178 | 221 | 854 | 1130 | 504 | 631 | 275 | 346 |
| ДАНОЧНО ЗАТАЈУВАЊЕ ЧЛ.279 | 111 | 125 | 84 | 91 | 109 | 134 | 96 | 125 | 114 | 178 |
| ОШТЕТУВАЊЕ И НЕОВЛАСТЕНО НАВЛЕГУВАЊЕ ВО КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ЧЛ.251 | - | - | 2 | 2 | 1 | 3 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| ИЗМАМА ПРИ ДОБИВАЊЕ КРЕДИТ ИЛИ ДРУГА ПОГОДНОСТ ЧЛ.249 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 1 | 1 | 28 | 31 |

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЧЛ.353 | 291 | 360 | 477 | 742 | 367 | 567 | 290 | 466 | 246 | 432 |
| ДАНОЧНО ЗАТАЈУВАЊЕ ЧЛ.279 | 35 | 68 | 40 | 65 | 67 | 107 | 54 | 89 | 50 | 107 |
| ОШТЕТУВАЊЕ И НЕОВЛАСТЕНО НАВЛЕГУВАЊЕ ВО КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ЧЛ.251 | 2 | 4 | 7 | 11 | 20 | 30 | 63 | 73 | 36 | 43 |
| ИЗМАМА ПРИ ДОБИВАЊЕ КРЕДИТ ИЛИ ДРУГА ПОГОДНОСТ ЧЛ.249 | 10 | 10 | 25 | 39 | 88 | 168 | 67 | 136 | 74 | 121 |

*Компјутерски криминал во Р. Македонија за период (2001-2010) година*[)*85]

*Извор: Министерство за внатрешни работи на Р.М. (2010)*

)*85 www.mvr.gov.mk

Ранливоста на информатичкиот систем е поврзана со брзиот развиток на информатичката технологија, каде што најатрактивно е остварување на криминален профит. Каде што следејќи ја табелата може да се види дека најголем криминал се правело во 2007, 2008, 2009 година.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Подеднакво важно подрачје на превенцијата, што е непосредно поврзано со самата природа на организираниот криминал ( моќ, покрај профитот) е подрачјето на инволвирање во политичките односи или воопшто во сверата на општествено влијание и политички или економски монопол. Превенцијата подразбира во оваа смисла поставување на цврста правна основа за спречување на влијанијата и инволвирање на организираниот криминал врз политиката, јавната администрација судството, медиумите како и за обратното влијание на злоупотребите на власта врз организираниот криминал во економиата и други општествени подрачја.

Главни правци на превентивната стратегија се , според тоа спречувањето на корупцијата, кое е на самиот почеток или е основен услов за организираната криминална активност и спречувањето на перењето пари , кое пак го зафаќа финалниот резултат на криминалната активност и нејзиното натамошно инволвирање во нов круг нелегална или легална економска или слична активност.

Најефикасно сретство за борба против корупцијата е определбата за минимални интеграции и надлежности на државата , создавање на добар економски систем и добра економска политика , во која државата нема да се плетка во управувањето со самите економски процеси. Нејзината интервенција во економската сфера треба да се (само)ограничи на

формирањето и на усовршувањето на институционалната рамка , односно донесувањето регулаторни механизми кои обезбедуваат пазарните процеси да се одвиваат на начин , кој најмногу придонесува за економските интереси на актерите вклучени во тие процеси и за благосостојбата на општеството како целина. Нејзината значајна задача е обезбедување на почитувањето на законите , заштита на рамноправноста на субјектите, заштита од монополско однесување, обезбедување на сигурносни сретствата за плаќање, платниот и правниот промет, и заштита од криминалот но, никако директно мешање во односите меѓу субјектите на пазарот , повластување на одредени од нив и.т.н. ***Силна држава и либерална економија- шоа е современиош концейш за демокрашска , йравна и економска йросйеришешна држава.***)*86

Втората претпоставка за ефикасна заштита против корупцијата претаставува форсирањето на приватна сопственост и настојувањето таа да стане доминантен облик на сопственост. Односно кон приватната сопственост треба да биде составен дел на општествената свест и општествениот морал и таа да биде објект на многу развиен механизам на заштита.

Подеднакво важен е политичкиот фактор : карактерот на државата , односно нејзината институционална структура и начинот на нејзиното функционирање. Подложноста на корупцијата или антикорупцискиот капацитет на државата се директно зависни од карактерот на политичкиот систем . Покрај основните функции и институционалните односи на државата тој систем ја определува и делотворноста на општествените контролни механизми , така што контаминираноста на државата со корупција е во обратно пропорционален однос со степенот на демократичност , одговорноста на носителите на јавни функции и контрола на власта од страна на граѓаните.

Во Република Македонија во 2002 година ( по долга процедура на подготовка, која траеше пет години ) е усвоен Законот за спречување на корупцијата , со кој се предвидени превентивни мерки механизми од типот

)*86 Камбовски , В. ,, Организиран криминал ,, 2-ри август-С, Штип, 2005 година ,стр 402

на забрани при судир на интереси и други превентивни мерки.

Превенцијата на перењето пари добива во своето значење во услови во кои новата глобална финансиска инфраструктура, како што се банките, брокерските куќи, берзите, инвестициските фондови и другите финансиски институции, во глобалниот механизам на размени се повеќе излегува од државната контрола. Исто така , професионалноста на активностите на транс-националните кримнални групи како и софистицираноста на криминалните шеми кои се користат за перење на пари кои се неизбежен составен елемент на секоја поголема профитабилна криминална операција.

Определбата на нашата држава за целосна интеграција во европските процеси и стандарди и исполнувањето на меѓународните обврски превземени со ратификација на конвенциите за спречување на перење на пари , резултираат со поставување на правна рамка за превенција на оваа појава, содржана во прв ред во Законот за спречување на перење пари од 2001 година . Овој закон , изменет во 2004 година е еден од најважните законски проекти во Република Македонија во правец на зголемување на финасиската дисциплина и намалување на сивата економија, како значаен чекор во приближувањето на законската регулатива кон барањата на Европската унија и меѓународните финансиски институции. Со него се определени мерките и активностите што треба да ги преземаат во областа на финансиското, банкарското и другото работење, платниот , правниот промет со цел да се спречи и оневозможи перењето пари перку овие институции. Спречувањето на перењето пари , како и корупцијата , претпоставува широка синхронизирана активност на законодавно рамништво но, и на пониските рамништа на примената на законите: организационото, односно институционалното (создавање на посебени тела за борба против овој вид криминал: со Законот за спречување на перењето пари е основната посебна Дирекција за спречување на перенето пари) и оперативно рамниште (развивање на техника за откривањеи.т.н.).

## 1.1. МОДЕЛ НА„ ДОБРА ПРАКТИКА„

Како модел во кои е развиен интегрален превентивен модел , потпрен врз основните постулате на новата превентивна стратегија на СЕ и ЕУ се посочени : Шветска, Естонија и Холандија.)*87

Превентивната стратегија на Шветска е детерминирана од една страна со состојбата на организираниот криминал која не се оценува за алармантна но, содржи тенденција на пораст и од друга страна со, неговата фокусираност на следниве облици: наркотични дроги, криумчарење на алкохол, цигари и други акцизни стоки, кражба и трговија со моторни возила, економски дела поврзани со ДДВ , измами и сива економија, перење на пари, трговија со жени и секси-индустрија, илегална имиграција, илегални игри на среќа, трговија со оружјеи изнуди, разбојништво и убиства. Првата работана група за борба против организираниот криминал е воспоставена 1976 година како мешано тело на членови од полициски структури , обвинителство, научни работници, централната банка и од даночната управа, групата ја подготви првата студија за економскиот и организираниот криминал. Во 1977 година Националниот совет за превенција на криминалот за Владата подготви комплексен законодавен проект за спречување на економскиот и организираниот криминал, во 1980 година е основана комисија за економски криминал која подготви мерки за неговото спречувањево рамките на единствена координирана стратегија. Предлозите на комисијата се однесуваат главно на воспоставување на систем на дозволи и на лиценци за определени трговски сектори , заснован врз идејата дека економскиот криминал може да се превенира ако се постават определени услови за вршење на определени бизниси (минимум познавање на сметководството , минимум капитал..). Во 1995 година Владата усвои посебна стратегија за координиран одговор на економскиот криминал и востанови посебно тело - Совет за економски криминал , како и посебна

)*87 Камбовски , В, „ Организиран криминал „ 2-ри август-С, Штип, 2005 година ,стр 408

комисија за превенција на организираниот криминал во економскиот сектор. Според предлозите на оваа комисија од 1997 година , организираниот економски криминал може да се спречи со добро поставен превентивен систем на дозволи и на лиценци, државна помош, државна супервизија и јавни набавки, како административни филтри со кои се оневозможува интегрирање на овој вид криминал во легалните бизниси.

Естонија предничи меѓу источноевропските држави во преземањето превентивни активности. Во 1998 година е формиран Национале совет за превенција на криминалот , а Владата усвои и спроведува стратегија за превенција на криминалот од 2005 година , фокусирана на следниве точки : поефикасно вклучување на јавноста во превенција на криминалот, поефикасна заштита на сопственост, засилена сигурност на улиците и на јавните места, превенција на малолетничката деликвенција, програми за помош на жртвите и превенција на рецидивизмот.

Во Холандија министерствата за правда и за внатрешни работи подготвија криминално-политичка платформа за борба против организираниот криминал што покрај казненоправниот приод како подеднакво важен го истакнува административниот. Задачите на јавната администрација се сведуваат на :обезбедување на интегритет на јавните служби и нивна заштита од корупција и организиран криминал ( транспарентност, алокација на задачите, превенција на конфликт на интереси и.т.н.); и фокусирање на активноста на јавната администрација на користењето на легалните активности од страна на криминалните мрежи, особено кога се во прашање различните дозволи , вклучување во државни проекти и.т.н. Холандија е позната и по развивањето на локалните превентивни програми. Така на пример, во Амстердам во 1998 година е формирано посебно биро за ревизија со основна задача да го надгледува трошењето на градските фондови и градските јавни набавки. Развиен е и посебен „wallen„ - проект ( wallen е квартот на „ црвените фенери„) , како систем од административни мерки за спречување на инволвирање во легална проституција на организирани криминални групи ( подоцна овој проект, познат како „ van traa„ е проширен и на други региони).

Може да се констатира дека нема униформни модели, така што различните општества имаат различни степени на социјален ризик и различен степен на интегритет на нивните јавни институции.

# 2. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во нашата држава во текот на целиот транзиционен период отсуствува добро обмислен и научно фундиран концепт на борбата против организираниот криминал. Отсуството на стратегија како и практична општествена акција , може да се објасни со етиолошкиот пристап изложен во почетокот на овие излагања за „ симбиозата„ меѓу организираниот криминал и државата. Оттука и т.н. „ борба„ против организираниот криминал се сведува на парцијални и на неповрзани , главно законодавни потези, мошне често изнудени од страна на ЕУ и меѓународната заедница и без вистинска политичка страна на ЕУ и на меѓународната заедница и без вистинска политичка волја за доследно спроведување на законските решенија. Надминувањето на таквата состојба , јасно наложена со дефинирањето на барањата на Република Македонија да започне со ефикасна борба против корупцијата и против организираниот криминал како примерен услов за членство во ЕУ и во НАТО, претставува според тоа усвојување на Стратегија за превенција и за репресија на организираниот криминал што би ги опфатил сите три рамништа: легислативното, организационо- институционално и практично применувачкото ( така и Арнаудовски, 151).)*88 Заради формирање на истрајна политичка волја за спроведување на таквата стратегија , по примерот на други држави на „ добра практика„ нужно е формирање на посебно национално тело - Национален комитет за превенција на криминалот и за систематски научни истражувања и за следење на состојбите на организираниот криминал и неговите движења. Исто така на оваа стратегија е развиен сектор и стратегија - за перење пари , економски криминал.

)*88 Арнаудовски , Љ. „ Организиран криминалитет„- феномен на денешницата, МРКПК,Скопје 2000 година, стр.151

## 2.1. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОРГАНИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ

Од општата превенција на криминалот што ги опфаќа различните облици на неутрализирање на криминогените фактори треба да се разликува ефикасно откривање на организираниот криминал како нај ефикасен метод на превенција. Организираниот криминал повеќе од која било друга форма на криминално однесување опстојува благодарејќи на фактичкиот имунитет од гонење, обезбеден со стекнатиот криминален профит или општествено влијание.

Неговите корени се вгнездени во широките подрачја на економијата, политиката, медиумите и.т.н. поради што тешко може де се сметаат на битно влијание превентивните мерки преземени на краток рок врз нивното неутрализирање. Поради тоа ништо не дејствува така превентивно како брзото и неселективно откривање и гонење на криминалните групи , кое има за последица потиснување на уверувањето дека „ криминалот се исплатува„. Колку е поголем ризикот од откривање и гонење толку е помалку атрактивна основната цел на организираното криминално дејствување стекнување на профит и моќ.

Организираниот криминал се карактеризира со специјализација и најчесто висока професионалност , неопходна во однос на внатрешното „ менаџирање „ како и во однос на активностите на криминалната организација. Тој е незамислив без ефикасно управување , внатрешна дисциплина , борба со конкуренцијата и.т.н. подразбирајќи ја под овие поими се разбира спротивната страна на нивното вообичаено економско и општествено значење. Оттука и сознанието дека државата мора на организираните криминални структури да им спротистави високо специјализирани и централизирани служби, технички опремени , мотивирани и тесно едуцирани во превенцијата и репресијата на посебните облици на организиран криминал ( перење пари- со одлични познавања од сферата на економијата и информатиката и.т.н., тероризмот- едукација за примена на специјални истражни мерки, информатика, експлозиви и.т.н.).

Во последниве неколку декади ваквото сознание се развива од почетната фаза на формирање на специјализирани полициски единици за борба против трговијата со наркотични droги или со други дела , до денешната фаза на создавање на добро координирани мрежи на специјализирани истраги во одделни области.

Така на пример , во европските држави ( Белгија, Франција, Грција, Австрија и др. ) вакви специјални единици за спречување на наркоманијата се создадени од почетокот на седумдесетите години. Денес сите тие единици се поврзани во институционална мрежа се создаваат посебни обвинителства или одделенија во рамките на обвинителството.

Современата стратегија за борбата против организиринаниот криминал не може да смета на какви било резултати без потпирање врз високо професионализирани, департизирани , независни, специјализирани и добро платени структури- органи и тела, ставени под демократска парламентарна и контрола на јавноста.

Во Република Македонија последниве години се преземени низа реформски зафати што се во духот со европските и со светските искуства во создавањето на специјализирана институционална мрежа. Така, со Законот за јавно обвинителство од 2004 година во јавното обвинителство на Република Македонија е етаболирано посебно специјализирано одделение за борба против организираниот криминал.)*89

Престојната реформа на полицијата опфаќа и формирање и екипирање на одделение за спречување и за откривање на организиран криминал, што треба да биде предмет на посебна регулатива во Законот за полиција. Формирани се посебни законски единици и Дирекција за спречување на перењето пари . Заради спречување на корупцијата со закон е основана Антикорупциска комисија. Во основа е создадена е институционална мрежа која денес има висок степен на координација , информатичко поврзување и планирање и изведување на заеднички активности. Покрај тоа е создадена една таква мрежа што се состои од глобално планирање за борба против организираниот криминал.

)*89 Камбовски .В. ,, Организиран криминал,, 2-ри Август-С , Штип 2005 година, стр. 416

Средиште на таквата превентивно поставена институционална мрежа претставува полицијата чијашто основна функција е да ги идентификува постојаните или потенцијалните криминални зони , инфицирани со организиран криминал, и оперативнотактичко поставување што го има за цел остварување  на продор во организираните криминални групи и попречување на нивните активности или обезбедување на докази потребни за гонење на сторители на казнени дела. Во својата активност полицијата мора да смета и на соработка со други државни органи ( испекции, управа за приходи, царина и.т.н.) како и во установи и правни лица (банки, и други финансиски институции, правни компании и др.).

## 2.2. ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија во годините на транзиција криминалот поврзан со работењето на пазарот доби нова форма како што се злоупотребата на платежни сретства , осигурителни измами , измами при подигање кредит , изигрување на прописите за набавка на стоки за репродукција , со едновремено користење на фантомски и прикривачки претпријатија и сл. Во хаосот на економските текови , сивата економија и нерегулираниот платен промет се напушти црвената линија на разграничување меѓу легален и нелегален бизнис , што овозможи криминалните профити остварени од казнени дела ( од кражба до трговија со наркотици) лесно и едноставно да се вклучат во платниот промет банкарското работење или во работењето на други стопански субјекти. Со еден збор Република Македонија се претвори во една огромна „машина„ за перење на пари доколку под овој поим го подведовме целокупниот нерегуларен и криминален обрт на пари и други видови капитал.

Република Македонија во однос на проблемот со перење на пари го поставува и континуирано го надградува системот за превенција контрола и сузбивање за што е изготвена и национална стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот. Тој е стратешки документ кој ги утврдува сите елементи кои ќе го надоградуваат системот за спречување на перење пари и финансирање во Република Македонија.)*90 Законската регулативе која ја третира проблематиката на перење пари во Република Македонија се заокружи со донесување на ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ( Службен весник на Република Македонја 70/01 од 5 Септември 2001 година) кој беше донесен на седницата на Собранието на Република Македонја одржана на 29 август 2001 година , а стапи на сила на 13 септември 2001 година . )*91 Со овој закон , чии одредби се содржани во 35 члена се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари како и

)*90 Камбовски В., И Наумовски П., Организиран криминал., 2-ри Август-С, Скопјеcтр. 191

)*91 Стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот , ЦЕТИС ПРИНТ , Скопје , 2008 година

организирањето и контролата за нивната примена. Врз основа на член 5 од Законот во средината на месецот септември се формираше ДИРЕКЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ, како орган во состав на Министерството за финансии кој ќе ги прибира , обработува , анализира и чува податоците добиени од субјектите кои се обврзани за превземање , мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари , како и други дејствија за кои е овластена согласно одредбите од законот.

Законот опфаќа и зошто да се спречи перењето пари :

ПРВО „ ПЕРЕЊЕТО ПАРИ „ му овозможува на организираниот криминал да финансира натамошни криминални активности , а особено трговија со дрога , оружје и проституција.

ВТОРО, влезот на валканите пари во банките и другите финансиски институции ги загрозува самите институции и финансискиот сектор како целина.

ТРЕТО, неконтролирано внесување на големи износи на пари во државата ја загрозува стабилноста на денарот , создавајќи услови за појава на инфлација.

ЧЕТВРТО, можноста за перење пари создава надоверба на јавноста во институциите на државата.

ПЕТО, акумулирањето на економската и финансиска моќ во рацете на криминални организации и поединци може да го загрози економскиот и демократскиот систем на земјата.)*92

Бидејќи почетокот на примената на законот со одредбата од член 35 на самиот закон , беше одреден за 1 Март 2002 година во периодот од формирањето на Дирекцијата од почетокот на примената на законот беа превземени бројни подготвителни активности со цел за успешен почеток на примената од областа на превенцијата на перењето пари , како еден од најсофистицираните облици на организираниот криминал.

Во Република Македонија за превенцијата на перење пари може да ја погледнеме и статистичката анализа (2001-2010) година:

)*92 Закон за спречување на перење пари , Министерство за финансии Влада на Република Македонија 2001 година

Табела бр.3

| | 2001 | | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ФАЛСИФИКУВАЊЕ ПАРИ ЧЛ.268 | 145 | 153 | 177 | 236 | 144 | 139 | 122 | 133 | 195 | 175 |
| ПРИМАЊЕ ПОТКУП ЧЛ.357 | 20 | 20 | 13 | 13 | 4 | 5 | 15 | 15 | 14 | 16 |
| ДАВАЊЕ ПОТКУП ЧЛ.358 | 7 | 7 | 8 | 8 | 9 | 11 | 16 | 17 | 6 | 7 |
| ПЕРЕЊЕ ПАРИ ЧЛ 273 | - | - | - | - | - | - | - | - | 40 | 87 |
| ЗЛОСТОРНИЧКО ЗДРУЖУВАЊЕ ЧЛ.394 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ФАЛСИФИКУВАЊЕ ПАРИ ЧЛ.268 | 172 | 152 | 167 | 144 | 120 | 96 | 134 | 119 | 217 | 181 |
| ПРИМАЊЕ ПОТКУП ЧЛ.357 | 6 | 7 | 23 | 66 | 12 | 18 | 16 | 77 | 13 | 16 |
| ДАВАЊЕ ПОТКУП ЧЛ.358 | 4 | 5 | 17 | 19 | 14 | 15 | 26 | 28 | 9 | 9 |
| ПЕРЕЊЕ ПАРИ ЧЛ 273 | 20 | 63 | 10 | 28 | 4 | 15 | 12 | 40 | 6 | 50 |
| ЗЛОСТОРНИЧКО ЗДРУЖУВАЊЕ ЧЛ.394 | - | - | - | - | 10 | 76 | 10 | 96 | 10 | 97 |

)*93

*Превенција за перење пари за период од (2001-2010 ) година*

*Извор Министерство за внатрешни работи на Р. Македонија 2010 година*

Како дел од континуиранаta криминална активност , перењето пари најчесто е поврзано со економските дела. Така на пример во табелава доро се гледа растот на перење пари во периодот од (2001-2010 ) година. Најголем е бројот на регистрирани кривични дела и пријавени сторители во 2010 година.

)*93 www.mvr.gov.mk

# 2.3 ПРЕВЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Република Македонија е мала земја позиционирана во срцето на Балканскиот Полуостров. Земјата поминува низ долг период на транзиција, период во кој голем дел од популацијата осиромаши. Нестабилноста на регионот, која се должи на војните на Балканот, како и состојбата на транзиција која создава неповолна клима за инвестиции придонесоа за зголемување на социјалната нестабилност.

Денеска, Македонија се смета за земја на потекло, транзит, и, во помала мера, дестинација за жени и деца, тргувани со цел за сексуална експлоатација. Внатрешната трговија исто така засилено се наметнува како дел од овој глобален проблем. Високите стапки на сиромаштија и невработеност се главни причини зошто младите луѓе се стремат кон потрага по можности надвор од нивната матична земја. Ниското ниво на едукација, како и недостигот од информации, ги става овие млади луѓе во групата на потенцијални жртви на трговијата со луѓе.

Исто така, по инкриминирање на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти со измените на Кривичниот Законик во 2002 и 2006 година, значајни плански мерки се преземени за откривање и на овој вид дела, што резултираше со нивна поголема застапеност во вкупиот број на дела од оваа област.

Република Македонија го потпиеша Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговја со луѓе особено жени и деца на ООН со коишто се доделува Конвенцијата против меѓународниот организиран Криминал, 14 декември 2000 година. Во таа насока Владата почна да превзема практични мерки како што се формирањето на Комисијата за спречување на трговија со луѓе на 27 февруари 2001 година. )*93

Основната правна рамка на трговијата со луѓе во Република Македонија ја сочинуваат членовите 418-а, б, в од Кривичниок законик и Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот

)*93 Службен весник на Република Македонија Решение на Влада број: 23-1022/2, февруари, 2001 година

организиран криминал од 2000 година со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден и воздушен пат кои Република Македонија ги ратификува на 28 Септември 2004 година)•94

На почетокот на 2002 година ја донесе Националната програма за борба против трговија со луѓе, а во март 2006 година формално го усвои националниот план за акција и Стратегија за борба против трговија со луѓе.

Новите методи на трговија со луѓе се се повеќе прикриени и потешко се откриваат. Меѓународните криминални организации ги адаптираат методите според новите мерки кои ги превзема владата и регионалните институции. Се појавуваа и неколку алтернативни начини на трговија со луѓе во Југоисточна Европа кои одат паралелно со традиционалните и им предизвикуваат потешкотии на безбедносните сили и Полицијата при нивно откривање. Криминалните организации ги прилагодуваат методите на оперирање според промените кои се случуваат во средината со цел да го избегнат откривањето и да го зголемат профитот.

Процесот на глобализацијата , ги заостри и влоши голем број од старите проблеми на меѓународната безбедност и предизвика нови ризици и предизвици.Тие се тероризмот и сепаратизмот, националните религиозни и други форми на екстремизам, трговија со луѓе, трговија со дрога и организираниот криминал, регионалните конфликти, заканата од пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, финансиските и економските кризи, еколошките катастрофи и епидемии. Сите овие проблеми егзистираат претходно , но во ерата на глобализацијата кога светот стана повеќе поврзан и меѓузависен, тие забрзано стекнаа универзален карактер и постанаа реална закана за регионалната и меѓународна безбедност. Сакајќи да придонесе за развојот на билатералните односи, Владата на Република Македонија потпиша и ратификува *договори за соработка во борба против* тероризмот, организираниот криминал нелегалната трговија со наркотици,

)•94 Практикум „ за борба против трговија со луѓе нелегална миграција„ ИОМ, Скопје 2005 година

психотропни супстанци и прекурзори, нелегалната миграција и други криминални дела со: Албанија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Романија Словенија, Франција, Украина, Швајцарија и Кралството Норвешка . Целта на овие договори е да се зајакне соработката за превенција и борба против организираниот кримнал.

Статистичката анализа за трговија со луѓе во Република Македонија можеме да ја разгледаме во следната табела :

Табела бр:4

| | 2001 | | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ЧЛ.418-А | - | - | 18 | 33 | 42 | 78 | 19 | 42 | 12 | 40 |
| КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ ЧЛ.418-Б | - | - | - | - | - | - | 21 | 28 | 35 | 61 |
| организирање на група за вршење на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти чл 418 в | - | - | - | - | - | - | 3 | 4 | 2 | 23 |
| ТРГОВИЈА СО МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ ЧЛ.418-Г | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. | РЕГ. КР. Д | ПР. КР. Д. |
| ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ЧЛ.418-А | 3 | 4 | 3 | 4 | 1 | 4 | 1 | 1 | - | - |
| КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ ЧЛ.418-Б | 23 | 54 | 32 | 64 | 36 | 96 | 26 | 53 | 27 | 58 |
| организирање на група за вршење на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти чл.418 в | 3 | 21 | 6 | 27 | 11 | 64 | 5 | 17 | 6 | 31 |
| ТРГОВИЈА СО МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ ЧЛ.418-Г | - | - | - | - | 9 | 21 | 7 | 15 | 3 | 10 |

)*95

*Недозволена трговија со луѓе во Република Македонија во период (2001-2010) година*

*Извор Министерство за внатрешни работи на Република Македонија 2010 година*

Во табелава може да видиме дека трговијата со луѓе во помали димензии ја имало во периодот од 2003-2009 година. Додека криумчарењето мигранти зазема замав од 2004 година каде во 2009 година доживуваа кулминација . Трговијата со малолетни лица почнува да станува доминантна од 2008 година.

)*95 www.mvr.gov.mk

# 2.4. ПРЕВЕНЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Корупцијата е феномен доколку не се спречи благовремено се карактеризира со брзо проширување во форма на социјална епидемија.

Тргнивајќи од заедничките карактеристики на резултативните мерки, а што се однесува на организираната борба против корупцијата заради ефикасност на ова проучување , ќе ги собереме во следново:

- мерки од законодавен карактер;
- организациони мерки;
- зголемување на јавна информација и охрабрување на граѓанското општество ;
- промовирање на транспарентност и интегритет во бизнис - операциите;
- менаџирање на јавните финансии ;
- меѓународна соработка , промовирање на транспарентност и интегритет во операциите.

Меѓународната заедница ги оценува ширењето и високата социјално-политичка опасност на корупцијата и последиците што доаѓаат од тоа за што станува збор и во Конвенцијата од Стразбур на Советот на Европа , со наслов „ За кривичната одговорност во борбата против корупцијата каде што , меѓу другото се вели: Корупцијата им се заканува на законските норми на демократиијата на човековите права и слободи , го минира системот на државното управување , социјалната правда и чесноста , ја дефинира чесната конкуренција го кочи економскиот развој и моралните основи на општеството. )*96

Освен борбата против корупцијата во државните органи регионална и меѓународна соработка специјализираните полициски акции во разни

)*96 Љубан Ѓонча , Тирана „ Борба против корупцијата не е цел сама за себе ниту пак кампања , туку таа е обврска на ангажирањето на Владата како и дел од активностите на граѓанските одговорности на секоја земја со цел создавање на систем на ефективно владеење , чесно и демократски. ( Конвенција на Советот на Европа „ За кривична одговорност во борба против корупцијата „) , Стразбур , 17 .01. 1999година стр. 1 параграф 4 стр. 10

региони и во различно време се прилагодливи мерки за откривање и спречување на корупцијата.)*97

Во ноември 2002 година од страна на Соранието на Република Македонија избрани се членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, која има превентивна улога и е самостојна и неазвисна во извршувањето на нејзините надлежности. Во јуни 2003 година Комисијата ја донесе и Државната програма за превенција и репресија која содржи препораки за неопходните мерки и активности кои треба да се превземат со цел за воспоставување на ефикасен механизам за превенција и репресија на корупцијата. Составен дел на Програмата на Државната комисија е и Акциониот план , кој содржи мерки кои треба да бидат преземени на краткорочен, серднорочен и долгорочен план од страна на надлежните органи за спречување и санкционирање на корупцијата.)*98

Владата на Република Македонија на 29.03.2006 година донесе одлика за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата ( во согласност со приоритетите содржани во Акциониот план за Европско партнерство), заради заемна соработка и координација на сите органи инволвирани во превенцијата и борбата против корупцијата, и за спроведување на препораките на ГРЕКО на Советот на Европа и другите меѓународни организации.)*99

Некои од мерките што се перферираат за попречување и борба против корупцијата се:

- законодавство во економско- финансиската сфера не само што ги регулира односите што се создаваат во соодветна администрација туку максиимално ја намалува мажноста за појава и разавој на корупцијата во таквите финансиски сектори кои што лесно се инфицираат од корупцијата како што се даноците и царините секторот за распределба на буџетските сретства, тендерите, развојот на неформалната економија и.т.н.

)*97 Љатифи. В., Криминалистика , Просветно дело, Скопје , 2004 година стр. 183
)*98 Република Македонија и ГРЕКО , Група на држави за борба против корупцијата, Фондација инстититут отворено опиштество - Македонија стр. 222

)*99 Република Македонија и ГРЕКО , Група на држави за борба против корупцијата, Фондација инстититут отворено опиштество - Македонија стр. 223

- Исто така и слободниот печат во една земја може да одигра значајна улога во борбата и спречувањето на корупцијата , особено специјализираните ревии и весници кои даваат информации во оваа насока.

- Изработка на антикорупциска стратегија во област на царината , судството, администрацијата , здравството, образованието и.т.н. без сомнение ќе помогне во борбата и спречувањето на корупцијата.

- Отворање на телефонски линии за пријавување на корупција и мито за сите случаи каде што граѓаните ќе се соочат со корупцијата , ќе помогне во спречување на корупцијата. Особено борбата против оваа појава успешно ќе се надмине само ако оштетените страни благовремено ќе се јават на овие телефони пријавувајќи го лицето со име и презиме.

- Организирање на тркалезни маси конференции, семинари за корупцијата и.т.н. ќе придонесе во голема мера за спречување на истата.

- Подобрување на работните услови и зголемување на примањата во администрацијата, образованието , здравството, судството, без сомнение ќе ја намали корупцијата и.т.н.

# ГЛАВА ПЕТТА

## 1. ОПАСНОСТА ОД ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДРЖАВИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

Организираниот криминал во современи услови со сите свои карактеристики и белези , со својата огромна виталност и флексибилност , со огромната финансиска и друга моќ што ја поседува , постана една од најсилните центри на моќ во сенка на легалните национални и меѓународни институции.

Во контекст и корените , како и суштинските причини за појавата на организираниот криминал можеме да ги бараме во слабостите и проблемите кои претставуваат резултат од негативните влијанија содржани во постојаните општествени , политички , економски, историски, социјални , културни, правни, географски, геополитички и геостратегиски констелации на конкретното општество. Во колкава мера ќе се манифестира криминалната активност зависи од мноштвото на преземените економски, политички и правни мерки ( севкупната стабилност на општеството во сите сфери и на сите нивоа) , како и од решеноста , подготвеноста и ефикасноста на надлежните државни органи и институции. Исто така значаен сегмент претставуваат и соодветните законски мерки преземени во функција на ефикасното попречување на организираниот криминал.

Успешната борба против овие облици на криминалитет ( нивната темна бројка зазема значајно место во оваа област) покрај влијанието на основните фактори не може во целост да се води без согледување , анализирање и сфаќање на нивната етиолошка сложеност.

Неговите мошне опасни страотни разорни ефекти како невидлива сенка претставуваат огромна закана но, и опасност за непречено и целосно функционирање на демократијата за сите држави во светот , посебно изразено со огромен ризик за земјите во развој и за сите

посткомунистички земји во транзиција. Отровните казни на организираниот криминал можат да ја попречат и да ја маргинализираат демократијата , да го парализираат функционирањето на легалните институции на власт , економски да ја исцрпат земјата, а со тоа да ја доведат во прашање независноста и сувереноста на државата. Поголемите нарушуања и загрозувања на внатрешната безбедност на државата во определени ситуации може да значи и губење на нејзината самостојност и сувереност односно нејзино тотално распаѓање и уништување.

>> Во овој контекст , не случајно и најмоќните држави во светот ( САД, Русија ) мошне загрижено констатираат дека определени мафијашки групации на организираниот криминал постанаа број еден за нивната национална безбедност. Тоа значи дека не постојат имуни земји на организираниот криминал , затоа овој современ феномен постанува глобален и брзо станува критичен како најголемо зло за националната безбедност на сите држави во светот.<< )*100

Опасноста на современиот организиран криминал се манифестира како опасност за суверенитетот на власта (посебно на земјите во транзиција), опасност за интегритетот на нивните економски и финансиски институции , закана за слободата , правата и севкупната сигурност на граѓаните уништувајќи ги во исто време шансите за развој на демократијата.

Современиот октопод го опфати целиот свет сите држави без исклучок , со својата огромна мрежа во кои само новата „галопирачка„ криминална организација од Русија опфаќа околу 5.700 организирани групи од кои 300 оперираат надвор од територијата на Русија.

Карактеристично за организираниот криминал е и неговата висока специјализираност во пооделни области и нивните форми на инвестирањена „ валканиот кримнал„ во легални индустрии со што се создава еден нов индустриски комплекс т.н. *криминална индустрија* или *индустрија на криминалот.*

Колкава е финансиската моќ на организираниот криминал денес во светот говори и податокот дека илегалната трговија со наркотици се смета

)*100 Котовчевски М., „Националната безбедност на Република Македонија „ Македонска цивилизација, 2 дел , Скопје, 2000 година стр. 209

за втора најголема индустрија во светот.

Основниот профит на организираниот криминал на определени криминални групи е поголем од националниот доход на голем број земји. Во голем број на пост- комунистички земји со изразени меѓуетнички тензии или вооружени конфликти создаваат погодна почва за процут и експанзија на организираниот криминал.

Правниот, политичкиот вредносниот вакум создаден во овие држави , претставува исклучително погодно милје кое го збогатува поволниот амбиент за несметано појавување и ескалирање на организираниот криминал кој се манифестира преку трговија со оружје , дрога, илегални миграции на населението , корупција, перење пари трговија со деца, човекови органи и.т.н.

Организираниот криминал во неразвиените земји посткомунистичките држави може да го разори нивното ткиво, во еден внатрешен амбиент каде што царува т.н. „синдром на слаба држава - нерешителна власт„ , корупција во државната администрација (на сите нивоа ) состојба на големи правни празнини (правен вакум). Најопасна е ситуацијата кога во државната администрација почнува да цвета корупцијата како „ државна политика„ односно како „ деловна култура„ така што државата смета дека криминалните активности се оправдани , односно во функција на стопанскиот развој во „ корист„ на позабрзано спроведување на процесот на приватизација на капиталот ( болно прашање на приватизацијата во пост- комунистичките земји).

Во тие ситуации доаѓа до воспоставување на врски на поранешните полициски ситуации со претставниците на организираниот криминал, односно се создава многу посупериорна структура во однос на новите недозволно професионални служби за безбедност .

Отпочнувањето на процесот на развој на организираниот криминал , значи почеток без крај односно еднаш воспоставените структури на организираниот криминал тешко може де се „ вратат на почеток„ бидејќи тие практички се неуништиви.

Најкарактеристично за организираниот криминал е тоа што тој е недофатлив , тој веќе не е онаму каде што тој е недофатлив , тој веќе не е

онаму каде што се бара , туку „зад грбот „ на местото кое не може да се допре тој е сопственост на „сите„ бидејќи сите „гласаат„ за него на изборите. Организираниот криминал е присутен насекаде со огромни можности да го насочува и контролира севкупниот општествен живот.

За остварување на својата „планетарна мисија „ определени криминални организации лансираат и сопствени вештачки телекомуникациони сателити, со цел да ја зголемат безбедноста на своите комуникации и да ги елиминираат прислушкувањата на нивните телефони од најмоќните телефони од најмоќните безбедносно разузнавачки системи на големите држави. Организираниот криминал е заинтересиран и за контрола на некој влијателен круг на медиумите. Сликата за организираниот кримнал не би била комплетна ако не ја предочиме и врската со терористичките групи - организации и обидите за користење и делување ( во ова се крие мошне сериозна опасност, односно овој вид на спреги добива застрашувачки димензии со внесувањето и трговијата на високоризични материјали за масовно убивање ( радиоактивни материјали , хемиско и нуклеарно оружје) и.т.н.

„Контактот„ на терористичките организации со овие оружја со посретства на организираните криминалистички структури може да биде фатално и за меѓународната безбедност во некои критички ситуации.

Во рамките на делувањето на организираниот криминал во меѓународни рамки се создаваат стратегиски меѓународни и национални алијанси или сојузи со цел да ја елиминираат конкуренцијата помеѓу определени криминални групации.

Овие алијанси , исто така претставуваат основа за голем развој преку разни форми за нов развој но, и соработка заради оневозможување или стекнување на кривичното гонење.

Организираните криминални организации во голема мера ја загрозуваат стабилноста и функционалноста на утврдените општествени односи , стабилноста на уредувањето и функционитањето на меѓународниот систем и на националните држави функционирањето на комерцијалните институции на национално и светско ниво, безбедност, достоинство, правата и слободите на индивидуате ( индивидуална

безбедност) , државниот суверенитет и интегритет националната безбедност и стабилност како и загрозување на меѓународната и глобалната безбедност , глобалниот мир , глобалното здравје, глобалните финансиски и економски текови и серија на други загрозувања на национално и глобално ниво. ( VIANO. E, MAGALLANES. J, BRIDEL. L. 2003 ).)*101

Во посткомунистичките држави карактеристично е делувањето на организираниот криминал во процесите на приватизацијата со нивно претворање во сектор за „реивентирање„ на нивниот профит и воспоставување на односи на своевидна колонизација на економијата на државата.

Денес, мрежите на организираниот криминал според податоците на организацијата за економска соработка и развој од Париз годишно на финансиски пазари „перат„ најмалку 85 милијарди долари .

Според извештајот на Подкомитетот за дрога , тероризам и меѓународни операции (1990) година вкупната сума на „ испрани пари „ од капиталот изнесува од 300 - 500 милијарди долари годишно, од кои само 110 милијарди долари генерираат само во САД. )*102

Овие бројки говорат за големата сериозност на овој проблем , за неговата огромна финансиска и друга севкупна моќ, говорат за неговите можности за загрозување на нациионалните економии и на националната безбедност на секоја пооделна држава без исклучок.

Можеме да констатираме дека класичниот криминал не претставува некоја посериозна потенцијална опасност за загрозување на националната безбедност на државите но, огромната моќ на организираниот криминал , без , исклучок , претставува сериозна закана и опасен извор на загрозување на националната безбедност на сите држави во светот.

Степенот на нивната безбедносна загрозеност често пати се мултиплицира во ситуации кога организираниот криминал дејствува во „

)*101 Република Македонија и ГРЕКО Група на држави за борба против корупцијата, Фондација институтут отворено општество - Македонија стр. 223

)*102 Котовчевски М., „Националната безбедност на Република Македонија „ Македонска цивилизација . 2 дел , Скопје, 2000 година стр. 209

симбиоза,, со другите безбедносни закани со што во голема мера се промовира како глобален проблем и една од најопасните безбедносни закани на национално и глобално ниво.

Организираниот криминал претставува неизлечиво зло кое секојдневно ја разорува современата меѓународна заедница.

# 1.1. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРУПА НА ДРЖАВИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОПУПЦИЈАТА - ГРЕКО

Корупцијата станува се поактуелна појава и феномен не само на денешницата , туку на сите времиња. За жал корупцијата е се посериозна опасност на секојдневното живеење за квалитетот на животот на граѓанинот. Соочена со ваквата реалност, државите на глобално ниво создаваат инструменти превземаат активности за нејзино превенирање, репресија или во најмала мера, контрола.

ГРЕКО е како посебно еспертско тело во рамките на Советот на Европа, („ Група на држави за борба против корупцијата„). Се чини дека на европско рамниште клучна улога за градењето и имплементирањето на воспоставените стандарди за борба против корупцијата ја има токму ГРЕКО. членки на ГРЕКО се 40 земји каде што и Република Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година и таа е претставена со своја делегација и оттука таа е предмет на оценка по различни прашања во врска со копупцијата.)*103

На 9 мај 2000 година , Владата на Република Македонија донесе одлука за пристапување на Република Македонија кон ГРЕКО.

На 6 октомври 2000 година , Република Македонија изјави да стане членка на ГРЕКО.

На 7 октомври 2000 година , Република Македонија официјално стана членка на ГРЕКО.)*104

Во Република Македонија нема специјални мерки за заштита на жртви, вклучувајќи ги и оштетените лица . Полицијата може да обезбеди физичка заштита на оштетена страна или некој близок на него/нејзе само на негово барање.

)*103 Република Македонија и ГРЕКО . Група на држави за борба против корупцијата, Фондација институтут отворено општество - Македонија стр. 19

)*104 Република Македонија и ГРЕКО Група на држави за борба против корупцијата, Фондација институтут отворено општество - Македонија стр. 179

Главниот фактор што придонесува на постоењето на перење пари во Република Македонија е големата употреба на трансакции во готово, трансакција на неразединети сметки  што не подлежат на доволно контрола, и процесот на приватизација каде врските со девизни сретства може лесно да се воспостават и може да доведат до перење пари. Законот за спречување на перење пари што беше донесен во август 2001 година ,а стапи во сила 1 март 2002 година главно се заснова на меѓународните искустава и стандарди во област, Виенската конвенција и Конвенцијата на Советот на Европа. Законот за спречување на перење пари ги утврдува ентитетите, ги пропишува мерките и дејствијата што треба да се превземат против перењето пари и утврдува како да се контролираат и имплементираат овие мерки. Исто така предвидува одредби за формирање , во рамнките на Министерството за финансии, Дирекција за спречување на перење пари, формирана во септември 2001 година. Тоа е административно тело одговорно за прибирање , анализирање и чување податоци добиени од ентитетите обврзани да превземат  мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари.

## 1.2. ПРЕПОРАКИТЕ ОД ГРЕКО ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тешко е да се одреди квантитативно степенот на корупцијата во Република Македонија но, може да се потврди дека јавната перцепција е дека корупцијата е загрижувачка појава што влијае на активностите на некои важни државни институции и секако  го поткопува демократскиот и пред се економскиот развој на земјата: појавата за корупцијата се смета за најсериозен проблем за земјата заедно со невработеноста и јавните официјални претставници и претставниците на општеството на „ Република Македонија,, се согласуваат дека земјата е на широко контаминирана од корупцијата до степен што го доведува во опасност

натамошниот политички, економски и општествен развој на земјата. Република Македонија ги има донесено или е во фаза на донесување на сите меѓународни стандарди во областа на борбата против корупцијата. Понатаму, во изминатите години Парламентот и Владата имаат донесено и се степен на сила прилично важен број на закони што се однесуваат директно или индиректно на прашања од организираниот криминал, вклучувајќи ја и корупцијата , а органите се уште во процес на промена и ажурирање на легислативата во областа: Закон за спречување на корупција, Кодексите за однесување за државните службеници и вработените во јавниот сектор , полициските службеници, вработените во судството и Министерството за финансии; легислатива за договори за јавни набавки која неодамна е изменета , како и разни позитивни мерки што се превземени за спречување откривање, одвраќање и санкционирање на корупцијата. И покрај тоа, засега се уште не се видливи ефектите од легислативата што е веќе донесена или е во фаза на подготовка. Земјата е се уште во првичната фаза и останува да се види што ќе се случи кога ќе се имплементираат новите закони. Република Македонија има потреба од една јасна стратегија за имплементирање на новите закони и мерки чија цел е спречување и борба против копупцијата и покоординирани политички насочници и ефективни цели во секојдневната работа на органите инволвирани во спречувањето и борбата против корупцијата.)*105

)*105 Република Македонија и ГРЕКО . Група на држави за борба против корупцијата, Фондација инстититут отворено општество - Македонија стр. 223

# ЗАКЛУЧОК

Суштинската цел на овој магистерски труд е да заклучеме кои се карактеристиките на етиологијата на формите на организираниот криминал и превенцијата .

Организираниот криминал постанува се посериозен фактор на загрозување на националната безбедноста на современите држави и на меѓународната заедница во целост. Неговото разорно дејствување различно се манифестира во пооделни региони и пооделни држави односно различно се манифестира на сите нивоа на глобалната , националната и индивидуалната безбедност. На глобален план организираниот криминал претставува сериозна безбедносна закана со висок интензитет и огромна жестокост на дејствување . Дејствувањето на организираниот криминал претставува сериозна опасност за развиените земји но, уште посериозно ги разорува државите во транзиција и постранзиционите држави.

Организираниот криминал како понов општествен и безбедносен феномен, денес претставува една од најопасните безбедносни закани за економската, социјалната но, и за политичката стабилност и сигурност на државата на национално ниво , а на глобално ниво и за целокупната меѓународна заедница.

На преминот на новиот миленниум општеството се соочува со голем број предизвици , од кои заедно со проблемите на социјалниот и на економскиот развој и се подлабоката поделба на криминалот и појавата на новите форми : организиран криминал, корупција, перење пари , економски криминал и други облици на криминал. Специфичноста и опасноста на криминалот се состои во неговата способност, не само за адаптација на конкретните економски, политички и други околности туку и за инволвирање во процесите на управување во државите со економијата и со цивилното општество. „Организираниот криминал„ е цената со која се плаќа преминот кон отворено демократско општество и кон слободен пазар. Токму прашањето на етиологијата на организираниот криминал и

неговото спречување е клучниот тест за напредокот на општеството односно за развивање на концептот на демократска правна држава.

Сознанието дека организираниот криминал го следи целиот процес на транзиција на македонското општество се потпира врз повеќе општи и посебни , посредни и непосредни процеси. Такви се показателите за движењето на криминалот:„новите„ форми на криминалот со кои се соочува нашата практика како што се организираните убиства, појавите на ракет, трговија со дрога, трговија со оружје, шверцот на нафта, цигари и други стоки и.т.н. показателите кои се однесуваат на „сивата економија„, паричните текови и финансиското банкарско работење, односот меѓу определени економски параметри како што се тие за производство, невработеност, националниот производ и потрошувачката; податоци за бројот на фирмите и стечаите, извршените приватизации; обемот на даночно затајување; показателите за царинењето на стоките; показатели на финансирање на политичките партии; и други релевантни показатели кои ги илустрираат условите за непречена појава и експанзија на одделни облици на организираниот кримнал.

И покрај напредокот на Република Македонија во зајакнување на владеењето на правото , безбедноста и иституционалните реформи , трговијата со луѓе, останува форма на организираниот криминал кој претставува опасност за безбедноста и стабилноста на Република Македонија која моментално претставува земја на потекло , транзит и земја на дестинација. Трговијата со луѓе , исто така претставува една од најлошите форми на кршење на човековите права, загрозувајќи ги животите на стотици илјади лица насекаде во светот. Може да се заклучи дека обемното истражување спроведено од национални и меѓународни заентересирани страни, постојано оценува дека трговијата со луѓе загрижува најмногу во земјите со социјалната ранливост на жртвите како главен фактор. Ранливоста потекнува од економски и социјални фактори, како што е сиромаштија, полова дискриминација семејно насилство и други лични состојби на жртвата (како, возраст, здравствена состојба, посебни потреби).

Превенцијата е еден од сегментите за борба против корупцијата, а нејзина основа се етиологијата и феноменологијата на корупцијата. Превенцијата подразбира отстранување на причините , условите и поводите за однесување кои би биле корупциски. Ова значи, дека корупцијата може да се спречи , најпрво со отстранување, оневозможување на сите потенцијални причини, искушенија кои што можат да бидат повод за едно корупциско однесување.

Како што веќе констатиравме борбата против корупцијата како дел од единството на сите три фактори, подразбира и идентификување на причините и поводите на феноменот корупција преку што се создаваат превентивни механизми за борба против истата.

Кога зборувавме за етиологијата на корупцијата во Република Македонија , сосема кратко да се потсетиме , истакнавме дека постојат три групи на фактори. Политичките фактори во нашата држава се манифестираат низ недозволена издеференцираност на поделбата на власта си изразена неконтролирана извршна власт на сметка на останатите два дела (законодавната и судската) од единствената власт. Во ваквата констелација на односите се доведува во прашање и функционирањето на правната држава . Економските фактори своето влијание го манифестираат главно во процесот на приватизацијата. На полето на правниот систем дојде до ерозија на начелото на законитоста, селективноста во примена на правото , бавна правда и.т.н.

Законот за спречување на корупцијата.)*106 претставува правна рамка за концепирање на глобалната стратегија , за спречување на корупцијата , како и за спроведување системска антикорупциска политика. Со овој закон се зацврстуваат не само правните туку и општествените механизми за борба против корупцијата . Еден вака голем антикорупциски проект за да се оствари непоходно е потребно да има голема подршка кај граѓаните и јавноста.

Корупцијата, која се сведува на искористување на која било монополистичка положба, а поединецот за исклучителни лични цели , ги разбива и последните атоми на општествената солидарност : во

)*106 СЛ. Весник на Р.М. бр. 46/04

корумпираното општество царува егоизмот и нетолетанцијата, а сите човечки вредности се сведуваат на некаков груб матерализиран облик на личен профит. Формирани се посебни законски единици за финансиски истраги - Финансиска полиција и Дирекција за спречување на перење пари. Заради спречување на корупцијата со закон е основана Антикорупциска комисија. Во основа е создадена институционална мрежа на која денес и има висок степен на координација и информатичко поврзување и планирање и изведување на заеднички активности.

Националналната стратегија за превенција опфаќа различни облици на неутрализирање на факторите кои треба да разликуваат ефикасно откривање и гонење. Превенцијата на перење пари во Република Македонија може да заклучеме дека доби на својата продуктивност со донесување на законот за спречување на перење пари , потоа е воспоставена една нова институција во нашиот правен систем, а тоа е Дирекцијата за спречување на перење пари како орган во состав на Министерството за финансии. Дирекцијата претставува централно тело , за примање, анализирањеи доставување од належните органи на информации и податоци во врска со сомнителните трансакции и перење приноси од криминал како и за спречување на такви активности. Поставеноста на оваа Дирекција е како превентивен, а не како репресивен орган. Нејзината основна задача е следење, обработување, расчленување (анализирање), на податоците за перење пари, врз основа на доставените податоци и информации од субјектите кои ги преземат мерките за спречување на перењето на пари. Дирекцијата има второстепена , супервизорска - аналитичка улога во преземањето на мерки за спречувањето на перење пари за кои основната контрола е во рацете на финансиските институции. Практичното заживување на Дирекцијата за спречување на перење пари постигна забележителни резултати како на полето на превенцијата на перење пари така и во други приноси од криминалот.

Превенцијата од дрога опфаќа повеќе начела кои се многу битни за да се почитуваат за нивно успешно спроведување. Можеме да заклучеме дека

со донесување на оваа национална стратегија за превенција од дрога Македонија успеа позитивно да се справи со проблемита на оваа тема.

Република Македонија започна со ефикасна борба против корупцијата и против организираниот криминал бидејќи со донесувањето на националната стратегија за превенција од дрога , национална стратегија и превенција за борба против трговија со луѓе, национална стратегија и превенција за борба против перење на пари успешно ги спроведе овие стратегии и доби позитиве услов за членство во ЕУ И НАТО.

Националната стратегија за превенција на организираниот криминал во Република Македонија можеме да заклучиме дека има позитивно значење бидејќи со нејзино спроведување дојдовме до многу позитивни резултати во овие области .

# ПРИЛОЗИ

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1.Национална стратегија за борба против трговија со луѓе

### Глава прва - Превенција

**Стратешка цел 1. Идентификација на причините за појава на трговија со луѓе и илегална миграција**

**Специфични задачи:** Идентификација на ризичните групи и причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција.

**Очекувани резултати:**

а) До крајот на 2011, развивање целосна свесност за причините за трговија со луѓе и илегална миграција;

б) До крајот на 2011 да се создадат приоритетни активности за превенција засновани врз резултатите на спроведеното истражување;

**Засегнати страни и партнери:** Министерство за труд и социјална политика и НВОи.

**Финансиски имплементации**: Министерство за труд и социјална политика и донации.

**Стратешка цел 2. Јакнење на капацитетите за имплементација на активностите за превенција**

**Специфични задачи:** Да се зајакне капацитетот на владините и невладините организации за превенција од трговија со луѓе и илегална миграција.

**Очекувани резултати:**

а)До крајот на 2011 формирање на приоритетни целни групи составени од професионалци од релевантни организации за иплементација на активностите за превенција;

б)Јакнење на капацитетите за превенција на професионалците што работат со ризични групи до крајот на 2012 ;

в) Јакнење на капацитетите за превенција на НВО секторот во однос на трговија со луѓе и илегална миграција до крајот на 2012 ;

**Засегнати страни и партнери:** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за здравстви и НВОи.

**Финансиски импликации:** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство и НВОи со поддршка од донации.

**Стратешка цел 3. Подигнување на јавната свест и едукација**

**Специфични задачи:** Градење на систем на континуирана едукација и подигање на граѓанската свест во врска со теми како трговија со луѓе и илегална миграција.

**Очекувани резултати:** До крајот на 2012 да се зголеми информирањето и јавната свест за проблемот со трговија со луѓе и илегална миграција.

**Засегнати страни и партнери :** Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Национална комисија и НВОи.

**Финансиски импликации** : Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, НВОи со поддршка од донации.

**Стратешка цел 4. Намалување на ранливоста**

**Специфична задача:** Создавање на механизам за намалување на причините за трговија со луѓе и илегални миграции.

**Очекувани резултати**:

а) Вклучување на теми за трудови прашања во програмите за основните и средните училишта до крајот на 2012.

б) Зајакнување на економската состојба на ранливите групи;

в) Развивање на билатерални договори кои го регулираат сезонското вработување;

**Засегнати страни и партнери :** Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Агенција завработување, локалната општинска власт, Министерство за надворешни работи и НВОи.

**Финансиски импликации:** Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, локалната општинска власт со подршка од донации.

# 2.АКЦИСКИ ПЛАН

## За борба против трговија со деца во Република Македонија (2009-2012 )

## Глава прва - Превенција

**Цел :** човечките и институционалните капацитети се зајакнати за спроведување на превентивни активности од трговија со децата и подигање на јавна свест за проблемот

**Очекувани резултати:**

- Вработените во ЦСР и МВР кои работат на борба против трговија со деца се оспособени за спроведување на превентивни активности;
- До крајот на 2012 година отворени се најмалку 6 дневни центри за деца на улица во Македонја;
- До крајот на 2012 година , новинарите ( од пишаните и телевизиски медиуми) се сензибилизирани за известување на трговија со деца;
- Јавната свест кај децата и родителите и корисниците на услуги на жртви на трговија со деца е подигната на повисоко ниво;

**Активности:**

- Организирање на специјализирана обука за професионалците од ЦСР и МВР за превенција;
- Идентификување и опремување на простор за дневни центри;
- Идентификување и обука на кадар за работа во дневните центри;
- Организирање обука за преставници од НВО секторот за креирање и спроведување превентивни програни;
- Обука на претставници медиумите со цел нивно запознавање со проблемот на трговија со деца и посоодветно

презентирање на случаите преку сретства за јавно информирање;

- Изготвување на Водичза медиско известување на случаи на трговија со деца;
- Одржување на превентивни лекции во основни и средни училишта, како и други воспитни образови установи, со цел информирање на учениците и училишниот кадар за проблемот/тренд на трговија со деца;
- Воведување на наставна содржина трговија со деца во формално основно и средно образование ;
- Организирање на три медиумски кампањи за подигање на јавната свест на национално и локално ниво;
- Промовирање и подршка на телефонска СОС линија за помош од трговија со луѓе и инфо советувалиште;

**Носител и партнер:**

МТСП, МВР, МО, единици на локалната самоуправа (ЕЛС) , НВО со релевантни институции и меѓународни организации.

**Носител на финансиски трошоци:**

Релевантните министерства и ЕЛС со можна поддршка меѓународни организации и приватниот сектор.

**Рок:**

Во континуитет до 2012 година

# 3.Национална стратегија за превенција на дрога на Република Македонија (2006-2012) година

Националната стратегија за превенција на дрога 2007-2012 година се заснова на Уставот на Република Македонија и е согласност со Националната стратегија за превенција од ХИВ/СИДА, Стратегија за ментално здравје, национална стратегија за јавно здравје како и меѓународни конвенции и резолуции во врска со проблемот на droги, меѓународни конвенции , резолуции, протоколи и акти усвоени од страна на Република Македонија, Стратегијата на дрога на ЕУ 2005-2012 година и Акцискиот план на ЕУ 2005-2008 година

**Стратегијата ќе ги почитува следниве начела:**

**А. Начело за заштита на човековите права**

Уставот на Република Македонија им ги гарантира правата на сите свои граѓани , без разлка на род, возраст, религија, националност и етничка припадност, а особено правата на децата , жените , пациентите и/или жртвите на трговија со луѓе. Децата и младите имаат право да живеат во опкружување кое е заштитено од злоупотреба на дрога. Граѓаните , вклучувајки ги и корисниците на дрога, имаат право на здравствена и социјална помош и заштита од социјална исклученост. Во ова, исто така, влегува и правото на соодветно однесување во истражните и судските процедури и за време на извршувањето на казната.

**Б. Начело за гарантирана безбедност на сите граѓани на Република Македонија**

Според уставот се гарантира правото на безбедност и заштитан а имотот на сите граѓани на Република Македонија , а тоа , исто така, се однесува на намалувањето на криминал поврзан со злоупотреба на дрога и трговија со дрога.

## В. Начело за еднакви можности на сите

Ова начело наложува еднаков пристап до сервисите за намалување на побарувачката на дрога и програмите за превенција за сите граѓани, особено деца и млади. Исто така , подразбира пристап кон образование и информации , вклучувајки програми за обука за родители и учители, психологко - педагошки служби и сите други сегменти во општеството кои се важни за создавањето на опкружување во кое младите би се чувствувале заштитени , разбрани и почитувани.

## Г. Начело на урамнотежен пристап

Водечко начело е урамнотежениот пристап помеѓу намалување на побарувачката на дрога ( НПД ) и намалувањето на снабдувањето со дрога ( НСД ). Урамнотежениот пристап се рефлектира во политиките за дрога кои се доследни и се дополнуваат, така што можат да се избегнат спротивните и можни несакани ефекти од овие политики за лицата и општеството. Во рамките на НПД неопходно е да се добие урамнотежен пристап помеѓу превенцијата на лица кои злоупотребуваат дрога, третманот , намалувањето на штети и социјалната помош.

## Д. Начело на приспособување кон потребите на различни целни групи

Ова начело го наложува развојот на ефикасни и крајно чувствителни програми за различни целни групи, дефинирани според возраст, род, култура, националност, етничка припадност итн. Во полето на превенција но , исто така , во полето на лечење, рехабилитација , социјално вклучување и намалување на штета.

## Ѓ. Начело на споделена одговорност и координиран пристап

Повеќестраните карактеристики на проблемите со користење на дрога Бараат ефективни, опширни и симуларни одговори преку координирани активности на повеќе нивоа врз основа на начелото на споделена одговорност. Ова бара вклучување на многу актери од областа на

здравството, социјалната помош, внатрешните работи, финансиите, одбраната и од различни делови на граѓанското општество и целокупната јавност.

### Е. Начело на достапност и економичност

Зголемено покритие и достапност на ефективни, економични и различно профилирани служби и програми насочени кон одговорност на проблемите со користење на дрога се овозможени преку процесот на дисеминација , согласно актуелните потреби , со едновремено вмрежување во еден национален систем и координација на активностите на хоризонтално и вертикално ниво.

## 2.Структура на националната стратегија за дрога

Националната стратегија за дрога се концентрира на две политички полиња , намалување на побарувањето и намалување на снабдувањето и на три попречни теми: координација и организација, меѓународна соработка и проценка, следење, информации и обука.

### Националната стратегија за дрога е структурирана на следниов начин:

***Општа цел***: општата цел ја одсликува целокупната ситуација во врска со справување на проблемот со дрога во Република Македонија, што треба да се постигне до крајот на периодот на спроведување 2012 година.

***Специфична цел***: целта која треба да се постигне до 2012 година во едно од петте специфични тематски полиња или теми кои се повлекуваат ***Достижна цел***: специфичната ситуација која треба да се реализира до 2012 година во врска со приоритетите кои придонесуваат кон достигнување на специфична цел.

***Акција*** : специфичните активности кои треба да се спроведат за да се постигне достижен резултат.

<table>
<tr><td colspan="2">1. Координација и организација</td></tr>
<tr><td>2. Намалување на побарувачката на дрога ( НПД )<br>* Превенција<br>* Третман<br>* Намалување на штети<br>* Социјална реинтеграција</td><td>3. Намалување на снабдувањето со дрога ( НСД )<br>* Криминал поврзан со дрога на високо ниво<br>* Трговија со дрога на високо ниво<br>* Борба против перење пари</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Проценка, следење, информации и обука</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Меѓународна соработка</td></tr>
</table>

## 2.Цели на стратегијата

### А.Општа цел

До крајот на спроведувањето на Националната стратегија за превенција од дрога (2006-2012) година , Република Македонија тежнее да изнајде ефективна рамнотежа меѓу своите политики за намалување на побарувачката, кои го поддржуваат намалувањето на користењето на дроги и намалувањето штети и политиките за намалување на побарувачката , кои го промовираат намалувањето на недозволената трговија со дрога, производство и организиран криминал на високо ниво поврзан со недозволени дроги. Уште повеќе , до 2012 година политиките за дрога во Република Македонија ќе се базираат врз доверливи и разбирливи информации кои ги задоволуваат европските и меѓународните стандарди за квалитет реализирани преку подобрување на капацитетите на умеење во развојот на политиките за дрога преку билатерална и мултилатерална меѓународна соработка и целосно учество во релевантни меѓународни организации.

## Б. Специфични цели

**Специфична цел 1**: КООРДИНАЦИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА

Постигнат е еден одржлив , мултидисциплинарен и урамнотежен период кон справување со проблемот на droги , поддржан од страна на соодветни механизми за координација на локално национално , регионално и меѓународно ниво.

**Специфична цел 2**: ДЕТАЛНА ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА НА ДРОГА ( ЛЕЧЕЊЕ, ПРЕВЕНЦИЈА, НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТИ, СОЦИЈАЛНА ПОМОШ, ВНИМАНИЕ ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ). Намалување на употреба на дроги , на инциденца на зависност од дрога и на социјални и здраствени штети поврзани со дрога се остварува преку акции во полето на превенција, лечење и социјална помош кои вбројуваат:

- Ефективни пристапни програми за спречување се направени и спроведени кои ја подигаат свеста на младите и на други ранливи групи во врска со ризиците од користење на недозволени дроги, алкохол, тутун и ризици од немедицинско користење на медикаменти.
- Ефективни , економични и достапни програми за лечење се реализирани кои овозможуваат интегрирана психосоцијална и фармаколошка грижа за корисници на дрога, според нивните потреби се идентификувани и спроведени.
- Во локалните заедници и во склоп на организациите и институциите во јавниот и приватниот сектор , користењето на дрога е спречено, здравствените и социјалните штети поврзани со дрога се намалени и социјалната реинтеграција на корисниците на дрога напреднала.

**Специфична цел 3:** ДЕТАЛНА ПОЛИТИКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО СО ДРОГА

Моќта ефективноста и степенот на знаење на организациите за спроведување на законот значајно е подобрена, преку јакнење на нивните

капацитети во справувањето со недозволеното производство и трговија со дрога во борба против дисперзијата на синтетички дроги и превенцијата на криминал поврзан со дрога кој финансира тероризам и овозможува перење пари.

**Специфична цел 4:** СЕОПФАТЕН СИСТЕМ ЗА ЛЕЧЕЊЕ , НАБЉУДУВАЊЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ПРОЦЕНУВАЊЕ

Факторите кои ја зголемуваат употребата на дрога и нејзиниот опсег последици , вклучувајќи го и проблемот на тие кои се специфични за дроги во Република Македонија, подобро се разбрани и се остварува измерливо и одржливо подобрување на квалитетот и опсегот на знаење и институционалните капацитети на научните и истражувачките институции и професионалци.

**Специфична цел 5 :** МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Република Македонија интензивно и на координиран начин зема учество во меѓународната соработка во полето на дроги и активно поддржува и зема учество во работата на релевантните меѓународни форуми и организации и на тој начин ги поддржува националните и меѓународните напори за контрола на дрога кои се засновани врз урамнотежен, исцрпен и мултидисциплинарен приод.

# 4. Националната стратегија за перење пари и финансирање на тероризмот во Република Македонија

## 1. УПРАВА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Централен орган во системот на спречување на перење пари и финансирање на тероризам е Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст Управа). Управата е следбеник на Дирекцијата за спречување на перење пари.

Дирекцијата е формирана во септември 2001 година, започува со работа на 01.03.2002 година, а во јануари 2008 година со стапување во сила на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, го трансформира својот статус и назив во Управата како орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.

Како административен тип на единица за финансиско разузнавање, Управата прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоците за перење пари и финансирање на тероризам добиени од субјектите. Согласно Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело (Службен весник на РМ бр. 04/08) Управата ги извршува следните надлежности:

- прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци до надлежните органи,
- прибавува финансиски, административни и други податоци и информации неопходни за извршување на своите надлежности,
- секогаш кога постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари или финансирање на тероризам, веднаш изготвува и поднесува извештај до надлежните државни органи (Министерството за внатрешни работи, Управата за Финансика Полиција или Јавно Обвинителство) кои одлучуваат за натамошните дејствија,
- издава писмен налог за привремено задржување на трансакцијата,
- поднесува барање за поднесување на предлог за определување на пивремени мерки до надлежниот јавен обвинител,
- поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд,
- соработува со субјектите и со надлежните институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против

- склучува меѓународни договори за соработка и разменува податоци и информации;

- врши надзор врз субјектите;

- покренува иницијативи за предлагање на закони и подзаконски акти,

- им помага и учествува во професионалното усовршување на одговорните лица,

- утврдува листи на индикатори за анализа на ризикот и за препознавање на сомнителни трансакции во соработка со субјектите и органите кои вршат надзор врз нивното работење и

- врши и други работи определени со овој закон.

Исполнувајќи ги своите надлежности Управата функционира како посредник меѓу субјектите кои превземаат мерки и дејствија и органите за надзор и институциите надлежни за гонење на сторителите на кривични дела.

За своето работење Управата одговара пред Владата на РМ и министерот за финансии, односно за исполнување на законските должности и постигнатите резултати. Управата еднаш годишно им доставува извештај за работите од својата надлежност со предлог план за работа за следната година. Овој извештај се објавува на интернет страната на Управата (www.usppft.gov.mk).

## 2. ПРЕДЛОГ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 1.Вовед

Перењето пари, најчесто дефинирано како сеопфатен и комплексен процес на прикривање на нелегално стекнатиот имот, како движењето на парите кон фондови наменети за поддршка на активности на терор или друг вид на загрозување на животот и сигурноста се препознати како глобална опасност која има свои негативни последици, како на економијата, така и на демократијата.

Република Македонија ги препознала овие проблеми и го поставила и континуирано го надградува системот за превенција, контрола и сузбивање на перење пари .

За целите на зајакнување на системот за спречување на перење пари беше подготвена и реализирана во периодот од 2005 до 2008 година Национална

стратегија за борба против перењето пари . Како последица на потребата за програмирање на реформирањето на системот за спречување на перење пари и како и за надминување на неговите недостатоци, подготвен е овој документ.

Националната Стратегија за спречување на перење пари (во понатамошниот текст Стратегијата) претставува стратешки документ кој ги утврдува сите елементи кои ќе го надградат системот за спречување на перење пари во Република Македонија.

Референтна основа за изготвување на оваа Стратегија се следните документи:

- Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија;
- Извештајот од третиот круг на евалуација на мерките за спречување на перење пари изговен од тимот на евалуатори на Moneyval Комитетот при Советот на Европа;
- Национална стратегија за спречување на перње пари 2005-2008;
- Стратешкиот план на Управата за спречување на перење пари 2009-2011 година.

Стратегијата е документ кој прецизно и јасно ги содржи целите кои се планира да се остварат на среден рок, ги рангира приоритетите и ги дефинира активностите кои потребно е да се реализираат.

### 1.1 Општа цел и мисија

Стратегијата има за цел да го дефинира од една страна системот за спречување на перење пари ,а од друга страна да го дефинира и предвиди начинот и активностите за надминување на утврдените слабости и недостатоци.

Се очекува по имплементацијата на оваа Стратегија, да функционира ефикасен систем на спречување на перење пари .

### 1.2 Институции вклучени во имплементација

Во имплементација на мерките и активностите од оваа Стратегија се вклучени: субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари органите на надзор, Управата за спречување на перење пари , државните органи надлежни за гонење на сторителите на кривични дела перење пари .

## 2. Систем за спречување на перење пари - *тековна состојба и недостатоци*

Во Република Македонија систематски е организиран одговорот перењето пари . Гледано и од превентивен и од репресивен аспект системот за борба противперењето пари е организиран во три сегменти.

### 2.1 Субјекти и Органи за вршење на надзор Систем за спречување за перење пари и во РМ Управа за спречување на перење пари

Субјекти , Други државни органи правни и физички лица Единици за финансиско разузнавање на други држави Органи за вршење надзор Истражни органи и судови

### 2.2 Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Централен орган во системот на спречување на перење пари и финансирање на тероризам е Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во понатамошниот текст Управа). Како административен тип на единица за финансиско разузнавање, Управата прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци за перење пари и финансирање на тероризам добиени од субјектите.

### 2.3 Државни органи надлежни за гонење на сторители на кривични дела

Надлежни органи за гонење на сторители на кривични дела за перење на пари во Република Македонија се Министерство за внатрешни работи, Финансиска полиција, Царинска Управа на Република Македонија и Јавно обвинителство.

### 2.4. *Министерство за правда*

Министерството за правда има посебна улога во системот за спречување на перење пари. Улогата и значењето на ова министерство произлегува од неговата надлежност да предлага закони од областа на казненото материјално и процесно право, да се грижи за обезбедување на општите услови за вршење на функцијата на јавното обвинителство, судството, јавниот правобранител и нотаријатот, да прибира статистички податоци за кривичните постапки, да врши

административна супервизија и друго. Во рамки на министерството функционира Секторот за меѓународна правна помош, со три одделенија кој има клучна улога во областа на меѓународната правна помош во која делува како централен орган.

Сопред Законот за кривична постапка министерството е одговорно за доставување на барањата на домашните судови за судска помош во кривични случаи до странските судови, како и за примање на странски писма со барања како и за проследувања до домашните судови.

***За исполнување на стандардите пропишани со Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал од 2000 година (Конвенциите од Палермо) и Конвенцијата на ОН против недозволената трговија со наркотични дроги ипсихотропни супстанции од 1988(Виенска Конвенција), како и на Меѓународна Конвенцијата на ОН за спречување на финансирање на тероризам од 1999 потребно е усогласување на релевалтните закони, одржувањето на ажурноста на сеопфатни статистичките податоци за меѓународна правна помош во кривични случаи на перење пари или финансирање на тероризам, формирање на фонд на одземени средства со претходно утвредни цели, отсуство аранжмани со други држави за координирање на активностите за одземање и запленување на имот и друго.***

**3. Цели на Стратегијата**

Со имплеметирање на мерките и активностите предвидени во оваа стратегија треба да се достигнат следните цели:

- ***Законската регулатива да биде хармонизирана со регулативата на Европската Унија и релевантните меѓународни стандарди за спречување на перење пари;***
- ***Институционална надградба;***
- ***Ефикасен систем на меѓуинституционална соработка;***
- ***Зајакнување на меѓународната соработка и***
- ***Подигање на јавната свест за неопходноста од преземање на мерките за спречување на перење пари***

# Библиографија


-**Арнаудовски , Љ.- Чачева , В.,** „ Затворено општество„ , Скопје , 2002 година

-**Aleksic , Z.**, „ Kriminalistika, Београд, 1990 година

-**Абадински, Х.** Мит ( (о) корупција ) , nocci, Загреб 2001 год.

-**Бакрески, О., „**Контрола на безбедносниот сектор„ Филозофски факултет Скопје, 2008 година

-**Батковски , Т.,** „ Перењето пари - криминолошко - криминалистички аспект, Безбедност, бр. 34/96

-**Бошковиќ, М**, Организовани криминалитет, Први део , Београд 2005 год.

-**Вилијамс, Ф.,** „ Перење пари „ , Безбедност бр. 4/97 2009 година

-**Витларов . Т**. , „Репресија и превенција на корупцијата „ Скопје , 2006 година

-**Георгиевски.П**. ,Методологија на истражување на општествените појави, Филозофски факултет, Балкански центар за проучување на мирот, Скопје, 1998 год.

-**Гоцевски . Т**., „Основи на системот на национална одбрана - четврто дополнително издание , Филозофски факултет , Скопје, 2006 година

-**Гоцевски**. **Т**. „ Современи тенденции на одбраната, Македонска ризница, 2003 година

-**Гоцевски**, **Т**., Современа тенденција на одбраната, Македонска ризница, Куманово 2002 година

-**Гоцевски, Т**., Колективна безбедност и одбрана на Македонија Просвета , Куманово 1994 година

-**Derencinovic D**., Mit ((0) , NOCCI, Zagreb 2001.

-**Нацев , З**., - Начевски , Р., „ Безбедност и националната одбрана , „ Македонска ризница , Куманово, 2001 година

-**Лајман Д. Мајкал** „ Организиран криминал„ четврто издание, Магор , Скопје , 2009 година

-**Потер В. Гари** „ Организиран криминал„ Магор , Скопје 2009 год.

-**Камбовски, В.,** „ Превенција и репресија на перењето пари„ , Охрид , 2001 година

-**Камбовски . В**. , „ Организиран криминал „ Скопје , 2005 година

- **Камбовски , В., - Петар Наумов** Корупција - најголемо зло и закана за правната држава, Скопје, 2002 година

- **Каранивиќ, М**.Појам тероризам, ЈРКК / 2007година, Београд

-**Котовчевски М**.„ Етиолошки карактеристики на транснационалниот организиран криминал и корупцијата и нивното влијание врз националната безбедност и транснационалната безбедност„ Скопје , 2009 година

-**Котовчевски М**.„ Разузнавањето - златен клуч во борба против тероризмот„ Годишен зборник на Филозофски факултет на универзитетот „ Св.„КИРИЛ И МЕТОДИЈ „ - Скопје, книга 57 , 2004 година Скопје

- **Котовчевски .М**. , „ , Националната безбедност на Република Македонија „ втори дел , Скпоје , 2000 година

- **Кралев**, Т., „Криминалистика „ Лексиконски курс (А-К) , Селектор, Скопје , 2007 година

- **Милески, Т**., „Еколошка безбедност„ Филозофски факултет Скопје, 2006 година

- Национална стратегија за дрога на Република Македонија, Министерство за здравство (2006-2012) година

- Национална стратегија за спречување на перење пари во Република Македонија (2008-2012) година

- Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија (2009-2012) година

- **Современа македонска одбрана** , Министерство за одбрана , број 18 , август 2009 година

-„**Глобализација , мир и безбедност**„ Современа македонска одбрана (вонреден број), Скопје, 2008 година

- **Закон за спречување на перење пари**, Министерство за финансии Влада на Р. Македонија

-**П. Аслимоски**, 2000, Општествена заштита на културното наследство, Охрид, 2007 година
-**Практикум** „ за борба против трговија со луѓе нелегална миграција„ ИОМ, Скопје 2005 година
-**Проевски , Ј.,** Закон за спречување на корупција„ Скопје, 2003 година
-**Проевски, Ј.,** , Кривичен законик на Република Македонија, Скопје, 1997 година
-**Рагип Хаљиљи** , Криминологија, Приштина , 2005 година
- **Службен Весник** на Р.М. бр. 46/04
- **Rankin, H.** (2008) The Golden Age of Piracy. New York : Holt, Rinehart&Winston
- **Република Македонија и ГРЕКО** на држави за борба против корупцијата , Фондација Институт отворено општество - Македонија
- **Ryan, P** (2009). Organized Crime. Santa Barbara, CA :ABC-CLIO
- **Славевски , Т.,** „ Организираниот криминал и корупцијата , економски аспекти , научен проект на Правниот факултет во Скопје 1996 година
- **Тасева , С.**, „ Перење пари и финансиски криминалитет , едукација Организиран криминал, Скопје 2002 година
- **Zerjav , C.** , „ Kriminalistika„ , Zagreb, 1986 година
- Македонска ревија и криминологија год. 7, бр.1-2, 2000
- ООН , Темелни документи , Скопје 1995 година
- ООН , Темелни документи, Скопје 2000 година
- Оперативна документација од од архивите на СВР- Скопје
- Оперативна документација од архивите на МВР на Република Македонија
-**Monteomeku** . J . , ( 2005) , „ Наводниот мит за мафијата „ , Седма мегународна конференција за антикорупција.
-**Lupsha Peter** , transnational Organsed Crime versus the Nation- State , Transnational Organized Crime, 2/1 , 2007 godina.
-**Stumper . A.** (1992) , Internacionale Kriminaliteta im Umbruch. Die Polizen , No , 7 Viesbaden

*Нормативен акт*

- Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија , Собрание на Република Македонија , Скопје 2003 година

*Интернет веб страни:*

- http:// www.globalsecurity.com
- http:// www.moi.gov.mk
- http:// www. transparency.org/cdi-bin/den-read.pl? cit ID=5164
- http://people . freenet.de/kvlampe
- http://www.crime.hku.hk
- http://www.organized-crime.de/
- http://www. onewal.com/maf
- http:// www.mvr.gov.mk